**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1120**

**Скопје, 30 март 2016 година**

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

Ул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**

**проф. д-р Велимир СТОЈКОВСКИ, ректор**

**Уредник на Билтенот: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска - Цветановска**

Бр. ___________

_5.8. 2013_

Скопје

**Предмет: Материјали за Билтенот за објавување на веб-страницата на УКиМ**

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања, рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа, прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми, рецензиите на учебници и учебни помагала, како и рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". По објавување на материјалите на веб-страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во **електронска форма**.

Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт **Georgia**. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со корегирани знаци во италик формата за македонските букви '***g***', '***ū***', '***ш̄***', '***т̄***' може да се добие во компјутерскиот центар на УКиМ на барање на факултетот. Исто така, таму може да се добие софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач кога работи под Windows XP оперативниот систем при притискање на копчето '`' во македонска поддршка да се добие знакот '**ѐ**', а при притискање на копчето '~' во македонска поддршка да се добие знакот '**ѝ**'.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на веб-страницата, ве молиме, рефератите откако ќе бидат лекторирани, да ја доставите оригиналната верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија да ја доставите на e-mail адресата: t.basevski@ukim.edu.mk (so mali bukvi).

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број, туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе ја добиеме бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**Проректор**

**Проф. д-р Коле Василевски**

Изготвил:Т.Б.

Одобрил:К.М.

**Содржина на Билтен број 1120 од 30 март 2016 година**

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**


1. Рецензија на ракописот **Финансиски менаџмент** од авторот **проф. д-р Сашо Арсов,** пријавен на Економскиот факултет во Скопје.......................................8-14
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје **(Магдалена Ѓошевска, Гоце Божиновски, Емилија Коцареска, Панде Темелковски, Симона Тодоровска, Никола Ивановски, Јулијана Ристеска, Ангела Николова, Стефан Стојчевски, Ален Калач, Санида Абдурамановска, Невена Џинлева, Симона Миленковиќ, Владо Цекиќ, Надица Крстевска, Марија Петковска, Коста Михајлов)**.......................................................................................15-17


**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**


1. Реферат за избор на асистенти-докторанди по предметот дерматовенерологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Ивана Дохчева Карајованов)**....18-19
2. Реферат за избор на асистент-докторанд по предметот психијатрија и медицинска психологија со радиотерапија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Александар Ристески)**............................................................................20-22
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Варијации на инсулинемија и гликемија кај хируршки болни кои предоперативно примаат инфузија со аминокиселини** изработена од **Марија Јовановски-Срцева,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје...............................................23-26
4. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Генетски предиктори на стабилниот вирусолошки одговор при третманот на хепатит ц вирусната инфекција кај хемодијализните пациенти со пегелиран интерферон** од **м-р Павлина Џекова Видимлиски,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје...........................................................27-32
5. **Приговор** на Рефератот за избор на два наставника во сите звања по предметот хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1119 од 15.3.2016 година, поднесен од **н. сор. д-р Катерина Касапинова**.............33-34
6. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на два наставника во сите звања по предметот хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1119 од 15.3.2016 година.....................................35
7. **Приговор** на Рефератот за избор на два наставника во сите звања по предметот хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1119 од 15.3.2016 година, поднесен од **н. сор. д-р Реџеп Сељмани**..........................36-37
8. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на два наставника во сите звања по предметот хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1119 од 15.3.2016 година....................................38


**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**


1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Правните последици од неисполнувањето на договорните обврски кај договорот за меѓународна продажба на стоки** од **м-р Фатон Шабани,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје............................................93-48

## ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ


1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(Александра Стеваноска, Стојан Манолев, Ардијана Исахи, Надица Трајковска)**.........................................................49-50
2. Преглед на прифатени теми за изработка на специјалистички труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(Нада Шумантева)**......................................51


## ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА


1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Влијанието на фолијарното ѓубрење врз приносот и квалитетот кај сортите винова лоза – кардинал и афус али** од **м-р Христина Попоска** пријавена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.....................................................................52-62
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(Дејан Мицов, Васко Манев, Даниела Дамјаноска, Даниела Богојевска)**.....................................................................63


## ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ


3. Рецензија на ракописот **Џудо методика** од авторите **Жарко Костовски** и **Горан Мицковски,** пријавен на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје...........................................................................................64-72


## ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО


1. РеФерат за избор во звањето асистент-докторанд од областа информатика и компјутерско инженерство на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерсво во Скопје нзија **(м-р Бојан Илијоски)**................73-78


## ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ


1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Вреднување на постигањата на учениците во основното образование** од **м-р Беса Догани,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје................................................................79-83
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Слободните активности на учениците од средното образование** од **м-р Беса Хавзиу,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.....................................................................84-90


## ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“


1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Компаративна поетика на модерните танцови стилови на 20 век во Европа** од м-р **Рисима Рисимкин,** пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје...........................................................................................................91-97
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Оптативот и адмиративот во албанскиот јазик и нивните преводни еквиваленти во македонскиот јазик** од м-р **Исмаил Хамити,** пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.......................................................................................98-103
3. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(Ана Азеска, Наташа Максимовска, Ѓорѓи Ристески, Павлина Коталеска, Анастасија Апостоловска, Надица Метулева, Давор Јанкулоски, Фуркан Садики, Сабит Ибрахим, Сумејје Ајдин)**......................................................................................104-105


## ИНСТИТУТ ЗА ДУХОВНО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО НА АЛБАНЦИТЕ


1. Реферат за избор на асистент – истражувач во Институтот за духовно и културно наследство на Албанците во Скопје **(м-р Муртезан Идризи)**..................106-108

**ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Македонски визуелен идентитет: дизајнот како можност за еволуција на традициите од визуелното културно наследство** од **м-р Гордана Вренцоска,** пријавена на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје..............................109-122

**ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за македонска литература во Скопје **(Нада Андоновска, Антонио Геговски)**.....................................................................................................123

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Реферат за избор на виш научен соработник – вонреден професор во Институтот за национална историја во Скопје **(д-р Лидија Ѓурковска)**.....................124-130

**ИНСТИТУТ ЗА СТОЧАРСТВО**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина): болести на риби, пчели и дивеч на Институтот за сточарство во Скопје **(д-р Александар Цветковиќ)**................................131-168

**РЕЦЕНЗИЈА**

**НА РАКОПИСОТ ,,ФИНАНСИСКИ МЕНАЏМЕНТ“ ОД**

**АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р САШО АРСОВ**

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје бр.0202-1360/3, донесена на 17.6.2015 година, определен сум за рецензент на ракописот за учебник по предметот **финансиски менаџмент**, изготвен од наставникот проф. д-р Сашо Арсов. Во врска со тоа, ви го доставувам следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Трудот под наслов ,,Финансиски менаџмент” од авторот проф. д-р Сашо Арсов претставува второ издание од учебник за истоимениот предмет на Економскиот факултет при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”. Проф. д-р Сашо Арсов е наставник на овој предмет. По исцрпувањето на претходното издание, но особено поради потребата да се внесат измени и дополнувања, кои ќе се приспособат со новите трендови во оваа област, но и по стекнатото искуство во наставата, проф. Арсов пристапил кон изготвување на второ иновирано издание на учебникот. Учебникот, според структурата, опфатот и начинот на презентирањето на материјата, е усогласен со пристапите за пишување учебник на реномирани автори од познати универзитети во светот.

Учебникот е напишан доследно според наставната програма на Економскиот факултет во Скопје која, пак, е усогласена со програмите по истата дисциплина од најпознатите универзитети во светот. Всушност, се работи за концепт на наставна програма, која, може да се рече, е веќе стандардизирана како наставна материја на универзитетите во светот.

Ракописот се состои од текстови распоредени во шест дела и 16 глави распоредени во шест дела. На крајот на секоја глава се дадени и прашања за размислување и задачи. На крајот се наоѓа и посебен прилог на литература со внимателно одбрани единици.

За да се добие увид во содржината на трудот, ги наведувам насловите на одделните делови и глави:

Прв дел – Вовед и основни концепти на финансискиот менаџмент, со следните поглавја:

Глава 1 Вовед во финансискиот менаџмент

Глава 2 Осврт кон финансиските извештаи

Глава 3 Финансиска анализа

Глава 4 Финансиско планирање

Глава 5 Временска вредност на парите

Втор дел – Долгорочно финансиско одлучување, со следните глави:

Глава 6 Оценка на ефикасноста на капиталните вложувања

Глава 7 Долгорочно финансирање

Глава 8 Вреднување на долгорочни хартии од вредност

Глава 9 Принос, ризик и основни концепти на портфолио менаџментот

Глава 10 Хибридни хартии од вредност и финансиски деривативи

Трет дел – Краткорочни финансиски одлуки, со поглавјата:

Глава 11 Управување со обртните средства

Глава 12 Краткорочно финансирање

Четврти дел – Оптимализација на структурата на капиталот, со поглавјата:

Глава 13 Цена (трошок)на капиталот

Глава 14 Структура на капиталот

Петти дел - Дивидендна политика, со следново поглавје:

Глава 15 Дивидендна политика

Шести дел, посебни подрачја во финансискиот менаџмент, со следново поглавје:

Глава 16 Спојувања, преземања и други облици на преструктурирање

Приложени се и:

Решенија на задачите од крајот на секоја глава

Литература.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Од приложениот ракопис за рецензија може да се констатира дека содржината на книгата е успешно конципираната со цел да се изучи базното ниво на финансискиот менаџмент. Всушност, од увидот што го направивме во повеќе учебници од оваа област, согледав дека учебниците од финансиски менаџмент на најпознатите универзитети во светот имаат стандардизирана структура според поглавјата. И во ова второ издание авторот, д-р Сашо Арсов, ја почитува веќе создадената практика и се држи до

препознатливата структура на учебниците во светот. Тоа е елемент, кој треба да се земе предвид како особено позитивна карактеристика на овој учебник што придонесува за особено за лесно комуницирање со материјата во разни други учебници од оваа област. Исто така, поради стандардизираната содржина, студентите имаат можност за едноставен трансфер на кредитните поени во рамките на Кредит-трансфер системот, кој го практикуваат универзитетите.

Во однос на претходното издание, второво издание содржи значајни подобрувања. Авторот, по стекнатото искуство во наставата, извршил целосна редакција на текстовите и осовременување на материјата со консултирање на најновата литература од оваа област, бројни научни и стручни трудови, како и со тековни информации од финансиската област. Речиси во секоја глава, одредени делови од материјата се дообјаснети, на начин кој е поприфатлив за студентите, што е резултат на искуството на авторот од употребата на претходното издание и согледаните проблеми на студентите да разберат одредени концепти. Сите изнесени примери во претходното издание сега се заменети со нови, современи, додадени се објаснувања, а задачите кои се изнесени по главите се дополнети со нови. Имено, во многу места во него се направени поврзувања со примери од практиката, а по секоја глава се дадени задачи за самостојна работа на студентите. На одредени места се направени интервенции во однос на минатото издание кои се резултат на настанатите технолошки промени и примената на нови техники и решенија во финансискиот менаџмент. Решенијата, пак, за сите поставени задачи, се дадени во прилог на книгата. Составувањето на разновидните проблемски задачи значително ги зголемило напорите на авторот за составувањето на ова, второ, издание, но од друга страна, тоа го збогатува учебникот и го прави, покрај учебник, практично да биде употреблива книга за разјаснување на најразлични методолошки проблеми за аналитичари од практиката кои разгледуваат разни прашања од областа на финансискиот менаџмент. Составените задачи, на крајот на секоја глава, се добро осмислени, а дел од нив се проверувани во текот на наставата, преку тестовите, вежбите и испитите. Презентираните резултати на задачите се внимателно проверени и се точни. Воедно, сите согледани технички и печатни грешки од првото издание се коригирани.

Секоја од главите е внимателно структурирана според обемот и длабината на обработката на материјата и особено е внимавано дека се работи за примарно ниво на тежина на материјата, односно поради тоа што трудот е учебник за прв циклус студии. Со цел да се олесни изучувањето на наставната материја на прв циклус студии, одделни точки од текстот на првото издание се издвоени во вид на прилози кон соодветните поглавја, со што се нагласува нивната намена само за одредени студиски групи. Авторот стекнал значајно искуство во наставниот процес на овој предмет, најнапред како асистент, потоа како доцент и вонреден професор на истиот предмет, но исто така, и од практична работа на повеќе проекти, од апликативни трудови со аналитички карактер кои ги објавил од оваа област и успеал умешно да го вгради стекнатите сознанија во во овој учебник.

Со внимателно читање на содржината доаѓам до сознание дека материјата во сите глави, не само што е урамнотежена, туку секаде е презентирана со висока

умешност, со ист методолошки пристап, со ист редослед на обработка на проблематиката – почнувајќи од елементарните поими, па до објаснувања на посложените методолошки проблеми. Авторот веќе изградил свој препознатлив стил на презентација на обработената материја, со кој успева да направи текстот да биде лесно разбирлив за студентите, па дури и кога станува збор и за посложените методолошки проблеми. Трудот, поради карактерот на материјата, обилува со математски формули, но сите се коректно изнесени, добро објаснети, со прифатливи стандардизирани симболи, што го олеснува следењето на поврзани прашања кои се јавуваат во различните поглавја.

За подготовката на учебникот авторот д-р Сашо Арсов морал да проучи голем број учебници по финансиски менаџмент од најреномираните автори во светот објавени на англиски јазик, но и друга поширока друга стручна литература поврзана со прашањата кои се елаборираат во книгата. Со увид во приложениот список на користена литература констатиравме дека се користени најрелевантни извори, што е уште една гаранција за квалитетот и на книгата. Исто така, на повеќе места во книгата авторот користи податоци од Македонската берза, податоци за акционерски друштва, кои по обработката ги користи како подлога за разни аспекти на финансиската анализа. Со тоа го прави учебникот да добие и практична вредност за анализа на прашања од финансискиот менаџмент. Би споменал уште дека покрај тоа што текстот има карактер на учебник, книгава ќе биде особено добро дојдена за користење и во пошироката јавност, пред сè кај финансиските аналитичари и менаџери во претријатијата, но и пошироко.

Синтезно изнесено, длабоко сум уверен дека се работи за солиден универзитетски учебник, добро одмерен според опфатот и обемот на материјата, но едновремено и од солиден автор на полето на финансискиот менаџмент кој го спои теориското, наставното и практичното искуство и создаде квалитетно дело.

**ПРЕДЛОГ**

Имајќи ги предвид изнесените оцени за квалитетот на трудот и карактерот на трудот - учебник, кој според структурата, обемот и нивото на обработката на материјата е приспособен на наставната програма по предметот финансиски менаџмент, со целосна убеденост предлагам извештајов за трудот на проф. д-р Сашо Арсов, со наслов ,,Финансиски менаџмент" да се прифати од Наставно-научниот совет и со особено задоволство препорачувам да се одобри објавување на второто издание како постојан учебник по предметот финансиски менаџмент.

Рецензент

Проф. д-р Методија Несторовски с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**

**НА РАКОПИСОТ „ФИНАНСИСКИ МЕНАЏМЕНТ“ ОД**

**АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р САШО АРСОВ**

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје бр.0202-1360/3, донесена на 17.6.2015 година, определен сум за рецензент на ракописот за учебник по предметот финансиски менаџмент, изготвен од наставникот проф. д-р Сашо Арсов. Во врска со тоа, ви го доставувам следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Поднесениот труд за рецензирање, под наслов “Финансиски менаџмент”, второ издание, е подготвен со намена да послужи како учебник по истоимениот предмет. Ова издание доаѓа поради фактот што претходното издание е исцрпено, но и поради согледаната потреба одредени делови од материјата да се осовременат, да се дополнат или да се збогатат. Овие промени се очигледен плод на повеќегодишното искуство на авторот како предметен наставник и употребата на претходниот учебник, но и резултат на неговото следење на оваа проблематика, а посебно на трендовите на полето на наставата по Финансиски менаџмент кои се евидентни денес во светот

Во тој правец, трудов е конципиран така што тој во целост одговара на структурата на предметот финансиски менаџмент. Глобално, трудот е структуриран во шест делови, кои понатаму се расчленети на 16 глави. По секоја глава се дадени и прашања за повторување, како и задачи за самостојна проверка на стекнатите сознанија од страна на студентите и останатите корисници на учебникот. Користената литература опфаќа 63 библиографски единици.

Материјата изложена во трудот е распоредена во следниве делови и поглавја:

*Прв дел: Вовед и основни концепти на финансискиот менаџмент*

Глава 1: Вовед во финансискиот менаџмент

Глава 2: Осврт кон финансиските извештаи

Глава 3: Финансиска анализа

Глава 4: Финансиско планирање

Глава 5: Временска вредност на парите

*Втор дел: Долгорочно финансиско одлучување*

Глава 6: Оценка на ефикасноста на капиталните вложувања

Глава 7: Долгорочно финансирање

Глава 8: Вреднување на долгорочни хартии од вредност

Глава 9: Принос, ризик и основни концепти на портфолио менаџментот

Глава 10: Хибридни хартии од вредност и финансиски деривативи

*Трет дел : Краткорочни финансиски одлуки*

Глава 11: Управување со обртните средства

Глава 12: Краткорочно финансирање

*Четврти дел: Оптимализација на структурата на капиталот*

Глава 13: Цена (трошок) на капиталот

Глава 14: Структура на капиталот

*Петти дел: Дивидендна политика*

Глава 15: Дивидендна политика

*Шести дел: Посебни подрачја во финансискиот менаџмент*

Глава 16: Спојувања, преземања и други облици на преструктурирање

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Структурата на доставениот ракопис за рецензија покажува дека тој генерално не отстапува од неговото прво издание, што е и разбирливо, ако се има предвид дека учебникот ја следи структурата на најрелевантните дела од оваа област, кои се користат на еминентните универзитети низ светот. Таквата структура ја исполнува целта на авторот: да подготви книга која ќе го покрие недостатокот од учебник по соодветниот предмет до кој дојде откако тиражот на претходниот учебник беше целосно потрошен, да одговори на потребите на студентите за изучување на наставната материја на начин приспособен на нивните можности и претходни знаења, како и преку начинот на изложување на материјата учебникот да се доближи до современите светски практики и трендови на тоа поле.

Преку читање на материјата на учебникот може да се заклучи дека авторот умешно го користи стекнатото искуство во наставата, со цел да се задржи на нивото потребно за студентите на основно, додипломско ниво. Тоа е направено преку концизни објаснувања, без прешироко детализирање, со користење на бројни примери и илустрации од реалниот свет на финансиите.

Во учебникот се содржани неколку значајни новини и подобрувања. Прво, сите примери од практиката се заменети со нови, со цел на студентите да им се направат достапни најновите случувања од светот на корпоративните финансии. Второ, во секоја глава се направени подобрувања на објеснувањата во деловите за кои авторот од

искуство сфатил дека им создаваат проблеми на студентите. Понатаму, делови од главите се издвоени како прилози, веројатно затоа што станува збор за материја која повеќе одговара за студентите што сакаат да стекнат попродлабочени знаења. Прашањата и задачите на крајот на секое поглавје се иновирани и дополнети. Нивната намена е да му овозможат на читателот да направи куса сопствена проверка на степенот до кој се совладани изнесените содржини. Поради тоа, на крајот на учебникот се дадени и решенијата на овие задачи, со што студентите добиваат вредно помошно средство во совладувањето на испитната материја.

Од увидот во користената литература се гледа дека авторот ја консултира и умешно ја користи најрелевантната меѓународна литература од оваа област. Во неа се поместени поголем број книги кои се користат во наставата по финансиски менаџмент на престижните светски универзитети, но и за голем број статии објавени во последните неколку години во еминенти списанија од областа на финансиите, со што се настојува понудената материја да се осовремени преку опфаќање на некои современи гледишта и емпириски анализи на одделни појави и процеси. Имајќи ја предвид атрактивноста на областа на која ѝ припаѓа учебникот и нејзината широка примена, реално може да се очекува тој да биде користен и од страна на една поширока популација, надвор од универзитетот, т.е. во деловната заедница, од страна на лицата чијашто работа ја допира проблематиката на управувањето со финансиите, во помала или поголема мера.

Врз основа на сето што е погоре наведено, може да се каже дека понудениот ракопис претставува текст на солиден универзитетски учебник, кој, според опфатената материја, стилот и начинот на нејзино изложување, како и дополнителните елементи целосно ги задоволува на стандардите за квалитет на наставните материјали кои преовладуваат во нашата земја, па и пошироко.

**П Р Е Д Л О Г**

По внимателното и детално читање на поднесениот текст, сметам дека трудот ,,Финансиски менаџмент", второ издание, од проф. д-р Сашо Арсов, според својата структура, комплексноста и начинот на презентирање на материјата и приспособеноста кон наставната програма, ги исполнува условите да биде прифатен како учебник по предметот финансиски менаџмент, поради што и му препорачувам на Наставно-научниот совет да го одобри неговото објавување како постојан учебник по овој предмет.

Рецензент

Проф. д-р Михаил Петковски с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**

**НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Магдалена Ѓошевска | „Глобални платни системи во електронскиот бизнис и нивната примена во Република Македонија" | „Global payment systems in the electronic business and their implementation in Macedonia" | проф. д-р Сашо Јосимовски | 28.03.2016 /02-518/4 |
| 2. | Гоце Божиновски | „Електронското плаќање како фактор за развој на електронската трговија" | „Electronic payment as a factor for the development of e-commerce" | проф. д-р Сашо Јосимовски | 28.03.2016 /02-518/5 |
| 3. | Емилија Коцареска | „Анализа во функција на откривање измами во финансиските извештаи" | „ Analysis for the purpose of revealing frauds in financial statements" | проф. д-р Зоран Миновски | 28.03.2016 /02-518/6 |
| 4. | Мајда Качар | „Етичките дилеми на менаџерите во претпријатието" | „Ethical dilemmas of the managers in the enterprise" | проф. д-р Бобек Шуклев | 28.03.2016 /02-518/7 |
| 5. | Панде Темелковски | „Организациска структура на франшизни бизниси за автомобили" | „Organizational structure of franchize businesses for automobiles" | проф. д-р Бобек Шуклев | 28.03.2016 /02-518/8 |
| 6. | Симона Тодоровска | „Навиките на менаџерите во Република Македонија" | „The habits of the managers in the Republic of Macedonia" | проф. д-р Благоја Ѓорѓијовски | 28.03.2016 /02-518/9 |
| 7. | Никола Ивановски | „Грешките на менаџерите при донесување одлуки" | „ Decision-making mistakes of the managers" | проф. д-р Бобек Шуклев | 28.03.2016 /02-518/10 |
| 8. | Јулијана Ристеска | „Банкарската регулација и финансиската глобализација" | „Banking regulation and financial globalization" | проф. д-р Михаил Петковски | 28.03.2016 /02-518/11 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 9. | Ангела Николова | „Ефектите на странските директни инвестиции преку технолошко-индустриските развојни зони врз македонската економија" | „The effects of foreign direct investments in the technological-industrial development zones on the macedonian economy" | проф. д-р Владимир Филиповски | 28.03.2016 /02-518/12 |
| 10. | Стефан Стојчевски | „Принос на ризично пондерирана актива (roRWA) како основа за нов пристап во управувањето со банките" | „Return on risk weighted assets (roRWA) as a basis for new approach in the management of banks" | доц. д-р Ѓорѓи Гоцков | 28.03.2016 /02-518/13 |
| 11. | Ален Калач | „Перформансите на македонската берза во периодот 2005-2015: компаративна анализа со одбрани земји од Југоситочна Европа" | „The performance of the macedonian stock exchange during 2005-2015: a comparative analysis with selected Southeast European countries" | проф. д-р Михаил Петковски | 28.03.2016 /02-518/14 |
| 12. | Санида Абдурамано вска | „Исламското банкарство и неговата примена во европските земји" | „Islamic banking and its implementation in european countries" | доц. д-р Ѓорѓи Гоцков | 28.03.2016 /02-518/15 |
| 13. | Невена Цинлева | Влијанието на барањата и поплаките од клиентите врз стратегијата на банките и штедилниците" | „The influence of the customers' requests and complaints on the strategies of banks and savings houses" | доц. д-р Кирил Јовановски | 28.03.2016 /02-518/16 |
| 14. | Симона Миленковиќ | „Модели на осигурување на депозити – случајот на Република Македонија" | „Models of deposit insurance – the case of the Republic of Macedonia" | доц. д-р Ѓорѓи Гоцков | 28.03.2016 /02-518/17 |
| 15. | Владо Цекиќ | „Оценка на ранливоста на европската економија преку индикаторите за рано предупредување и процедурата за прекумерен буџетски дефицит" | „Assesment of vulnerability of the european economy through early warning indicators and excessive deficit procedure" | доц. д-р Ѓорѓи Гоцков | 28.03.2016 /02-518/18 |
| 16. | Надица Крстевска | „Управување со ризикот на ликвидноста во банките во Македонија" | „Banking liquidity risk management in Macedonian banks" | доц. д-р Кирил Јовановски | 28.03.2016 /02-518/19 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 17. | Марија Петковска | „Влијанието на банкарскиот сектор врз финансиската развиеност во Република Македонија" | „The impact of the banking sector on the financial development in the Republic of Macedonia" | доц. д-р Елена Наумовска | 28.03.2016 /02-518/20 |
| 18. | Коста Михајлов | „Политиките за стабилност и раст во Европската Унија и предизвиците на Република Македонија" | „Policies for stability and growth in the European Union and the challenges of the Republic of Macedonia" | доц. д-р Ѓорѓи Гоцков | 28.03.2016 /02-518/21 |

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО НА АСИСТЕНТИ-ДОКТОРАНДИ ПО

ПРЕДМЕТОТ ДЕРМАТОВЕНЕРОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија), број 35/08 , 103/08 , 26/09 , 99/09 , 115 /10 , 17/11 , 51/11 , 123/12 , 15/13 , 41/14 , 116/14 , 10/15 и 20/15 ) , а во врска со членовите 9, 42, 46 и 48 од Правилникот за критериумите и постапката за избор на наставно-научни, научни, наставно–стручни и соработнички звања и асистенти–докторанти на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.274/13), Наставно–научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата редовна XV седница согласно со конкурсот објавен на 3.2.2016 година во дневните весници ,,Утрински весник“, ,,Дневник“ и ,,Коха” и согласно Одлуката на Наставно-научниот совет, формира рецезентска комисија за избор на 5 асистенти–докторанди по предметот ДЕРМАТОВЕНЕРОЛОГИЈА, во состав: проф. д-р Весна Гривчева-Пановска, редовен професор на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Медицински факултет – Скопје, проф. д-р Сузана Николовска, вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Медицински факултет - Скопје и доц. д-р Катерина Дамевска, доцент на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Медицински факултет – Скопје како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на асистенти–докторанди по предметот ДЕРМАТОВЕНЕРОЛОГИЈА, во предвидениот рок се пријави д-р Ивана Дохчева Карајованов.

Биографски податоци

Родена е на 21.12.1984 во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје, со одличен успех. Студиите на Медицинскиот факултет ги завршила во Скопје, во 2011 година, со среден успех 9,00. Стручен испит за лекари положила во Скопје, 2011 година, кога се стекнала со лиценца за работа. Во 2015 година го положила специјалистичкиот испит по дерматовенерологија. Во 2015 година се вработила на Универзитетската клиника за дерматологија. Поседува Cambridge Certificate of Preliminary English Test. Запишува докторски студии во Скопје.

Стручна активност

Активно е вклучена во редовната стручна рутинска дејност како лекар-специјалист дерматовенеролог на одделите на Клиниката. Активно е вклучена во супспецијалистичката амбуланта за ангиологија, СТИ, детска дерматологија, општа дерматологија.

Членства во здруженија и асоцијации:

- Македонско лекарско друштво;

- Здружение на Дерматовенеролозите на Македонија;

- Лекарска комора на Македонија.

Активно се служи со англискиот јазик и германскиот јазик, а ги познава и шпанскиот и италијанскиот јазик. Има солидно познавање од компјутерското работење и користење на MS (Microsoft Word, Microsoft Exel, Microsoft Power Point) и интернет.

ЗАКЛУЧОК

По разгледувањето на приложените документи и материјали на конкурсот за избор на асистент по предметот дерматовенерологија, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката успешно и со голема одговорност пристапува кон работните задачи, совесно ги завршува задолженијата и покажува интерес, амбициозен и темелен пристап кон научноистражувачкиот процес. На Рецензентската комисија ѝ претставува посебна чест и задоволство да ја предложи кандидатката д-р Ивана Дохчева Карајованов, до Наставно–научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, за избор во звањето асистент-докторанд по предметот дерматовенерологија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Весна Гривчева-Пановска с.р.

Проф. д-р Сузана Николовска с.р.

Доц. д-р Катерина Дамевска с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ-ДОКТОРАНД ПО ПРЕДМЕТОТ ПСИХИЈАТРИЈА И МЕДИЦИНСКА ПСИХОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Утрински весник“, „Дневник“ и „Коха“ од 2.2.2016 година, за избор на асистенти-докторанди по предметот психијатрија и медицинска психологија, Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата XV редовна седница одржана на 22.2.2016 година, донесе решение (број 02-627/30), за формирање на Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Антони Новотни, проф. д-р Бранислав Стефановски и проф.д-р Димитар Боневски.

На објавениот конкурс за избор на асистенти-докторанди по предметот психијатрија и медицинска психологија, во предвидениот рок се пријави д-р Александар Ристески.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

## I. Д-Р АЛЕКСАНДАР РИСТЕСКИ

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Д-р Александар Ристески е роден на 5.11.1983 година во Скопје, Република Македонија. Основно образование завршил во ОУ ,,Христијан Тодоровски-Карпош”, а средно образование во ДСУ Орце Николов во Скопје со континуиран одличен успех. На 8.10.2008година дипломирал на Медицинскиот факултет во Скопје со просек 8,85, а на 7.11.2014 го положил специјалистичкиот испит по психијатрија со одличен успех. Од октомври 2015 година е студент на трет циклус – докторски студии на студиската програма: медицина, потпрограма: клиничка медицина.

Одлично говори и пишува англиски јазик, а своето познавање го потврдува со положен Кембриџ-тест за Б2-ниво организиран од страна на Британскиот совет во Скопје во јули 2015 година. Со овој резултат се стекнува со Кембриџ-сертификат за познавање на англискиот јазик на ниво Б2 според Common European Framework of Reference for Languages (CEFRL).

Од 27.10.2014 работи на Универзитетската клиника за психијатрија во Скопје, на Одделот за анксиозни и со стрес поврзани растројства. Се едуцира

преку следење на обуки во земјата и надвор од неа преку различни предавања и практични обуки од областа на психијатријата.

## Едукативна дејност

Во текот на последните две години д-р Ристески е активно вклучен во практичната настава по психијатрија преку држење на вежби на студенти по стоматологија, како и на изборниот предмет медицинска психопатологија на студенти од Факултетот за драмски уметности во Скопје. Во изведувањето на наставата покажува темелност, исполнителност и креативност.

## Научноистражувачка дејност

Д-р Александар Ристески е активно вклучен во научноистражувачката работа на Клиниката во која работи. Има објавено неколку печатени трудови како автор и како коавтор. На меѓународни конгреси има презентирано 3 други трудови. Учествувал на 9 симпозиуми и работилници во земјата и надвор од неа.

За овој избор ги пријави следниве трудови:

1. **Risteski A**., Risteski P., Naumov F., Novotni A. Водечки симптоми кај пациенти со Посттрауматско стресно растројство: Наши искуства, Универзитетска клиника за психијатрија, Воено-медицински центар-Скопје. Меѓународна психијатриска конференција: “Стрес и анксиозни растројства низ различни животни фази”, октомври 2015
2. Bajraktarov S. Novotni A., Pejoska Gerazova V., Miceva Veli;kovska E., Filipovska A., Naumov F., **Risteski A**. Дисфункционални бихејвиорални обрасци како ризик-фактори кај анксиозно депресивно растројство, Универзитетска клиника за психијатрија. Меѓународна психијатриска конференција: ,,Стрес и анксиозни растројства низ различни животни фази”, октомври 2015.
3. ХРОНИЧНИ СОМАТСКИ БОЛЕСТИ И ДЕПРЕСИЈА, Савеска М., Олумчев Н., **Ристески А**., Костовски, Д., Црцеска С.,ГОБ „8-ми Септември“ –Скопје. V-TH MACEDONIAN PSYCHIATRIC CONGRESS AND INTERNATIONAL MEETING, Мај 2013
4. ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ: ПСИХОЗА КАЈ ЛИЦЕ НА МЕТАДОНСКИ ТРЕТМАН Црцевска С., Костовски Д. **Ристески А**. Олумчев Н. ЈЗУ ГОБ “8-ми Септември” Скопје, Оддел: Психијатрија со одд. за третман на зависности V-TH MACEDONIAN PSYCHIATRIC CONGRESS AND INTERNATIONAL MEETING, мај 2013.
5. ПТСР И АЛКОХОЛИЗАМ ВО СЕМЕЈСТВОТО Савеска М., Олумчев Н., **Ристески А**., Костовски Д., Црцеска С. ГОБ „8-ми септември“-Скопје V-TH MACEDONIAN PSYCHIATRIC CONGRESS AND INTERNATIONAL MEETING, мај 2013.
6. ДЕКЛАРИРАНА „РЕЗИСТЕНТНОСТ“ ПРИ ТРЕТМАНОТ НА ДЕПРЕСИВНИ РАСТРОЈСТВА Олумчев Н., Савеска М., **Ристески А**., Костовски Д., Црцевска С. Оддел за психијатрија, ГОБ „8-ми септември“ –Скопје. V-TH MACEDONIAN PSYCHIATRIC CONGRESS AND INTERNATIONAL MEETING, мај 2013.
7. ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ СО МАНИФЕСТИРАНА СИМПТОМАТОЛОГИЈА КАКО РЕЗУЛТАТ НА ТОКСИЧНИ ЕФЕКТИ ОД ТЕРАПИЈА СО ЛИТИУМ Олумчев Н., Савеска М., **Ристески А**., Костовски Д. ГОБ „8-ми Септември“ Скопје. V-TH

MACEDONIAN PSYCHIATRIC CONGRESS AND INTERNATIONAL MEETING, мај 2013.

## Стручно-апликатива дејност: публикации (книги)

Д-р Ристески, исто така, има дадено придонес во преводи и стручно редактирање на книги од обласста на психијатријата и тоа:

1. Сеопфатен учебник по психијатрија по Каплан и Садок, Табернакул, 2012, Том 1.
   Kaplan and Sadock's Comprehensive textbook od Psychiatry Volume 1, 8th Edition by Lippincott Williams and Wilkins.
2. Сеопфатен учебник по психијатрија по Каплан и Садок, Табернакул, 2012, Том 2.
   Kaplan and Sadock's Comprehensive textbook od Psychiatry Volume 2, 8th Edition by Lippincott Williams and Wilkins.

### Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Александар Ристески.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Александар Ристески поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето асистент-докторанд по предметот психијатрија и медицинска психологија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Александар Ристески да биде избран во звањето **асистент-докторанд** по предметот психијатрија и медицинска психологија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Антони Новотни, с.р.**
2. **Проф. д-р Бранислав Стефановски, с.р.**
3. **Проф. д-р Димитар Боневски, с.р.**

**РЕЦЕНЗИЈА**
**За ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕТРАЦИЈА**
**„ВАРИЈАЦИИ НА ИНСУЛИНЕМИЈА И ГЛИКЕМИЈА КАЈ ХИРУРШКИ БОЛНИ КОИ ПРЕДОПЕРАТИВНО ПРИМААТ ИНФУЗИЈА СО АМИНОКИСЕЛИНИ",**
**изработена од кандидатката Марија Јовановски-Срцева, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје**

Согласно со членот 63 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 14/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15), членот 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и член 61 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.245/13), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при УКИМ, на XV работна седница одржана на 22.02.2015 година, а по предлог на Советот на III циклус – докторски студии донесе Одлука за формирање на Комисијата за оцена на докторска дисертација.
Комисијата во состав: проф. д-р Зорка Николова-Тодорова, проф. д-р Марија Шољакова, проф. д-р Татјана Миленковиќ, проф. д-р Александар Чапароски и проф. д-р Милка Здравковска, ја разгледа завршената докторска дисертација изработена од кандидатката Марија Јовановски-Срцева со наслов: *Варијации на инсулинемија и гликемија кај хируршки болни кои предоперативно примаат инфузија со аминокиселини* и го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### МИСЛЕЊЕ ЗА ОДДЕЛНИ ДЕЛОВИ НА ДОКТОРСКАТА ДЕСЕРТАЦИЈА

Членовите на Рецензентската комисија го разгледаа доставениот материјал на докторската дисертација со наслов: *Варијации на инсулинемија и гликемија кај хируршки болни кои предоперативно примаат инфузија со аминокиселини* и по меѓусебни консултации го поднесуваат своето мислење за поедини делови на трудот.

Докторскиот труд е презентиран на 143 страници и содржи 146 референци, на релевантна литература. Во прилогот ги содржи листите за информирана согласност и формулар за собирање на податоците.

Трудот содржи: вовед, цел на истражувањето, материјал и методи, резултати, дискусија и заклучоци и препораки. На крајот е приложена библиографија на користената литаратура. Начинот на пишување на кандидатката е јасен и концизен и овозможува лесно следење и разбирливост на текстот.

Воведот содржи соодветни податоци од литературата за одговорот на хормонската оска хипофиза-хипоталамус-симпатички нервен систем на оперативната траума како и за зголеменото ниво на антиинсулогените хормони и последователните метаболички промени, кои ја промовираат хипергликемијата и инсулинската резистенција кај хируршките пациенти. Истовремено е посочено и предоперативното гладување (со цел да се намали ризикот од пулмонална аспирација) како фактор кој доведува до промена на односот инсулин/глукагон, кој може дополнително да го потенцира стрес- одговорот на траума. Во воведот се јасно прикажани ендокрините последици на стресот поврзани со анестезијата и оперативната траума, особено во однос на дисфункцијата на гликорегулаторниот одговор како последици на варијациите на инсулинемијата и влијанието на антиинсулогените хормони. Гликорегулацијата е опширно обработена од аспект на предоперативното гладување, болката, појавата на хипотермија, видот на анестезијата и оперативната траума.

Како посебно важно, од клинички аспект на проблемот се разгледани влијанието на нутритивната поддршка со аминокиселини врз варијациите на гликемијата и инсулинимијата, како и инсулинската резистенција. Истовремено се цитирани и податоци од литературата за инсулинската резистенција кај пациенти кои предоперативно добивале глукоза како нутритиент и други кои внесувале аминокиселини.

Мотивот е поставен врз основа на цитираните податоци од студии во кои се истражувани причините за варијации на нивото на инсулинот, инсулинската резистенција и дисрегулацијата, но притоа останало отворено прашањето како тие да се намалат и контролираат. Имајќи ја предвид физиолошката основа за директната поврзаност на исхраната со инсулинската секреција, се наметнала идејата за важноста на нутрицијата во пероперативниот период. Од тие причини, дилемите за важноста на нутритивната поддршка се актуелно и отворено поле за истражување особено поради недоволниот број студии кои даваат одговор на ова комплексно прашање или, пак, имаат сигурни препораки. Истовремено е објаснето дека местото на нутритивната поддршка кај хируршките пациенти главно е резервирано за постоперативниот период, а предоперативно само за одделни болести и состојби. Како дополнителен мотив за истражувањето е пероперативната терапија со течности и можниот инсулотропен ефект на различни видови течности.

Целите произлезени од мотивот се јасни и адекватно поставени. Да се анализира „влијанието на предоперативната промена на состојбата од гладна во нахранета“ со калориски внес од аминокиселини врз нивото на гликемијата, инсулинемијата и инсулинската резистенција.

Во делот „Материјал и метод“, јасно и прецизно е дефиниран изборот на пациентите преку критериуми за вклучување и исклучување од студијата. Јасно и опширно се опишани постапките кои се однесуваат на методологијата на работа. Детално се опишани лабораториските методи за определување на концентрацијата на инсулин, концентрацијата на C-

пептидот и концентрацијата на гликемијата, како и методот за пресметување на инсулинската сензитивност ХОМА (Homeostasis model assessment). Поставената динамика и временските точки за следење на параметрите: на гладно - за селектирање на пациентите, на денот на интервенцијата, по истечената инфузија и постоперативно (по 24 часа), според основните сознанија од приложената литература одговара на поставените цели.

Резултатите од статистичката обработка се прикажани во 81 табела и 79 графикони, јасно поделени според параметарските карактеристики и динамиката на нивното следење. Употребените статистички операции се соодветно избрани и применети со што даваат релевантни резултати за поставените цели.

Дискусијата е прецизна и многу богата со податоци од литературата. За посебно одбележување е логичната и опширна анализа на причините, последиците, како и заемната поврзаност на промените на следените параметри, што е особено важно кога станува збор за комплексноста на гликорегулација. Сите добиени резултати се елаборирани од физиолошки и патофизиолошки аспект и се споредувани со наоди од цитираната литература. Впечатливо и карактеристично е што кандидатката во дискусијата навлегува во анализа и дава одговори и на прашања кои не се поставени во целите. Тоа ја збогатува дискусијата и на трудот му дава едукативен карактер, а истовремено отвора прашања и носи идеи за читателите, особено за оние што се заинтересирани за оваа проблематика.

Изведените заклучоци се логични и даваат одговор на поставените цели. Посебно за одбележување се препораките, кои произлегуваат од добиените резултати. За издвојување и од посебно значење се обработката на инсулинската резистенција и споредбата на добиените резултати со резултатите од други рандомизирани студии. Во тој правец, овој труд има голема важност за клиничката практика.

Според добиените резултати, нивната анализа и споредба со резултати од релевантно цитираната литература изведени се квалитетни заклучоци. Заклучоците целосно даваат одговор на зададените цели и, пред се, дека инфузијата со аминокиселини кај хируршките пациенти овозможува подобар гликометаболички одговор. Придонесот на овој труд е во правец на докажување на предоперативна примена со аминокиселини кај хируршките пациенти.

## ЗАКЛУЧОК

Комисијата врз основа на приложениот материјал од пријавениот докторски труд со наслов: *Варијации на инсулинемија и гликемија кај хируршки болни кои предоперативно примаат инфузија со аминокиселини* од ас. д-р Марија Јовановски-Срцева оценува дека станува збор за актуелен проблем кој има голема практична важност. Комисијата смета дека темата ги задоволува принципите на научна работа и ги содржи сите неопходни и потребни елементи на пишан научен труд. Комисијата ПОЗИТИВНО ја оценува докторската десертација од ас. д-р Марија Јовановски-Срцева со наслов: *Варијации на инсулинемија и гликемија кај хируршки болни кои предоперативно примаат инфузија со аминокиселини,* и има чест да му предложи на Советот на студиската програма по медицина да ја прифати и одобри оваа позитивна рецензија и да ја спроведе понатамошната постапка за нејзина одбрана.

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Марија Шољакова, с.р.

2. Проф. д-р Зорка Николова-Тодорова, с.р.

3. Проф. д-р Александар Чапароски, с.р.

4. Проф д-р Татјана Миленковиќ, с.р.

5. Проф д-р Милка Здравковска, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ГЕНЕТСКИ ПРЕДИКТОРИ НА СТАБИЛНИОТ ВИРУСОЛОШКИ ОДГОВОР ПРИ ТРЕТМАНОТ НА ХЕПАТИТ Ц ВИРУСНАТА ИНФЕКЦИЈА КАЈ ХЕМОДИЈАЛИЗНИТЕ ПАЦИЕНТИ СО ПЕГЕЛИРАН ИНТЕРФЕРОН" ОД М-Р ПАВЛИНА ЦЕКОВА ВИДИМЛИСКИ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

**Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на XV работна седница одржана на 22.2.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторска дисертација на кандидатката м-р Павлина Цекова Видимлиски со наслов „Генетски предиктори на стабилниот вирусолошки одговор при третманот на хепатит Ц вирусната инфекција кај хемодијализните пациенти со пегелиран интерферон", во состав: проф. д-р Ладислава Грчевска (претседател), проф. д-р Викторија Чалоска Иванова (член) и проф. д-р Нинослав Ивановски (член).**

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Павлина Цекова Видимлиски, со наслов "Генетски предиктори на стабилниот вирусолошки одговор при третманот на хепатит Ц вирусната инфекција кај хемодијализните пациенти со пегелиран интерферон", содржи 66 страници компјутерски обработен текст во фонт Georgia во македонска поддршка, со 1,5 линии проред и големина на букви 12, 173 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи и меѓународни акти. Трудот е структуриран во 8 глави. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања и теоретската рамка на

истражувањето. Кандидатката дава детален опис на вирусот на хепатит Ц, клиничката слика, дијагнозата и третманот на хепатит Ц вирусната инфекција, особено кај пациентите на хемодијализа, како и на досегашните сознанија за генетските предиктори на терапевтскиот одговор при третманот на хроничниот хепатит Ц. Генетски студии утврдиле постоење на асоцијација помеѓу генетските полиморфизми (rs12979860, rs8099917 и rs12980275) во близина на генот за интерлеукин 28Б (ИЛ28Б) и терапевтскиот одговор при третманот на хроничниот хепатит Ц со стандардна антивирусна терапија. Во воведот следува опис на окултниот хепатит Ц како еден поинаков патолошки ентитет во споредба со хроничниот хепатит Ц. Окултниот хепатит Ц претставува потенцијален ризик за нозокомијална трансмисија на вирусот во дијализните центри и воедно ризик за повторување на инфекцијата после трансплантација на бубрег кај пациенти со постигната елиминација на вирусот на хепатит Ц со антивирусна терапија. Целите на истражувањето се јасно дефинирани: утврдување дали постои асоцијација помеѓу единечните нуклеотидни полиморфизми во близина на генот за ИЛ28Б и терапевтскиот одговор при третманот на хроничниот хепатит Ц кај пациенти на хемодијализа и пациенти без бубрежна болест, и да се испита дали перзистира окултен хепатит Ц кај пациентите со терапевтска елиминација на вирусот на хепатит Ц, со употреба на дијагностички тестови со многу ниско ниво на детекција на виремија.

Во главата **Пациенти и методи** е даден детален опис на испитаничката група на пациенти и користените методи и статистички анализи во истражувањето. Генотипизација на трите единечни нуклеотидни полиморфизми во близина на генот за ИЛ28Б: rs12979860, rs8099917 и rs12980275 е направена кај 100 пациенти со хроничен хепатит Ц, претходно лекувани со стандардна антивирусна терапија. Испитаничката група е составена од пациенти на хемодијализа лекувани само со пегилиран интерферон и пациенти без бубрежна болест лекувани со пегилиран интерферон и рибавирин. Сите испитаници го завршиле антивирусниот третман најмалку 6 месеци пред вклучувањето во истражувањето. Одржливиот или стабилниот вирусолошки одговор, дефиниран како отсуство на вирусниот геном во серумот, 24 недели после завршувањето со антивирусниот третман, е тестиран со дијагностички тест со ниско ниво на детекција на виремијата (20 IU/ml). Постоењето на окултен хепатит Ц, вирусен геном во периферните крвни мононуклеарни клетки и плазмата, кај пациентите со стабилен вирусолошки одговор е испитано со користење на високосензитивни дијагностички тестови за детекција на мал број вирусни копии (2 IU/ml).

Во главата **Резултати** се претставени резултатите од истражувањето, структуирани во табели и графикони со дополнителна детална анализа. Резултатите од истражувањето покажуваат постигнување на стабилен вирусолошки одговор кај 56% од сите испитаници со хроничен хепатит Ц, претходно лекувани со стандардна антивирусна терапија. Трите полиморфизми во близина на генот за ИЛ28Б (rs12979860, rs8099917 и rs12980275) се асоцирани

со постигнувањето на стабилен вирусолошки одговор (п= 0,006, п=0,002, п=0,007, соодветно) кај сите испитаници со хроничен хепатит Ц лекувани со антивирусна терапија. Стабилен вирусолошки одговор е постигнат кај 46,4% од пациентите на хемодијализа и полиморфизмите во близина на генот за ИЛ28Б претставуваат предиктори на терапевтскиот одговор при третманот хроничниот хепатит Ц кај хемодијализните пациенти со пегилиран интерферон. Стабилен вирусолошки одговор е постигнат кај 59,7% од пациентите без бубрежна болест и полиморфизмите во близина на генот за ИЛ28Б исто така претставуваат предиктори на терапевтскиот одговор при третманот хроничниот хепатит Ц кај пациентите без бубрежна болест со двојна антивирусна терапија. Со користење на високосензитивни дијагностички тестови за детекција на мал број вирусни копии, вирусниот геном не е детектиран во периферните крвни мононуклеарни клетки и плазмата на испитуваните пациенти со терапевски индуцирана елиминација на вирусот на хепатит Ц, т.е. не е докажано присуство на окултен хепатит Ц.

**Во главата** Дискусија **се дискутира за можноста за применување на персонализирано лекување на хроничниот хепатит Ц со користење на полиморфизмите во близина на генот за ИЛ28Б како генетски предиктори на терапевтскиот одговор. Полиморфизмите во близина на генот за ИЛ28Б укажуваат на веројатноста за постигнување на стабилен вирусолошки одговор при третманот на хроничниот хепатит Ц со стандарна антивирусна терапија. Во истражувањето за прв пат е утврдено постоењето на асоцијација помеѓу трите полиморфизмите во близина на генот за ИЛ28Б и терапевтскиот одговор кај пациентите на хемодијализа со хроничен хепатит Ц, лекувани со пегелиран интерферон. Не се детектира перзиситирање на окултен хепатит Ц кај пациентите со претходна терапевски индуцирана елиминација на вирусот на хепатит Ц со користењето на високосензитивни дијагностички тестови за детекција на мал број вирусни копии (2 IU/ml) во плазмата и периферните мононуклеарни клетки. Клиничкото значење на окултниот хепатит Ц е можноста за појава на релапс на инфекцијата со хепатит Ц, неколку недели до неколку години после постигнат терапевски одговор.**

Во **заклучните согледувања** се нагласува дека единечните нуклеотидни полиморфизмите во близина на генот за ИЛ28Б претставуваат генетски предиктори на стабилниот вирусолошки одговор при третманот на хроничниот хепатит Ц кај испитаниците во студијата. Воедно се нагласува потребата од имплементацијата на дијагностички тестови со висока сензитивност во секојдневна клиничка практикз за ефикасен пристап при дијагнозата на хепатит Ц вирусната инфекција и нејзиното перзистирање.

Предмет на истражување

- **Генетски предиктори на стабилниот вирусолошки одговор при третманот на хепатит Ц вирусната инфекција кај хемодијализните пациенти со пегелиран интерферон.**

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

- **Во истражувањето за прв пат е утврдено постоењето на асоцијација помеѓу трите полиморфизми во близина на генот за ИЛ28Б и терапевтскиот одговор кај пациентите на хемодијализа со хроничен хепатит Ц, лекувани со пегелиран интерферон.**

Краток опис на применетите методи

Детекцијата на хепатит Ц вирусот (вирусниот геном) во плазма на испитаниците е изведен со тестот на реверзна транскриптаза со полимеразна верижна реакција (RT-PCR). Квантификацијата на вирусните копии е направена со Real-TM Quant (Sacace Biotechnologies, Италија) на Stratagene MX3005P real-time PCR system (Agilent Technologies, Велика Британија) во согласност со упатствата на производителот. Нивото на детекција на тестот 20 IU/ml. За генотипизација на полиморфизмите во близина на генот за ИЛ28Б се изолира геномската дезоксирибонуклеинската киселина (ДНК) од периферните крвни мононуклерани клетки на испитаниците во студијата. Периферните крвни мононуклеарни клетки (ПКМК) беа изолирани со центрифугирање со користење на Histopaque-1077 (Sigma-Aldrich, Германија). Геномска ДНК е изолирана од ПКМК хомогенизирани во Tri Reagent Solution (Ambion, САД) во согласност со упатствата на производителот. Геномската ДНК е генотипизирана за трите ИЛ28Б полиморфизми: rs8099917, rs12979860 и rs12980275 со TaqMan predesigned SNP тест (reference C_11710096_10, Applied Biosystems) според препораките на производителот. Сите примероци на плазма во кои не се детектира вирусниот геном со користење на Real-TM Quant (Sacace Biotechnologies, Италија) со ниво на детекција од 20IU/ml, повторно се анализираа со QIAmp UltraSens Virus kit (Qiagen, Германија), со цел да се направи ултрасензитивна детекција на вирусниот геном во плазмата со ниво на детекција од 2 IU/ml. Воедно е направена ултрасензитивна детекција на вирусниот геном во периферните крвни мононуклеарни клетки со ниво на детекција од 2 IU/ml кај испитаниците во чии примероци на плазма не се детектира вирусниот геном со користење на дијагностички тест до ниво на детекција 20IU/ml.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Павлина Цекова Видимлиски со наслов „Генетски предиктори на стабилниот вирусолошки одговор при третманот на хепатит Ц вирусната инфекција кај хемодијализните пациенти со пегелиран интерферон", претставува истражување во нефрологијата. Со изработката на темата на оваа докторска дисертација се очекува да се постигне применување на персонализирано лекување на хроничниот хепатит Ц со користење на полиморфизмите во близина на генот за ИЛ28Б како генетски предиктори на терапевтскиот одговор.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Павлина Цекова Видимлиски со наслов „Генетски предиктори на стабилниот вирусолошки одговор при третманот на хепатит Ц вирусната инфекција кај хемодијализните пациенти со пегелиран интерферон", според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

**Кандидатката пред одбраната на докторскиот труд ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:**

**[1]. Автори: Dzekova-Vidimliski P, Nikolov IG, Matevska-Geshkovska N, Mena S, Rostaing L, Dimovski A, Sikole A. Single nucleotide polymorphisms near IL28B gene and response to treatment of chronic hepatitis C in hemodialysis patients., објавен: Renal Failure 2015 Aug;37(7):1180-1184. (PubMed, IF 0.944)**

[2]. Автори: Dzekova-Vidimliski P, Nikolov IG, Matevska-Geshkovska N, Boyanova Y, Nikolova N, Romanciuc G, Dumitrascu D, Caloska-Ivanova V, Joksimovic N, Antonov K, Mateva L, Rostaing L, Dimovski A, Sikole A. Genetic predictors of the response to the treatment of hepatitis C virus infection., објавен: Bosnian Journal of Basic Medical Sciences 2015 Nov12;15(4):55-59. (PubMed, IF 0.599)

**[3]. Автори: Vidimliski PD, Nikolov I, Geshkovska NM, Dimovski A, Rostaing L, Sikole A. Review: Occult hepatitis C virus infection: still remains a controversy. , објавен:Journal of Medical Virology 2014 Sep; 86(9):1491-1498. (PubMed, IF 2.347)**

**[4]. Автори: Dzekova-Vidimliski P, Nikolov IG, Matevska-Geshkovska N, Boyanova Y, Nikolova N, Antonov K, Mateva L, Dimovski A, Rostaing L, Sikole A. Search for the presence of occult hepatitis C in patients with treatment-induced viral clearance using an ultrasensitive assay., објавен: Serbian Archives of Medicine 2016; No of article: 105/15 (PubMed, IF 0.233)**

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главни научни придонеси на кандидатката се: можноста за користење на полиморфизмите во близина на генот за ИЛ28Б за персонализирана медицина при третманот на хроничниот хепатит Ц со стандардна антивирусна терапија и назнаката за неопходноста од имплементацијата на дијагностички тестови со висока сензитивност во секојдневната клиничка практика за ефикасен пристап кон дијагнозата на хепатит Ц вирусната инфекција и нејзиното перзистирање.

**Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката** м-р Павлина Џекова Видимлиски со наслов „Генетски предиктори на стабилниот вирусолошки одговор при третманот на хепатит Ц вирусната инфекција кај хемодијализните пациенти со пегелиран интерферон".

**Резензентската комисија позитивно ја оценува докторската дисертација и му предлага на Наставно-научниот совет при Медицинскиот факултет да ја проследи во понатамошна постапка за одбрана.**

**Рецензентска комисија:**

Проф. д-р Ладислава Грчевска, с.р.

Проф. д-р Викторија Чалоска Иванова, с.р.

Проф. д-р Нинослав Ивановски, с.р.

До

НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА

МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО

СКОПЈЕ

**ПРИГОВОР**

Во врска со одлуката на Рецензентската комисија за предлогот за избор во звањето ДОЦЕНТ по предметот хирургија објавена во Билтенот бр. 1119 од 15.3.2016 година, според конкурсот објавен во весниците „Дневник" и „Утрински весник" на 2.2.2016 година за избор во наставно-научни и научни звања и асистенти-докторанди на Медицинскиот факултет во Скопје, а согласно со членовите 52 и 132 од Законт за високото образование на РМ и во согласност со член 51 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, го доставувам следниов Приговор.

Според јасно изнесеното во Рефератот евидентно е дека севкупната активност на пријавените кандидати според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје Комисијата ја бодувала вака:

Н.сор. д-р Катерина Касапинова = 588,14

Н.сор. д-р Христијан Костов = 537,79

Н.сор. д-р Светозар Антовиќ = 397,8

Н.сор. д-р Ристо Чоланчески = 187

Н.сор. д-р Скендер Саиди = 574,03

Н.сор. д-р Боро Џонов = 289,92

Н.сор. д-р Реџеп Сељмани = 621,64

Н.сор. д-р Лазо Новески = 225,06

Во Рефератот објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 1119 од 15.3.2016, Комисијата позитивно ја вреднувала и оценила дејноста на сите наведени кандидати, но **не дала образложение врз основа на кои критериуми ги избрала двата кандидата кои ги предложила за избор во звањето ДОЦЕНТ.**

Ја молам Рецензентската комисија за образложение според кои критериуми проценила дека кандидатите н.сор.д-р Христијан Костов и н.сор.д-р Светозар Антовиќ треба да бидат предложени за избор во звањето ДОЦЕНТ кога е евидентна разликата во бодовите кои ја оценуваат севкупната активност т.е. предложените кандидати имаат помалку бодови од моите. Без прецизно образложение за изборот, а со приложени бодови кои не ги почитува, очигледно е дека Комисијата фаворизира одредени кандидати. При предлогот за избор комисијата не ги почитувала вредностите на кандидатите согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Подносител на приговорот

Н.сор.д-р Катерина Касапинова, с.р.

До Наставно-научниот совет на

Медицинскиот факултет во Скопје

ОДГОВОР НА ПРИГОВОРОТ

Поднесен од страна на н.сор.д-р Катерина Касапинова во врска со заклучокот на Реферaтот за избор на два наставника во сите звања по предметот хирургија, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1119 од 15.3.2016 година

Рецензентската комисија го разгледа Приговорот на заклучокот на Рефератот за избор на два наставника во сите звања по предметот хирургија, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1119 од 15.3.2016 година, поднесен од страна на н.сор.д-р Катерина Касапинова, и го дава слениов одговор:

Рецензентската комисија во текот на изготвувањето на заклучокот на Рефератот за избор на два наставника во сите звања по предметот хирургија во целост се придржуваше до сите одредби предвидени со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 274/13).

Сметаме дека нема повреда во постапката на избор на два наставника во сите звања по предметот хирургија. Затоа го одбиваме Приговорот на н.сор.д-р Катерина Касапинова како неоснован и воедно Рецензентската комисија ГО ПОТВРДУВА ЗАКЛУЧОКОТ ОД РЕФЕРАТОТ објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1119 од 15.3.2016 година, и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му предлага н.сор.д-р Христијан Костов и н.сор.д-р Светозар Антовиќ да бидат избрани во звањето ДОЦЕНТ по предметот хирургија.

**Членови на Рецензентската комисија**

**Проф.д-р Никола Јанкуловски с.р.**

**Проф.д-р Горан Кондов с.р.**

**Доц.д-р Оливер Станков с.р.**

**Доц.д-р Елизабета Мирчевска Жоговска с.р.**

**Доц.д-р Симон Трпески с.р.**

**До**

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје**

**Медицински факултет – Скопје**

**Рецензентска комисија, претседател: проф.д-р Н.Јанкуловски**

**Наставно-научен совет**

**ПРЕДМЕТ:** Приговор на објавениот Реферат за избор на двајца наставници во сите звања по предметот хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 1119 од 15.3.2016.

**ПОДНОСИТЕЛ:** н.сор.д-р Реџеп Сељмани д-р сци.

Рецензентската комисија во состав: проф.д-р Никола Јанкуловски, проф.д-р Горан Кондов, доц.д-р Оливер Станков, доц.д-р Елизабета Мирчевска Жоговска и доц.д-р Симон Трпески, поднесе реферат за сите пријавени кандидати на конкурсот за избор во наставно-научни и научни звања објавен во дневните весници „Утрински весник“, „Дневник“ и „Коха“ на ден 2.2.2016 г. за избор во наставно-научно звање по предметот хирургија, при што тој содржи евалуација на поднесените пријави и прилози кон нив и вкупни поени за професионалните референци на кандидатите, со предлог до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, н.сор.д-р Христијан Костов и н.сор.д-р Светозар Антовиќ да бидат избрани во звањето доцент по предметот хирургија.

Благовремено поднесувам Приговор на Референтот на Рецензентската комисија, сметајќи дека тој не е во согласност со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, донесен од Универзитетскиот сенат на 26.12.2013 г., поради следново:

Сметам дека предлогот на Рецензентската комисија за избор во наставно-научното звање доцент е даден спротивно на чл. 9 од цитираниот Правилник **согласно со кој изборот во наставно-научни звања се врши според условите и критериумите** утврдени со закон, Правилникот и Анекс бр. 1 на Правилникот.

Од изнесеното, му предлагам на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, да го разгледа и уважи Приговорот како основан и темелен на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Подносител на Приговорот

**Н.сор.д-р Реџеп Сељмани д-р сци.**

До Наставно-научниот совет на

Медицинскиот факултет во Скопје

ОДГОВОР НА ПРИГОВОР

Поднесен од страна на н.сор.д-р Рецеп Сељмани во врска со заклучокот на Референтот за избор на два наставника во сите звања по предметот хирургија, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", бр. 1119 од 15.3.2016 година.

Рецензентската комисија го разгледа Приговорот на заклучокот на Рефератот за избор на два наставника во сите звања по предметот хирургија, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", бр. 1119 од 15.3.2016 година поднесен од страна на н.сор.д-р Рецеп Сељмани и го дава следниов одговор:

Рецензентската комисија во текот на изготвувањето на заклучокот на Рефератот за избор на два наставника во сите звања по предметот хирургија во целост се придржуваше до сите одредби предвидени со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 274/13).

Сметаме дека нема повреда во постапката за избор на два наставника во сите звања по предметот хирургија и постапено е согласно со член 9 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-нучни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Затоа го одбиваме Приговорот на н.сор.д-р Рецеп Сељмани како неоснован и воедно Рецензентската комисија ГО ПОТВРДУВА ЗАКЛУЧОКОТ ОД РЕФЕРАТОТ објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје 1119 од 15.3.2016 година, и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му предлага н.сор.д-р Христијан Костов и н.сор.д-р Светозар Антовиќ да бидат избрани во звањето ДОЦЕНТ по предметот хирургија.

**Членови на Рецензентската комисија**

**Проф.д-р Никола Јанкуловски с.р.**

**Проф.д-р Горан Кондов с.р.**

**Доц.д-р Оливер Станков с.р.**

**Доц.д-р Елизабета Мирчевска Жоговска с.р.**

**Доц.д-р Симон Трпески с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРАВНИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД НЕИСПОЛНУВАЊЕТО НА ДОГОВОРНИТЕ ОБВРСКИ КАЈ ДОГОВОРОТ ЗА МЕЃУНАРОДНА ПРОДАЖБА НА СТОКИ“ ОД М-Р ФАТОН ШАБАНИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на седницата одржана на 26.8.2015 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Фатон Шабани со наслов „Правните последици од неисполнувањето на договорните обврски кај договорот за меѓународна продажба на стоки“, во состав: проф. д-р Гале Галев (претседател), проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска (ментор), проф. д-р Горан Коевски (член) , проф. д-р Татјана Зороска Камиловска (член) и доц. д-р Ненад Гавриловиќ (член). Наставно-научниот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на седницата одржана на 30.11.2015 донесе одлука доц. д-р Ненад Гавриловиќ да не биде член на Комисијата и го избра проф. д-р Осман Кадриу за член на Комисијата.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ му го поднесува следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

#### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Фатон Шабани, со наслов „Правните последици од неисполнувањето на договорните обврски кај договорот за меѓународна продажба на стоки“, содржи 416 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 lines проред и големина на букви 12, со 929 фусноти, 300 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во VI глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатот укажува дека со користењето на различните меѓународни извори за уредувањето на продажбата на стоки во меѓународниот промет на стоки и услуги, сепак страните во договорот за продажба имаат слични правни средства за заштита на своите права и дека контроверзите што се јавуваат во споровите кои се водат пред судовите и арбитражите произлегуваат од недореченоста на одделни правни норми во меѓународните извори, како и од комбинирањето на решенијата типични за common law и civil law системите во ист меѓународен извор.

Кандидатот во секоја од главите ја запазува истата концепција: ги анализира одредбите за одредената проблематика, поврзани со насловот на соодветната глава, во меѓународни извори, и тоа, во Конвенција на Обединетите нации за договорите за меѓународна продажба на стоки (во понатамошниот текст: Виенската конвенција), Начела на UNIDROIT за меѓународните трговски договори од 2010 година (во понатамошниот текст Начелата на UNIDROIT (2010)) Начелата на европското договорно право, и Предлог- регулативата на Европскиот парламент и на Советот за заедничкото европско право за продажба (во понатамошниот текст: Предлог - регулативата). Потоа, кандидатот презентира и анализира судска практика и дава определени

споредбеноправни теориски мислења, како и свое видување за состојбите во однос на прашањето кое го истражува во вид на заклучоци за секоја соодветна глава.

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена „Општо за правните средства во меѓународните акти“. Во оваа глава, кандидатот ги определува поимот и концептот на „правното средство“ - дефинирајќи ги можностите што им стојат на договорните страни или на едната страна, во случај на повреда на договорот за меѓународна продажба на стоки, како што се предвидени во меѓународните извори што се предмет на непосредната анализа, и тоа во Виенската конвенција, Начелата на UNIDROIT (2010) и во Начелата на европското договорно право. Кандидатот ги анализира и прашањата што се однесуваат на можноста за кумулирање и промена на правните средства. Во завршните согледувања на оваа глава, кандидатот заклучува дека изборот на правни средства, редоследот по кои страните можат да одат во изборот и можноста за кумулација се норми на меѓународните извори што предизвикуваат најмногу контроверзи во судската практика. Кандидатот, исто така, заклучува дека нејаснотиите и контроверзите во практиката произлегуваат и од фактот што меѓународните извори за правото за продажба не ја одразуваат единствено вообичаената трговската практика, туку тие претставуваат и еден вид на компромис помеѓу *common law* и *civil law* системите.

Во **втората глава** насловена како „Правни средства кои имаат за цел зачувување на исполнувањето“, кандидатот ги анализира правните средства кои се групирани под име „правни средства кои имаат за цел зачувување на исполнувањето“. Имајќи предвид дека главна цел на меѓународните акти е да се задржи во сила договорот колку што е можно повеќе, кандидатот констатира дека токму оваа група правни средства најмногу се насочени во поглед на остварување на начелото favor contractus. Според кандидатот, овие средства се три на број и тоа: право на исполнување, право на поправање на исполнувањето и право на намалување на цената. Правото на исполнување, според Виенската конвенција, е претставено одделно, како право на купувачот и продавачот. Притоа, кандидатот врши анализа и на состојбите на користењето несоодветни правни средства и ограничување на правото на страните да бараат исполнување. Според кандидатот тоа се околности кои го ограничуваат правото на исполнување и за двете страни. Од друга страна, Начелата на UNIDROIT (2010) и Начелата на европското договорно право прават разлика меѓу правото на извршување на парични и непарични обврски, а со тоа и го следат примерот на правните системи на *common law*. Во поглед на правото на поправање на исполнувањето, кандидатот во оваа глава заклучува дека нема многу разлика меѓу Виенската конвенција и двата пакета начела. Така, се разгледуваат известувањето и условите што треба да бидат исполнети, преку кои се известува другата страна за поправката, но и за условот дека поправањето треба да биде соодветно, односно да не предизвика неразумни непогодности за другата страна. Втората глава се заокружува со анализа на правното средство за намалување на цената. Анализата на ова средство почнува со разграничување на средството за намалување на цената од другите средства. Во Виенската конвенција, кандидатот воочува дека особено значајни се нормите, кои што се однесуваат на условите за примена на намалување на цената, начинот на пресметување на намалувањето на цената и последиците од таквото применување низ судската практика. Според кандидатот, слични решенија се содржани и во Начелата на европското договорно право, додека Начелата на UNIDROIT (2010) не го предвидуваат ова средство. Ограничувањето на раскинувањето, како што се именува во Виенската конвенција, Начелата на UNIDROIT (2010) и Начелата на европското договорно право, само во случаи на битна повреда, за кандидатот е доволен доказ дека главна цел на овие меѓународни договори е одржување на договорот во сила. Во случаите кога повредата е, барем на почетокот, небитна, на страните им се дава можност да бараат надомест на штета, намалување на цената на стоките, поправка на недостатокот/несообразноста, одредување

дополнителен рок за исполнување или замена на несообразните со сообразни стоки. Целта е јасна, да се поправи договорот земајќи ги предвид новите околности, а не да се охрабри непотребното раскинување.

Во **третата глава** насловена како „Раскинување на договорот“ се анализира институтот раскинувањето на договорот, што се третира според кандидатот и во теоријата, како најдрастично средство, што им стои на располагање на договорните страни. Во понатамошниот текст од оваа глава се врши суштинска анализа на важните институти поврзани со раскинувањето на договорот: битна повреда, дополнителен рок, изјава за раскинување и последици од раскинувањето. Кандидатот забележува дека Виенската конвенција и кај ова средство прави разлика помеѓу правото на купувачот и правото на продавачот за раскинување на договорот. Во анализата, кандидатот укажува дека меѓународните акти познаваат и раскинување пред истекот на рокот, под одредени услови, односно кога во договорниот рок за исполнување, едната страна се однесува на начин преку кој ѝ става до знаење на другата страна дека таа нема да ги изврши своите договорни обврски.

Предмет на анализа во **четвртата глава** насловена како „Надоместување на штета“ е токму можноста со секое од правните средства да се кумулира и надоместувањето на штетата, доколку штета настанала со повреда на договорот. Преку анализата на обемна судска практика, кандидатот доаѓа до констатација дека надоместот на штета се смета за најпопуларно и најчесто користено средство во случај на повреда на договорот. Одделно кандидатот ги презентира решенијата, што ги уредуваат одредени видови надоместување на штета, предвидени со меѓународните акти, судската практика со која располага и ги вкрстува со теориските сознанија што се однесуваат на овие прашања. Најпрвин се анализира целосниот надомест, како начин за надоместување, што вклучува: обична штета и испуштена корист. Се прави преглед на претпоставките кои треба да се исполнат за штетата да се надомести целосно: причинско-последична врска, предвидливост, влијание од надворешни пречки и товар на докажување. Анализата продолжува со надоместот во случај на зделка заради покритие. Кај овој вид надомест, претпоставки за примена се: раскинување на договорот, склучување зделка заради покритие и разумност во однос на начинот и рокот во кој е направена таквата зделка. Кандидатот се осврнува и на третиот вид надомест – надоместување на штета во случај на постоење на тековна цена – што доаѓа во предвид кога оштетената страна по раскинување на договорот не склучува зделка заради покритие. Претпоставки за ваквото надоместување се: раскинување на договорот, постоење на тековна цена и договорна цена. Освен трите форми на надоместување, во оваа глава се анализира и должноста на страната за намалување на загубата. Според оваа теорија, страната која настојува да добие надомест за претрпената штета, должна е да преземе соодветни мерки за да ја намали загубата. Ако не го стори тоа, тогаш надоместокот ќе се намали до височина на износот на загубата што можела да се избегне. Во четвртата глава, кандидатот се занимава и со институтот камата. Имајќи ги предвид теориските дискусии, како и проблемите на практичарите кои ги предизвикува вклучувањето на овој институт во меѓународните документи, во оваа глава кандидатот нѐ соочува со дебатата за и против каматата и каматната стапка, како и начините на пресметување на каматата во трите меѓународни акти.

**Петтата глава** насловена како „Ослободување од одговорност“, за предмет на анализа ги има случаите на ослободување од одговорност на страната, во случај кога нејзиното исполнување е попречено или отежнато од надворешни околности, односно кога неисполнувањето е последица на дејството или пропустот на самата договорна страна. Кандидатот со теориска анализа и анализа на судската практика ги прикажува ситуациите што можат да се подведат под институтите виша сила, променети околности и ги прикажува решенијата содржани во меѓународните акти. Анализата почнува со

вишата сила, елементите кои ја сочинуваат и пречките кои се сметаат за виша сила од страна на меѓународните акти. Освен вишата сила, и суштинско променетите околности, што можат да настанат по склучување на договорот, можат да претставуваат доволна причина за ослободување од одговорност. Овој институт ниту се споменува, ниту се уредува во Виенската конвенција. Кандидатот поради ова дебатира и изнесува теориски размисли и свое решение за тоа како би се решиле односите меѓу договорните страни чиј договор е уреден со Конвенцијата при променети околности. Кандидатот укажува дека во меѓународната договорна практика често од голема помош се клаузулите, кои самите договорни страни спогодбено ги предвидуваат кај своите договори. Примери од таквите клаузули за виша сила и променетите околности се дадени и се анализираат во оваа глава на докторскиот труд. При анализата на ослободувањето од одговорност, се разгледува и случајот, кога до неисполнување доаѓа не поради надворешни околности, туку поради недоволна соработка од страна на доверителот.

Во **шестата глава** насловена како „Влијанието на потрошувачкото право во меѓународната продажба на стоки" се разгледуваат и се анализираат прашањата поврзани со влијанието на потрошувачкото право врз меѓународната продажба на стоки. Кандидатот тргнува од фактот дека денес, на меѓународно ниво, потрошувачите уживаат сè поголема правна заштита. Анализата на потрошувачката заштита во оваа глава се фокусира на Предлогот на регулативата. Кандидатот укажува дека патот кон овој Предлог помина низ обемна законодавна активност преку донесување на одреден број директиви и преку работата на групата насочена кон создавање на Заедничката референтна рамка и донесувањето на кодификаторскиот акт за заедничко европско договорно право. Имајќи предвид дека Предлогот се однесува на договорите помеѓу трговците *(B2B)* и договорите помеѓу трговците и потрошувачите *(B2C)*, фокусот на анализата во голема мера е врз втората категорија на договори. Кандидатот констатира дека кога станува збор за заштита на потрошувачите централно место заземаат нечесни одредби, како најчеста причина за повреда на правата на потрошувачите. Притоа, според кандидатот специфични и многу значајни се и одредбите за должноста на трговецот за давање на информации на потрошувачот и правото на повлекување како специфичен институт, што му стои на располагање на потрошувачот. На крајот на анализата на овој извор, кандидатот укажува и на двојбите што постојат во Европската унија на овој план. Иако оваа Предлог Регулатива се оценуваше како значаен чекор кон кодификацијата на европското договорно право, таа во март минатата година е повлечена од страна на Европската комисија на неопределено време.

Во **заклучните согледувања**, кандидатот заклучува дека со глобализацијата, меѓународниот промет на стоки и услуги претставува секојдневие и дека рапидниот развој на меѓународното тргување наметнува потреба од воедначување на трговските практики. Воедначувањето на трговската практика се врши преку создавање и примена на меѓународни извори за договорното право. Ваквите меѓународни извори, што договорните страни можат да ги изберат при уредување на нивните договорни обврски, резултираат од оправданиот страв на трговците дека примена на домашните извори на одделни држави, често водат кон различни и за едната страна непознати решенија, при споровите од договорите во меѓународниот промет на стоки и услуги. Кандидатот оценува дека меѓународните извори, што се предмет на проучување во докторскиот труд, судската практика во која тие се применувани како извор, и анализата на теориските стојалишта за овие извори, укажуваат дека нормите содржани во нив, претставуваат вадење пред заграда на заедничките решенија, што се покажале како најпозитивни во насока на изедначување на положбата на договорните страни при неисполнување или неправилно исполнување на договорите за продажба на различни правни семејства и воедно претставуваат вид на компромисно решение помеѓу civil law и common law.

Кандидатот оценува дека помеѓу различните меѓународни инструменти за уредување на договорните односи при меѓународната продажба на стоки постојат четири точки во кои тие наполно се поклопуваат, и тоа: првата точка се однесува на тоа дека тие со своите одредби ги уредуваат овие правни средства: право на исполнување, право на поправка, право на намалување на цената (сите овие назначени под едно име како средства кои имаат за цел зачувување на договорот); право на раскинување и право на надомест на штета. Втората точка се однесува на тоа дека тие освен наведувањето *numerus clausus* на правните средства, не го условуваат користењето на правните средства со вината на страната при повреда на договорот. Доволно е да се случи повреда на договорот за да станат достапни правните средства предвидени од овие акти. Значи, клучен елемент е повредата на договорот. Третата точка се однесува на тоа дека правните средства можат да се кумулираат и да се променат: правните средства во определени ситуации можат да се кумулираат, односно, средството користено првично може да се промени со друго средство. Четвртата точка се однесува на тоа дека во сите меѓународни извори што се предмет на анализа на трудот причините за ослободување на страната од одговорност се идентични: виша сила, променети околности (недостасува уредувањето од одредбите на Виенската конвенција) и придонесот на доверителот во неисполнување на договорот.

Кандидатот во заклучните согледувања укажува дека анализираните одлуки, објавени во базите на податоци, покажуваат дека судската и арбитражната практика не е секогаш во согласност со теоретската дебата и објавените статии и коментари за одредбите кои го регулираат правото на исполнување, поправање на исполнувањето или правото на намалување на цената. Така, најголем број одлуки, според кандидатот, се во насока за остварување на правото на исполнување. Кандидатот забележува дека постои вистински несразмер во тоа кога исполнување бараат купувачите и кога тоа го бараат продавачите. Барање на исполнување од продавачите и одлуки за принудно исполнување од купувачот кон продавачот има три пати повеќе отколку што вакви барања поставиле и и со пресуда добиле купувачите. Според резултатите на истражувањата на кандидатот што се потенцираат во заклучните согледувања е дека многу често се користи и средството за намалување на цената, и тоа во случаите кога купувачите се одлучуваат да бараат намалување на куповната цена, наместо да бараат надоместување на штетата или раскинување на договорот. Конечно, според кандидатот, бројот на одлуки кои за предмет го имаат правото на поправање на исполнувањето е речиси незначаен, од што според кандидатот може да се заклучи дека купувачите ретко се одлучуваат да бараат и да прифатат поправање на недостатоците, што може да биде понудено наместо исполнување од страна на продавачите.

Според кандидатот, кога станува збор за раскинување на договорите како правно средство што се применува во случај на неисполнување на договорите, компаративната анализа на современите правила укажуваат на три механизми – поединечни или комбинирани едни со други – кои служат за ограничување на примената на средството за раскинување на договорот, а тоа се: доктрина на битна повреда, доктрина на дополнителен рок и право на поправка. Поточно, се претпоставува дека ограничувањето на правото на раскинување ги промовира начелата на совесност и чесност, но и ефикасноста на трговските трансакции. Сето ова, според кандидатот, води во насока на одржување на договорот или присутната доктрина favor contractus одржување на договорот секогаш кога тоа е можно.

Меѓутоа, и покрај оваа тенденција, кандидатот преку спроведеното истражување согледал дека пресудените случаи од базите на податоци даваат информации за голем број на случаи кога една договорна страна се одлучила за раскинување на договорот за продажба на стоки (повеќе од 550 случаи се на располагање). Од анализата на судската и арбитражната практика, тој заклучува дека во најголем број на случаи, купувачите се тие

кои се одлучиле за раскинување на договорот. Според кандидатот, ова покажува дека купувачите помалку се обесхрабруваат од прикажаните механизми за ограничување во споредба со продавачите.

Во делот што се однесува за надоместот на штета и одговорноста на договорните страни, кандидатот особено анализира голем број клаузули во договори за меѓународен промет на стоки што ја исклучуваат одговорноста на договорните страни во ситуации што страните ги сметаат како виша сила или променети околности. Во таа насока, кандидатот заклучува дека ваквите клаузули се сè почести во договорите за меѓународен промет на стоки. Според кандидатот, анализата покажала дека клаузулите на виша сила и променети околности, се често применувани во практиката на договорите за меѓународна продажба. Преку овие клаузули, договорните страни обично ги утврдуваат пречките или околностите врз кои се применуваат клаузулите и последиците од таквата примена. Во принцип, клаузулите на виша сила што страните ги вклучуваат во нивните договори ги дополнуваат, ги ограничуваат или заменуваат правилата утврдени со законските одредби што ја регулираат вишата сила. Клаузулите на променетите околности бараат ревизија на договорот секогаш кога промената на околностите значително ја менуваат економската ефикасност на договорот. Тие, исто така, се однесуваат на ситуациите на променетите околности во кои страните немаат намера да го раскинат договорот, туку да продолжат со извршување на истиот под променети околности. Од истражувањето што го спровел кандидатот, резултира дека поради тоа што Виенската конвенција не предвидува изречно решавање на ситуациите на променетите околности, договорните клаузули за променети околности се многу пожелни, кога договорот за продажба се регулира од оваа Конвенција.

Во заклучните согледувања кандидатот ја анализира и новонастанатата состојба со последниот опционен инструмент анализиран во докторската дисертација Предлог регулативата за заедничкото право на продажба на Европскиот парламент и Советот. Оваа Регулатива на 7 март Европската комисија во Службениот весник (Official Journal of the European Union C 80/17 (07.03.2015)) ја повлече како законски предлог. Тука кандидатот укажува и на сите тешкотии со кои се соочува Европската унија во обидите на кодифицирање на приватното право. Перманентните напори за изнаоѓање на заеднички и најповолни решенија со кои би се постигнале заеднички компромисни решенија меѓу германското, француското правно семејство и common law системот во вид на кодификаторски акт, за сега според кандидатот можат да се оценат, како неуспешни. Иако резултатите од истражувањата покажуваат дека меѓу граничното тргување на потрошувачите, особено електронската трговија, е ограничена, поради непознатиците што ги носат решенијата содржани во нормите на приватното право на различните правни семејства, сепак, заклучува кандидатот, Европската унија сè уште не може да си го дозволи остварувањето на постоење на Европски граѓански кодекс.

Кандидатот на крајот од заклучните согледувања ја анализира и состојбата во Република Македонија и нуди решенија de lege ferenda. При тоа, укажува на примената на меѓународните извори и нивната имплементација во правниот систем на нашата држава. Кандидатот во своето истражување доаѓа до сознанија за непристапноста до арбитражните одлуки во нашата држава. Кандидатот укажува дека поради тајноста на арбитражната постапка не бил во можност да пристапи до одлуките на Арбитражата при Стопанската комора на Република Македонија). Иако постојат сознанија дека е применувана Виенската конвенција во уредувањето на односите на договорните страни, па оттука и во решавањето на спорот на договорните страни, необјавувањето на арбитражните одлуки во Република Македонија поради тајноста на постапката за што, како што е познато, е потребна согласност на странките (која согласност не е добиена и одлуките не се објавени) е причина што не било можно трудот да биде збогатен и со нивна анализа. Според кандидатот, споредбената анализа на истражуваните меѓународни акти

со актуелната правна рамка во Република Македонија покажува одредена слабост на македонското договорно право, во поглед на уредувањето на некои прашања поврзани со правните средства, што им стојат на располагање на договорните страни. Според кандидатот, поголемиот број на овие прашања се во директен или индиректен начин со концептот на битна повреда на договорот. Имено според кандидатот Законот за облигациони односи на Република Македонија има определени недоследности во прифаќањето на концептот на битна повреда на договорот (fundamental breach of contract), кој не само што е релевантен од теоретски аспект, туку се појавува и во меѓународните извори на договорното право почнувајќи од Виенската конвенција, Начелата на UNIDROIT (2010), Начелата на европското договорно право и до Предлог- регулативата. Ако се има предвид аспирацијата на правниот систем на Република Македонија кон меѓународните и европски стандарди, воведување на концептот на битна повреда на договорот во македонското облигационо право, според кандидатот, се оценува за значаен чекор, кој треба да се преземе, како за практичните потреби, така и за тежнеењето кон усогласување на домашното право со модерните правни решенија од оваа област. Ова, според кандидатот, би придонело кон зацврстување на објективната концепција на повреда на договорот кај неисполнувањето.

Во заклучните согледувања кандидатот оценува дека значајни чекори кон воведување на правилото за битна повреда на договорот, односно промената актуелниот систем, се преземаа при кодификаторските активности за изработката на Граѓанскиот законик на Република Македонија.

**Предмет на истражување**

Предмет на истражување на оваа докторска дисертација се правните средства кои субјектите ги црпат од објективното право содржано во меѓународните извори: Виенската конвенција, Начелата на UNIDROIT (2010) и Начелата на европското договорно право, за уредување на договорите во меѓународната продажба на стоки и за решавање на споровите, што настануваат поради неисполнување на договорните обврски во меѓународната продажба на стоки.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Кога се има предвид темата обработена во оваа докторска дисертација и предметот на истражување може да се заклучи дека меѓународните извори за продажба на стоки не биле предмет на опсежно проучување во Република Македонија, како теоретско, така и од аспект на примена на ова право во судската и арбитражна практика. Оттука, компаративната анализа на нормите содржани во Виенската конвенција, Начелата на UNIDROIT (2010) и Начелата на европското договорно право, на теоретските научни ставови за овие меѓународни акти и нормите содржани во нив, а особено истражувањето на базите на податоци на судска и арбитражна практика во однос на правните средства што се користат кога имаме неисполнување на договорот во меѓународната продажба на стоки, направено во оваа докторска дисертација е вид на пионерски труд во областа на трговското право.

**Краток опис на применетите методи**

Истражувањето на предметот на овој труд и постигнувањето на поставените цели се прави со помош на широк спектар на методи, вклучувајќи: компаративен метод, историски метод, аналитичко-синтетички метод, метод на студија на случаи, дескриптивен метод и индуктивно-дедуктивен метод. Доминантен метод кој се користи

при изработката на дисертацијата е *компаративниот метод*. Ваквиот пристап е наметнат од предметот на истражување – одредбите кои се предмет на истражување се содржани во различни акти, односно овие одредби се дел од трите меѓународни акти, како извор на истражувањето: Виенската конвенција, Начелата на UNIDROIT (2010) и Начелата на европското договорно право. Исто така, тие се применуваат во правни системи пред судовите на различни држави како и пред различни постојани и ад хок арбитражи. *Историскиот метод* се користи за да се објаснат развојните фази на меѓународните акти: Виенската конвенција, Начелата на UNIDROIT (2010), Начелата на европското договорно право и Предлог- регулативата, и не само нив, туку, исто така, и на други акти кои или им претходиле или се создале истовремено со нив, како неминовна потреба за усогласување на правото за продажба на стоки во меѓународен карактер. *Анализата* и *синтезата* се користени заедно, бидејќи при истражувањето кандидатот со примена на методот на анализа се обидува да стигне до научно објаснување на нештата, преку поедноставување на одредбите на правните акти (поими на правните средства, проценки на условите за примена, дејство и последици од примената) во едноставни елементи, како и да направи преглед на секој елемент во однос на другите елементи или во однос на целината (одредбата). Додека, преку методот на синтеза кандидатот оди во спротивна насока, едноставните елементи се поставуваат во една целина – во она што претставува правна ситуација на повредата – неисполнувањето на договорот според меѓународните акти. Практичните аспекти на правните последици кои резултираат од повреда на договорот за меѓународна продажба на стоки и решавањето на споровите, кандидатот ги истражува преку *методот на истражување на случаи* од меѓународна судска и арбитражна практика. Преку овој метод, фокусот се става врз еден случај кој се однесува на дадената појава, или врз повеќе случаи, и потоа кандидатот ги споредува.. *Дескриптивниот метод* кандидатот го применува за опишување на правните одредби на меѓународните акти, така како што се предвидени во тие акти, но, исто така, се опишуваат и теориите и ставовите на разни научници во нивните истражувања кои се однесуваат на одредени прашања на правните последици, или поконкретно, на правните средства што им стојат на располагање на страните. За да добие поголема вредност, овој метод кандидатот го комбинира со други методи како што е дијалектичкиот барајќи причинско - последични врски меѓу позитивното објективно право, субјективните права, практиката и теоријата. Добиените податоци кандидатот ги подложува на *индуктивен и дедуктивен метод* за толкување, анализа и нивно споредување, сè до добивање на заклучоците, со цел да се потврдат, односно да се оправдаат поставените хипотези. Кандидатот, врз основа на поединечни и поедноставни факти и сознанија (поим на правното средство, услови за примена или негово исклучување, правните последици од примена на средството и сл.), доаѓа до формирање на определени потврдени тези, за предметот на истражувањето – правната ситуација од неисполнување на договорните обврски во меѓународната продажба на стоки.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Истражувањето кое кандидатот го спровел над изворните текстови на меѓународните акти, анализата на 290 библиографски единици и над 146 судски и арбитражни одлуки, нивната класификација за да можат да бидат компарирани и преку извршената анализа да можат да се синтетизираат заклучоците во насока на потврдување на хипотезата и потхипотезите претставуваат резултат на ова истражување. Како резултат на истражувањето, потврдена е хипотезата поставена на почетокот на ова истражување дека договорот за меѓународна продажба на стоки, така како што е уреден во меѓународните акти воопшто и во одбраните акти, овозможува остварување на правата и обврските на договорните страни, онака како што се предвидени и дава алтернативни

можности за користење правни средства во случаите на неисполнување или неправилно исполнување на договорните обврски. Направеното истражување покажало дека меѓународните извори предвидуваат доволно правни средства, што можат да послужат за ефикасна и ефективна заштита на договорните страни во случај на повреда на договорот за меѓународна продажба, без разлика дали се работи за повреда во вид на неисполнување или неправилно исполнување. Во правец на што поефикасна и поефективна заштита на договорните страни, се предвидени и можностите за алтернативен избор на правните средства на располагање, можноста за кумулирање и промена на правното средство еднаш користено. Исто така, кандидатот дава насоки за подобрување на нормите во одделни меѓународни извори de lege ferenda за зголемување на правната сигурност на меѓународниот промет на стоки.

Како резултат на ова истражување се појавува и стојалиштето на кандидатот за определени промени во македонското законодавство во насока на воведување на битната повреда на договорот и хармонизирање на домашното законодавство со современите решенија содржани во меѓународните извори со што ќе се придонесе за поголема правна сигурност на договорните страни.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Фатон Шабани, со наслов „Правните последици од неисполнувањето на договорните обврски кај договорот за меѓународна продажба на стоки“ претставува истражување во областа на правото, и тоа трговското право. Изработката на темата на оваа докторска дисертација има за цел да ги спореди решенијата содржани во меѓународните извори за правните средства што им стојат на договорните страни во случачаите на повреда на правата и обврските на договорните страни во меѓународната продажба на стоки и да одговори на прашањето дали тие се доволни и јасно уредени за да може во судската и арбитражна практика тие да се остварат и да доведат до воспоставување на имотна рамнотежа на договорните страни. Кандидатот преку опсежната анализа на решенијата содржани во меѓународните извори, судската и арбитражна практика, како и со презентирање и споредување на актуелните теориски становишта дава научен придонес во градење на решенија de lege ferenda за домашното законодавство, како и надминување и разрешување на контроверзите и нејасните решенија содржани во меѓународните извори.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Фатон Шабани, со наслов „Правните последици од неисполнувањето на договорните обврски кај договорот за меѓународна продажба на стоки“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

## ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1, Автор: “Non-conformity of Goods in Light of the United Nations Convention on Contracts for the International Sale of Goods and the Law on Obligations of the Republic of Macedonia as Part of South-Eastern European Law” Academic Journal of Interdisciplinary Studies Global Impact Factor Year: 0.608 Index Copernicus Year Impact Factor: 6.44Vol. 4, No. 2, S1 August 2015 MCSER Publishing Rome-Italy ISSN 2281-4612 (online)ISSN 2281-3993 (print)Rome, Italy 2015.

2. Автор: “Termination of the contract: Principles of European Contract Law and the Law on Obligations of the Republic of Macedonia” Mediterranean Journal of Social Sciences

Index Copernicus Year Impact Factor: 6.44Vol. 6, No. 4, July 2015 ISSN 2039-2117 (online) ISSN 2039-9340 (print)Rome, Italy 2015.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главни научни придонеси на кандидатот се: решенијата за подобрување на законската уреденост на битната повреда на договорот во македонското облигационо право и понудените решенија за надминување на контроверзите во дефинирањето, изборот и начинот на кумулирање на правните средства што им стојат на располагање во меѓународните извори на договорните страни кај меѓународната продажба на стоки.

Подрачје на примена се: интервенции, измени и дополнувања на позитивноправната домашна и меѓународна легеслатива, ограничувања кои можат да произлезат од немање на слух, политичка волја на законодавецот за вакви интервенции.

Можните понатамошни истражувања се: проширување на истражувањето на договори за промет на услуги, темелно проучување на другите извори за уредување на договорните односи во Европската унија, европското потрошувачкото право и институтот на повлекување од договорот, како и анализа на активностите за кодификација на договорното право и на целокупното приватно право во Европската унија и следење на кодификаторските активности во Република Македонија.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Фатон Шабани со наслов „Правните последици од неисполнувањето на договорните обврски кај договорот за меѓународна продажба на стоки“.

**КОМИСИЈА**

1. **Проф. д-р Гале Галев, претседател с.р**
2. **Проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска , ментор с.р**
3. **Проф. д-р Осман Кадриу, член с.р**
4. **Проф. д-р Горан Коевски, член с.р**
5. **Проф. д-р Татјана Зороска Камиловска, член с.р**

**П Р Е Г Л Е Д**

**на одобрени теми за изработка на магистерски и специјалистички труд на**

**Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,**

**Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на**

**Наставно-научниот совет на Факултетот,**

**одржана на 25.02.2016 година.**

## 1. Магистерски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Александра Стеваноска Стојаноска, доктор по општа стоматологија | „ВЛИЈАНИЕТО НА НИКОТИНОТ ВРЗ ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА ПРОИНФЛАМАТОРНИТЕ ЦИТОКИНИ КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ОРАЛНИ ЗАБОЛУВАЊА“. | „EFFECTS OF NICOTINE ON THE RELEASE OF PROINFLAMMATORY CYTOKINES IN PATIENTS WITH ORAL DISEASES“ | д-р Ицко Ѓоргоски, редовен професор на ПМФ – Скопје | 02-1347/3 од 22.03.2016 г. |
| 2. | Стојан Манолев, дипломиран професор по физика | „СТРУКТУРНО-ЛОГИЧКИ ШЕМИ И ГРАФОВИ ВО НАСТАВАТА ПО ФИЗИКА И УТВРДУВАЊЕ НА СЛОЖЕНОСТА НА ЗАДАЧИТЕ ПО ФИЗИКА“. | „STRUCTURAL AND LOGICAL SCHEMES AND GRAPHS IN PHYSICS EDUCATION AND DETERMINATION OF PHYSICS PROBLEMS COMPLEXITY“ | д-р Оливер Зајков, редовен професор на ПМФ – Скопје | 02-268/3 од 22.03.2016 г. |
| 3. | Ардијана Исахи Палоши, специјалист по хемиски науки | „СТРУЧНОТО УСОВРШУВАЊЕ И СТЕКНУВАЊЕТО НА НОВИ КОМПЕТЕНЦИИ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ХЕМИСКАТА ИНДУСТРИЈА ВО ФУНКЦИЈА НА ПРОМЕНИТЕ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ“. | „PROFESSIONAL IMPROVEMENT AND ACQUISITION OF NEW COMPETENCES OF EMPLOYEES IN CHEMICAL INDUSTRY IN FUNCTION OF CHANGES RESULTING FROM THE TECHNOLOGICAL DEVELOPMENT“ | д-р Слоботка Алексовска, редовен профсор на ПМФ – Скопје | 02-269/3 од 22.03.2016 г. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Надица Трајковска, дипломиран инженер по биологија | „КАРАКТЕРИЗАЦИЈА НА ЧОВЕЧКИ АРХЕОЛОШКИ ОСТАНКИ ОД ЛОКАЛИТЕТОТ ИСАР-МАРВИНЦИ СО АТОМСКА ЕМИСИОНА СПЕКТРОМЕТРИЈА СО ИДУКТИВНО СПРЕГНАТА ПЛАЗМА“. | „CHARACTERIZATION OF HUMAN ARCHAEOLOGI-CAL REMAINS FROM ISAR-MARVINCI ARCHAEOLOGICAL SITE, USING INDUCTIVELY COUPLED PLASMA - ATOMIC EMISSION SPECTROSCOPY“ | д-р Орхидеја Групче, редо-вен професор на ПМФ – Скопје | 02-323/3 од 22.03.2016 г. |

2. СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУД

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Нада Шумантева, дипломиран инженер по биологија | „ИСПИТУВАЊЕ НА ПРОТЕИНИ ВО ЛИКВОР КАЈ НЕКОИ СПЕЦИФИЧНИ НЕВРОЛОШКИ БОЛЕСТИ“. | „EXAMINATION OF PROTEIN IN CEREBROSPINAL FLUID OF SOME SPECIFIC NEUROLOGICAL DISEASES“ | д-р Ицко Ѓоргоски, редовен професор на ПМФ – Скопје | 02-1613/5 од 22.03.2016 г. |

# РЕЦЕНЗИЈА
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕ НА ФОЛИЈАРНОТО ЃУБРЕЊЕ ВРЗ ПРИНОСОТ И КВАЛИТЕТОТ КАЈ СОРТИТЕ ВИНОВА ЛОЗА – КАРДИНАЛ И АФУС АЛИ“ ОД М-Р ХРИСТИНА ПОПОСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на седницата одржана на 22.12.2015 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Христина Попоска со наслов „Влијание на фолијарното ѓубрење врз приносот и квалитетот кај сортите винова лоза – кардинал и афус али “, во состав: проф. д-р Марина Стојанова, редовен професор (ментор), проф. д-р Мирјана Херак Ќустиќ, редовен професор (член), проф. д-р Силвана Манасиевска Симиќ, вонреден професор (член), проф. д-р Звонимир Божиновиќ, редовен професор (член) и проф. д-р Петар Христов, редовен професор (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Христина Попоска, со наслов „Влијание на фолијарното ѓубрење врз приносот и квалитетот кај сортите винова лоза – кардинал и афус али“, содржи 185 страници компјутерски обработен текст во фонт StobiSansCn Regular, со 1,5 проред и големина на букви 11, 264 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 8 глави, вклучувајќи вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во првата глава **ВОВЕД**, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатката укажува на значењето на примената на минералните ѓубрива, со акцент на значењето на примената на фолијарните ѓубрива.

Исхраната преку коренот и примената на ѓубривата преку почвата се од првостепено значење за исхраната на земјоделските култури и за постигнување на високи приноси, меѓутоа во последно време исхраната преку листот станува интересна тема не само за научните работници туку и за практичното земјоделство. Фолијарните ѓубрива се применуваат исклучиво преку надземниот дел на растението, а нивната примена е особено значајна во исхраната со микроелементите, кои се неопходно потребни за правилен раст и развој на растенијата.

Фолијарното ѓубрење го надополнува основното ѓубрење преку почвата и на тој начин стануваат интегрален дел од системот на исхрана на растенијата. Овој начин на ѓубрење влијае директно на морфолошките, анатомските и физиолошките процеси во растението, но и индиректно на приносот.

Исхраната преку листот станува сѐ позначајна бидејќи овој вид на апликација овозможува обезбедување на растенијата со потребните хранливи

елементи во случај на намалено усвојување од почвениот раствор заради недостиг на вода и брза апсорпција на минералните елементи и нивното непосредно влијание на прометот на материите во клетката.

Кандидатката го истакнува значењето на проучувањето на фолијарната исхрана кај виновата лоза со првенствено значење во искористувањето на генетскиот потенцијал на оваа повеќегодишна култура. Квалитетот на трпезното грозје обично се смета како комбинација од изглед (просечна гоолемина на зрно, карактеристична боја и текстура на сортата), карактеристики на вкусот, концентрација на шеќери и киселост. Постојат голем број фактори кои влијаат врз квантитетот и квалитетот на грозјето, како што се многубројните ампелотехнички мерки, употребата на регулатори на растот како и правилната исхрана.

Животната активност на органите на виновата лоза е поголема при релативно високи количини минерални материи. Потребите на виновата лоза за овие елементи се различни во одделни фази од вегетативниот развој, па според тоа исхраната треба да биде во согласност и со фенофазите на развојот.

Со фолијарното ѓубрење, на лозата ѝ се обезбедува за краток период доволно количество од потребните хранливи материи во оној период кога тие ѝ се неопходни, со големо влијание врз подобрувањето на приносот кај виновата лоза.

Кандидатката наведува дека современото рационално ѓубрење не подразбира само обезбедување на услови за постигнување на високи еднократни, туку и стабилни повеќегодишни приноси со добар квалитет, со елиминирање на последиците од загадувањето на биосферата.

Во втората глава, **ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕ**, кандидатката ги анализира поставените цели на трудот, анализа на повеќе варијанти и повторувања кај сортите винова лоза кардинал и афус али, со цел да се утврди влијанието на фолијарното ѓубрење врз: хемискиот состав на листот и ластарот; висината на приносот; големината и цврстината на зрното; хемискиот состав на шира и избор на фолијарно ѓубриво за прихранување на испитуваните трпезни сорти винова лоза.

Во третата глава, **ПРЕГЛЕД НА ЛИТЕРАТУРА,** кандидатката дава преглед на литературните податоци поврзани со темата што ја обработува. Третата глава се состои од 5 потпоглавја:

- ***Потреби на виновата лоза од хранливи материи*** – каде што кандидатката ги презентира литературните податоци за неопходните количини од основните макро и микроелементи, неопходни за правилен раст и развој на виновата лоза;
- ***Примена на минерални ѓубрива кај виновата лоза*** - кандидатката наведува литературни податоци поврзани со апликацијата на минералните и органски ѓубрива како значаен фактор во зголемувањето на приносот и подобрувањето на квалитетот кај грозјето, но исто така и значаен фактор за подобрувањето на физичките и хемиските својства на почвата;
- ***Концентрација на макро и микроелементи во лист и ластар од винова лоза*** – каде што детално се прикажани бројни литературни податоци за содржината на одредени макро и микроелементи во листот од винова лоза при аплицирање на различни формулации и количини на минерални и органски ѓубрива;
- ***Ефекти од минарлното ѓубрење врз висината на приносот кај виновата лоза*** – кандидиатката ги презентира досегашните сознанија

за влијанието на соодносот на одделните хранливи елементи со примената на фолијарното ѓубрење врз зголемувањето на висината на приносот кај виновата лоза;

- ***Ефекти од минералното ѓубрење врз квалитетот на грозјето*** - анализирајќи ја достапната литература, кандидатката ги презентира ефектите од примената на ѓубривата врз механичкиот состав на гроздот и зрното, механичките својства на зрното и хемискиот состав на гроздовиот сок (шира).

Четвртата глава, **ЕКОЛОШКИ УСЛОВИ**, се состои од 2 главни точки:

- ***Почвени услови*** – каде што кандидатката дава посебен осврт на почвените услови на испитуваните сорти винова лоза (механички состав и хемиски својства) кои имаат големо значење за порастот, развојот и плодоносењето на виновата, лоза како и за квалитетот на грозјето за консумација во свежа состојба и како суровина за преработка;
- ***Климатски услови*** – каде што детално се прикажани и обработени податоците за климатските услови во експерименталниот период, преку изложување на метеоролошките показатели: средно месечна температура на воздухот, месечна, годишна и вегетациона сума на температура на воздухот >10 $^{o}$C, апсолутен минимум и максимум на температурата на воздухот, $^{o}$C и месечни суми на врнежи.

Во петтата глава, **ОБЈЕКТ, МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДИ НА РАБОТА,** кандидатката дава детален опис на спроведеното истражување за реализација на поставените цели.

Истражувањата се водени во текот на три години (2012-2014) кај две трпезни сорти винова лоза: кардинал и афус али, на производните лозови насади на АД „Гоце Делчев„ локалитет Трстеник, во Кавадарци.

Во опитот се опфатени следниве варијанти:

1. Контрола (без фолијарно ѓубрење);
2. NPK + Калциум нитрат 40 % раствор (7 % N, 10 % Ca);
3. NPK + Magnifert NPK 3-20-28 (3 % N, 20 % $P_2O_5$, 28 % $K_2O$);
4. NPK + Polyfeed GG 18-9-27+2MgO+ME (18 % N, 9 % $P_2O_5$, 27 % $K_2O$; 2 % MgO; 1000 ppm Fe; 200 ppm B; 150 ppm Zn; 500 ppm Mn; 56 ppm Mo; 110 ppm Cu);
5. NPK + Magnisal VI NPK 31-0-0+ME (31 % N; 0,015 % Fe-хелатна форма; 0,01 % Mg - хелатна форма);
6. NPK + Magni mag helat Mg EDTA (1,5 % Mg; 24,14 % $MgK_2$ EDTA; 9,89 % $NH_4NO_3$);
7. NPK + Magni fer helat Fe EDTA (3,2 % Fe; 22 % FeK EDTA; 9,18 %.$NH_4Cl$).

Методот на работа е изведен во два дела и тоа: теренски и лабораториски дел.

Во теренските испитувања кандидатката дава детален опис на агротехничките мерки применети во текот на целиот опит. Кај двете сорти винова лоза применето е почвено ѓубрење. Секоја година е извршено основно есенско ѓубрење со NPK 8-16-24 во количина од 350 kg/ha и пролетна прихрана со амониум нитрат 33 % во количина од 100 kg/ha;

Фолијарните прихранувања се вршени четири пати во текот на вегетационата сезона, со 0,5 % раствор од секое фолијарно ѓубриво, во периодот 10-15 дена пред цветање, 10-15 после цветање, во фенофазата пораст на зрното и во фенофаза прошарок. Во овој дел е вклучен и опис на земање на растителните

проби (лист и ластар) и утврдување на механички состав и својства на грозд и зрно одделно кај двете испитувани сорти.

За реализација на поставените цели, кандидатката користи широка палета, како класични, така и сосема современи методи на истражување. На тој начин извршени се: агрохемиска анализа на почва, хемиска анализа на растителен материјал (лист и ластар) и хемиска анализа на гроздов сок (шира).

Шестата глава, **РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА**, е поделена на неколку точки и потточки. Кандидатката ги прикажува севкупните резултати од спроведените три годишни истражувања, а при тоа истовремено ги коментира и споредува со актуелните литературни податоци. Добиените вредности за испитуваните параметри статистички се обработени и утврдени се статистички значајните разлики. кои постојат помеѓу нив. Добиените резултати се претставени табеларно, а дел и графички.

За подобра прегледност при интерпретација и дискутирање на добиените резултати од извршените анализи, кандидатката, варијантата без фолијарно ѓубрење (контролна варијанта) ја означува со арапски број **1**, додека варијантите со применетите фолијарни ѓубрива ги означува со арапски бројки од **2** до 7: ***2*** - NPK + Калциум нитрат; ***3*** - NPK + Magnifert NPK 3-20-28; ***4***- NPK + Polyfeed GG 18-9-27+2MgO+ME; ***5*** - NPK + Magnisal VI NPK 31-0-0+ME; ***6*** - NPK + Magni mag helat Mg EDTA; ***7*** - NPK + Magni fer helat Fe EDTA .

Најпрво се прикажани и коментирани добиените резултати од испитувањата за ефектите од фолијарното ѓубрење врз хемискиот состав на листовите кај испитуваните сорти. Лисната анализа е една од најдобрите достапни алатки за мониторинг на хранливиот статус кај грозјето и водич за управување на исхраната на виновата лоза. Како резултат на направените анализи во текот на истражувањето кандидатката заклучува дека фолијарното ѓубрење има позитивно влијание врз хемискиот состав на листовите кај испитуваните сорти.

Исто така, кандидатката ги презентира и ги дискутира добиените резултати од хемиската анализа на ластарот, со цел утврдување на влијанието од минерално ѓубрење врз нивниот хемиски состав. Минералниот состав на едногодишните ластари, односно вкупната содржина на минералните материи и нивниот меѓусебен однос е многу значаен критериум за оцена на степенот на исхранетост на виновата лоза, а со тоа и потребите за ѓубрење. Тригодишното прихранување на лозите од испитуваните сорти покажало позитивно влијание врз хемискиот состав на ластарите од испитуваните сорти.

Количината на набрано грозје или приносот е најважна стопанска карактеристика на виновата лоза, нејзината рентабилност и економска оправданост на нејзиното одгледување. Кандидатката наведува дека добиената количина на набраното грозје е во непосредна зависност од биолошките својства на сортата, системот на одгледување, агроеколошките услови како и од применетите агротехнички и ампелотехнички мерки. Заради тоа, една од целите во истражувањето е да се утврдат ефектите од ѓубрењето врз висината на приносот (kg/лоза и kg/ha) кај испитуваните варијанти од двете трпезни сорти. Тригодишното истражување покажало значително позитивно влијание на примената агротехничка мерка (фолијарно ѓубрење) при одгледувањето на виновата лоза.

Познавањето на елементите на механичкиот состав на гроздот и зрното се значајни при определувањето на квалитетот на трпезното грозје за консумација во свежа состојба. Помеѓу големиот број на фактори кои имаат влијание врз

механичкиот состав на гроздот, значајно место завзема и примената на минералните ѓубрива.

Преку примена на соодветни анализи, кандидатката во сите три години од истражувањето го следи влијанието на фолијарното ѓубрење врз елементите од механичкиот состав на гроздот. Почвеното и фолијарно ѓубрење во склоп на поволни климатски услови и правилно применетите агротехнички мерки покажале позитивно влијание и врз квалитетот на грозјето кај испитуваните сорти.

Во седмата глава **ЗАКЛУЧОЦИ,** кандидатката концизно и јасно ги презентира основните заклучоци, кои се сублимат на добиените резултати прикажани во докторската дисертација и претставуваат целосен одговор на поставените цели.

Врз основа на спроведените истражувања и добиените резултати кандидатката ја потврдува биолошка оправданост на примената на почвеното и фолијарното ѓубрење со различни формулации, аплицирани во иста концентрација, преку зголемување на содржината на макро и микро елементите во листовите и ластарите, зголемувајќи го на тој начин и приносот и квалитетот на грозјето од сортите кардинал и афус али.

Заради практичната придобивка на лозарите во однос на минералната исхрана кај сортите винова лоза кардинал и афус али, одгледувани во адекватните агроеколошки услови во Тиквешкиот регион од сите испитувани варијанти, кандидатката ја препорачува употребата на варијантата 4. При употреба на ова фолијарно ѓубрење, кај двете сорти е постигната највисока содржина на макро и микро елементи во листовите и ластарите, со добиени највисоки приноси на грозје, најдобри својства за квалитет на грозјето и највисока содржина на шеќери во гроздовиот сок.

Во осмата глава **ЛИТЕРАТУРА**, кандидатката дава преглед на литературата користена во оваа докторската дисертација. Наведени се 315 референци, од домашни и странски автори, во најголем дел од понов датум. Наведената литература во целост соодветствува со проблематиката која е обработена во докторската дисертација

Во делот **ПРИЛОГ,** кандидатката прикажува повеќе фотографии направени за време на експерименталното истражување.

**Предмет на истражување –** Земајќи го предвид сознанието дека примената на оптималните количини на макро и микроелементи директно влијае врз квалитетот на грозјето, кандидатката во текот на тригодишното истражување ги следи хемискиот состав на листот и ластарот заради оценување на исхранетоста на лозите, како и висината на остварениот принос на грозје и неговиот квалитет, одгледувани во услови на дополнително фолијарно ѓубрење, четири пати во текот на вегетационата сезона.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Во современото лозарство, ѓубрењето е една од најзначајните агроетхнички мерки, која заедно со другите мерки треба да овозможи непрекидно високо и рентабилно производство на квалитетно грозје и негови производи. Ѓубрењето, пред сѐ, влијае врз развојот на лозата и поголема вегетативна сила, која

во тој случај може да се оптовари со поголем број родни окца, со што се постигнуваат и повисоки приноси. И покрај тоа што еден дел од изнесената количина на хранливи материи од почвата се враќа назад преку отпаднатата лисна маса, деловите од отстранетите зелени ластари, како и преку процесот на мулчирање, дел од хранливите материи сепак се изнесуваат неповратно и секоја година се губат големи количини кои треба да се надополнат преку мерката ѓубрење.

Потребите на виновата лоза од хранливи материи, за развој на своите органи и за редовна и квалитетна родност, се различни, како што и наведува кандидатката во третата глава *Преглед на литература*.

Виновата лоза се одгледува во различни почвено климатски услови и при различни начини на одгледување, па оттаму постојат и големи разлики во исхраната, односно ѓубрењето. Оваа култура се одгледува на иста почва по 30 години, па дури и повеќе, а во текот на една година се апсорбираат големи количества хранливи елементи (N, $P_2O_5$ и $K_2O$) кои треба да се вратат во почвата за да може да се обезбеди принос и во наредната година.

Ѓубрењето преку почвата е една од значајните агротехнички мерки, со која може да се влијае не само врз принсот, туку и врз квалитетот на грзојето, но во последно време, често се применува мерката фолијарно прихранување првенствено за да се спречи недостатокот, но и да се подобри квалитетот на плодовите. Предноста на фолијарната исхрана во однос на исхраната преку почвата е бризината на делување (можност за апсорбирање во моментот на потреба), поголем процент на искористеност како и можност за негова примена при неповолни услови. Недостатокот е неможноста за создавање на залихи од хранливи материи, опасност од превисока концентрација и голем дијаметар на отворите на прскалките, како и осетливоста на високи температури.

Целта на многубројните истражувања кај и нас и во светот е да се утврди ефектот од примената на фолијарните ѓубрива врз агробиолошките и технолошките карактеристики, односно врз висината на приносот и квалитетот на виновата лоза.

Во тој контекст се насочени и испитувањата направени во оваа докторска дисертација, одгледување на трпезни сорти винова лоза, каде што со аплицирање на фолијарни ѓубрива со различен хемиски состав би се одредила најдобрата варијанта (ѓубриво) за производтелот на грозје, со која ќе се постигнат најдобри квалитативни и квантитативни својства.

**<u>Краток опис на применетите методи</u>**

Испитувањата предвидени со целите на оваа докторска дисертација се направени кај двете испитувани сорти, одделно за секоја варијанта и повторување, во период од три години (2012, 201, 2014). Кандидатката дава детален опис на методите и опремата што се користени во текот на истражувањето:

- ***агрохемиска анализа на почва:*** механички состав (интернационална пипет метода (Resulović, 1971), и диспергирање на честичките со 0.1M Na-пирофосфат); содржина на карбонати (волуметриски со помош на Шајблеров калциметар); pH вредност на почвен раствор (електрометриски, со стаклена електрода во водена суспензија и во суспензија на NKCl); содржина на хумус (метода на Тјурин, модифицирана од Симаков); вкупен азот (метод на Kjeldahl); леснодостапен азот (метод на Bremner); леснодостапни форми на фосфор ($P_2O_5$) и калиум ($K_2O$) (Al метода); екстракција на разменлив калциум и магнезиум (метод со амониум ацетат, со отчитување на AAC - атомски атсорпционен спектрометар, тип Varian

Spectra AA800); содржина на манган, железо, бакар и цинк (DTPA метод со отчитување на ААС - атомски атсорпционен спектрометар, тип Varian Spectra AA800);

- ***хемиска анализа на растителен материјал (лист и ластар):*** содржина на вкупен азот (метод на Kjeldahl, преку титрација со 0,1 mol/l NaOH); содржина на фосфор, калиум, калциум, магнезиум, железо, манган, бакар и цинк (спалување на материјалот со концентрирана $HNO_3$ и $H_2O_2$ во Heating Digester DK 20, со отчитување со примена на атомска емисиона спектрометрија со индуктивно спрегната плазма (ICP-AES);
- ***анализа на гроздов сок (шира)*** - pH вредност (електрометриски, со стаклена електрода); содржина на шеќери (Екслов широмер); содржина на вкупни киселини (титрација со n/4 NaOH);
- ***механичка анализа на грозд*** - според утврдените норми од Меѓународното биро за грозје и вино (O.I.V) со седиште во Париз. Утврдени се следните елементи: механички состав на грозд, механички состав на зрно и структура на грозд и зрно; димензии и форма на грозд и зрно (по CODE систем даден од Меѓународното биро за грозје и вино (O.I.V); отпорност на притисок на зрно т.е реакционата цврстина на единица површина и отпорност на откинување на зрно од дршкичка (со посебно конструиран елемент додаден на лабораториска техничка вага);
- ***статистичката обработка*** на податоците е извршена со помош на статистичко аналитичката програма SPSS 20,0. Аналитичката процедура е изведена преку моделот на генерален линеарен метод, а резултатите тестирани со LSD - тест, претставени на ниво на веројатност од $p < 0,05$. Помеѓу поголем број параметри извршена е регресиона анализа и одреден е коефициентот на корелација.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Во **шестата** глава, „Резултати и дискусија“, кандидатката м-р Христина Попоска ги прикажува севкупните резултати од спроведените три годишни истражувања. Ова поглавје, поради обемот на истражувања, толкувањето на добиените резултати и спредбената евалуација, разбирливо, зафаќа најголем дел од дисертацијата. Затоа, тоа е развиено во три големи подпоглавја, а тие дополнително во наредни единици. Генерално, сите резултати до кои дошла кандидатката се изложени на јасен и прецизен начин, поради што се лесно разбирливи. Добиените резултати од тригодишното истражување прегледно и јасно се прикажани во форма на табели и графикони.

Во првиот дел од поглавјето, кандидатката го презентира влијанието на фолијарното ѓубрење врз хемискиот состав на листовите од испитуваните сорти кардинал и афус али. Кандидатката наведува дека лисната анализа е една од најдобрите достапни алатки за мониторинг на хранливиот статус кај грозјето и водич за управување на исхраната на виновата лоза.

Како резултат на направените анализи во текот на истражувањето заклучено е дека фолијарното ѓубрење има позитивно влијание врз хемискиот состав на листовите кај испитуваните сорти.

Кај сортата кардинал, содржината на азот е највисока кај варијантата **5**, со 2,62 %; кај варијантата **3** утврдена е највисока просечна содржина на фосфор, од 0,96 %, додека највисока содржина на калиум забележана е кај варијантата **4**, со 0,94 %, со статистички значајни разлики во однос на контролната варијанта на ниво на веројатност од $P \leq 0,05$. Содржината на калциум е сигнификантно

највисока кај варијантата **2** (3,13 %), а содржината на магнезиум кај варијантата **6** (0,51 %). Микроелементот железо е најзастапен кај варијантата 7 (154,07ppm), додека кај варијантата **4** утврдена е највисока содржина на манган (152,03 ppm) и бакар (19,20 ppm).

Кај сортата афус али, сигнификантно највисока содржина на азот утврдена е кај варијантата **5** (3,03 %), кај варијантата **3** забележана е највисока содржина на фосфор (0,35 %), додека кај варијантата **4** утврдена е највисока содржина на калиум (0,94 %) и манган (182,32 ppm). Највисока содржина на калциум забележана е кај варијантата **2** (3,08 %), додека кај варијантата **6** утврдена е највисока содржина на магнезиум (0,46 %), цинк (48,34 ppm) и бакар (18,36 ppm). Сигнификантно највисока просечна содржина од 168,98 ppm железо е утврдена кај варијантата **7**.

Во вториот дел од поглавјето преку презентирање на податоците, авторот го истакнува влијанието на фолијарното ѓубрење врз хемискиот состав на ластарите од двете сорти. Минералниот состав на едногодишните ластари, односно вкупната содржина на минералните материи и нивниот меѓусебен однос е многу значаен критериум за оцена на степенот на исхранетост на виновата лоза, а со тоа и потребите за ѓубрење. Тригодишното прихранување на лозите од испитуваните сорти покажа позитивно влијание врз хемискиот состав на ластарите од испитуваните сорти.

Сигнификантно највисока содржина на азот утврдена е кај варијантата **5**, со 1,42 % кај сортата кардинал и 1,70 % кај сортата афус али. Кај варијантата **4** забележана е највисока содржина на калиум (0,6 %), манган (47,49 ppm) и бакар (4,41 ppm) кај сортата кардинал и 0,63 % калиум, 62,43 ppm манган и 3,95 ppm кај сортата афус али. Содржината на калциум е највисока кај варијантата **2** (1,21 %) кај кардиналот и 1,58 % кај афус али, а на магнезиум кај варијантата **6**, со 0,17 % кај сортата кардинал и 0,15 % кај сортата афус али. Сигнификантно највисока содржина на железо утврдена е кај варијантата 7, со 79,24 ppm кај сортата кардинал 78,20 ppm кај сортата афус али..

Во третиот дел од поглавјето авторот го презентира влијанието на фолијарното ѓубрење врз висината на приносот и квалитетот кај испитуваните сорти винова лоза, преку механичкиот состав на гроздот и зрното, механичките својства на зрното (отпорност на притисок и на откинување на зрното) и хемискиот состав на гроздовиот сок (ширата).

Количината на набраното грозје е во непосредна зависност од биолошките својства на сортата, системот на одгледување, агроеколошките услови како и од применетите агротехнички и ампелотехнички мерки. Влијанието на тригодишното континуирано комбинирано ѓубрење е анализирано преку оствареиот принос (kg/лоза и kg/ha) за секоја сорта одделно, при што добиените резултати покажале значително позитивно влијание од примената на оваа агротехничка мерка при одгледувањето на виновата лоза.

Кај двете испитувани сорти највисок просечен принос е постигнат кај варијантата **4**.

Кај сортата кардинал, просечниот принос изнесува 5,23 kg/лоза и 17,01 kg/ha, значително повисок од останатите варијанти и со статитстички значајна разлика во однос на контролната варијанта и индекс на зголемување од 25 %. Кај сортата афус али, највисокиот просечен принос изнесува 5,23 kg/лоза и 20,66 kg/ha, со статистички значајна разлика од контролната варијанта, на ниво на веројатност од $P \leq 0{,}05$ и $P \leq 0{,}01$ и зголемување од 28 %.

Почвеното и фолијарно ѓубрење во склоп на поволните климатски услови и правилно применетите агротехнички мерки покажа позитивно влијание врз квалитетот на грозјето кај испитуваните сорти.

Кај варијантата **4** од сортата кардинал, утврдена е најголема маса на грозд, со просечна вредност од 428 g, најголема вкупна маса на зрна од 390,26 g со процентуална застапеност од 76,72 %, најголемо учество на меснатат дел во гроздот од 548,30 g, со статистички значајни разлики на ниво на веројатност од P≤0,05 во однос на контролната варијанта.

Кај сортата афус али, со најголема маса на гроздот се издвои варијантата **4**, со просечна вредност на гроздот од 356 g, просечна маса на зрна од 329,14 g и процентуална застапеност на зрната од 63,83 %, сигнификантно различна од останатите варијанти.

Кај сортата кардинал, највисокиот број на оплодени зрна изнесува 72,37 кај варијантата 5, и 124,38 кај варијантата **4** од сортата афус али. Сигнификантност на ниво на веројатност од P≤0,05 е утврдена само кај сортата афус али.

Кај сортата кардинал, варијантата 2 се издвојува со најголема должина на гроздот од 22,88 cm, со статистички значајни разлики во однос на контролната варијанта, додека најголема ширина на гроздот утврдена е кај варијантата **4** (11,94cm) но без статистички значајни разлики.

Кај сортата афус али, варијантата **4** е со најголема должина на гроздот од 23,86 cm, додека варијантата **3** е со најголема ширина, од 15,89cm, сигнификантно различни во однос контролната варијанта на ниво на веројатност од P≤0,05.

Сигнификантно најголема маса на зрно од 9,15 g, должина и ширина од 21,9 mm и 21,2 mm, се издвојува варијантата **4**, кај сортата кардинал.

Кај сортата афус али, најголема должина на зрното утврдена е кај варијантата **4** (21,9 mm) со статистичка значајност во однос на другите варијанти, додека кај контролната варијанта забележана е највисока вредност за параметарот ширина на зрно (18,6 mm). Со најголема маса на зрно (7,59 g) е варијантата **3**, сигнификантно различна со контролната варијанта

Континуираното тригодишно ѓубрење има позитивно влијание врз подобрувањето на својството отпорност на притисок и откинување на зрното во однос на контролната варијанта. Зрното од варијантата **2** се издвојува со сигнификантно највисока просечна отпорност на притисок од 2229,70 g и 364,52 g на откинување на зрното, кај сортата кардинал и просечна отпорност на притисок од 2616,86 g и отпорност на откинување на зрното од 372,62 g, кај сортата афус али.

Кај сортата кардинал сигнификантно највисока просечна содржина на шеќери (168,55 g/l) е утврдена кај варијантата **3**, додека кај сортата афус али највисока просечна содржина на шеќери (194,00 g/l) утврдена е кај варијантата 4.

Грозјето од варијантата **5** кај испитуваните сорти се издвојува со највисока просечна содржина на вкупни киселини од 5,38 g/l кај сортата крадинал и 3,50 g/l кај сортата афус али, но без статистички значајни разлики.

### ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Христина Попоска, со наслов **ВЛИЈАНИЕ НА ФОЛИЈАРНОТО ЃУБРЕЊЕ ВРЗ ПРИНОСОТ И КВАЛИТЕТОТ КАЈ СОРТИТЕ ВИНОВА ЛОЗА – КАРДИНАЛ И АФУС АЛИ**, претставува истражување во науката за земјиштето и хидрологијата, во потесната област плодност на земјиштето и фертилизација. Изработката на темата на оваа докторска дисертација е утврдување на влијанието на фолијарното ѓубрење врз исхранетоста на виновата лоза преку анализа на: хемискиот состав на листот и ластарот; висината на приносот; големината и цврстината на зрното;

хемискиот состав на ширата, како и избор на folijarno ѓубриво за прихранување на испитуваните трпезни сорти винова лоза: кардинал и афус али.

Преку аплицирањето на ѓубривата со различен хемиски состав, 4 пати во текот на вегетационата сезона кај сортите винова лоза кардинал и афус али, кандидатката го прикажува позитивниот ефект врз претходно споменатите значајни својства за трпезните сорти, врз зголемувањето на приносот, како во квантитет така и во квалитет.

За понатамошна практика и успешно производство на трпезните сорти винова лоза кардинал и афус али, врз основа на добиените резултати кандидатката дава препорака за избор на фолијарно ѓубриво, кое преку тригодишното истражување ги даде најдобрите резултати кај анализираните параметри.

Докторската дисертација на кандидатката **м-р Христина Попоска**, со наслов **ВЛИЈАНИЕ НА ФОЛИЈАРНОТО ЃУБРЕЊЕ ВРЗ ПРИНОСОТ И КВАЛИТЕТОТ КАЈ СОРТИТЕ ВИНОВА ЛОЗА – КАРДИНАЛ И АФУС АЛИ,** според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

## ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката пред одбраната на докторскиот труд ги објавила следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. **Poposka H.**, Manasievska Simikj S., Stojanova M., Mukaetov D. (2015). Influence of foliar fertilizing on stomata parameters in maize leaf (Zea Mays L.). International Journal of Agronomy and Agricultural Research (IJAAR). Volume 7, Number 4, October 2015 – IJAAR.pp.68-74. IF 1,799.

**[2]. Hristina Poposka**, Marina Stojanova, Dusko Mukaetov, Silvana Manasievska Simik, Marjan Andreevski, Tijana S. Simonovikj (2014). Effects of foliar fertilization on microelements in maize leaf. Book of proceedings. Scientific Conference. Chalenges in modern agricultural production. Institute of Agriculture, Skopje.

[3]. M. Menkinoska, I.Gjorgoski, S.Manasievska-Simic, V.Pavlova, Z.Popeska, V.Stanoev, T. Blazevska, **H.Poposka**, N. Gjorgovska, V. Levkov (2014): The Influence of Fe-chelates Fertilizers on the Soft Wheat`s Quality**.** International Journal of Emerging Technology & Advanced Engineering (ISSN 2250-2459, ISO 9001:2008 Certified Journal), Volume 4, Issue 9, September, 2014. IF 2.324.

[4]. **Hristina Poposka**, Marina Stojanova, Dusko Mukaetov, Marjan Andreevski, Dime Petkovski (2013): Influence of foliar fertlisation on distribution of some elements in maize leafs. Zemljiste i biljka, Vol. 62, No.3, ( 99-110), Beograd.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација под наслов наслов **ВЛИЈАНИЕ НА ФОЛИЈАРНОТО ЃУБРЕЊЕ ВРЗ ПРИНОСОТ И КВАЛИТЕТОТ КАЈ СОРТИТЕ ВИНОВА ЛОЗА – КАРДИНАЛ И АФУС АЛИ,** според содржината и добиените резултати претставува оригинален научен труд.

При изработката на трудот обработени се голем број литературни податоци, користен е рационален пристап, резултатите се јасно презентирани и коментирани, а заклучоците даваат прецизни одговори на поставените цели.

Трудот е технички одлично подготвен, напишан со јасен и концизен стил, со прегледни резултати, претставени табеларно и графички, и прецизно изведени заклучоци.

Со испитувањето на одредените параметри, кандидатката дава јасна слика за значењето на фолијарното ѓубрење и неговата примена, што претставува важен податок за секој производител на грозје.

Врз основа на изнесеното може да се констатира дека докторскиот труд претставува корисен придонес во проучувањето на исхраната на виновата лоза и фолијарното ѓубрење.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Христина Попоска** со наслов **ВЛИЈАНИЕ НА ФОЛИЈАРНОТО ЃУБРЕЊЕ ВРЗ ПРИНОСОТ И КВАЛИТЕТОТ КАЈ СОРТИТЕ ВИНОВА ЛОЗА – КАРДИНАЛ И АФУС АЛИ.**

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Марина Стојанова,**
**редовен професор, ментор. с.р.**

**Проф. д-р Мирјана Херак Ќустиќ,**

**редовен професор, член. с.р.**

**Проф. д-р Силвана Манасиевска Симиќ,**

**вонреден професор, член. с.р.**

**Проф. д-р Звонимир Божиновиќ,**

**редовен професор, член. с.р.**

**Проф. д-р Петар Христов,**

**редовен професор, член. с.р.**

# Преглед

## на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје од 31-та седница на Наставно-научниот совет одржана на 17.03.2016 година

| Кандидат | Наслов на труд МК | Наслов на труд ENG | Ментор | Одлука на ННС на ФЗНХ |
|---|---|---|---|---|
| Дејан Мицов | „Протеинска и тартаратна стабилизација кај бели вина" | Protein and tartaric stabilization in white wines | Проф. д-р Михаил Петков | Бр. 02-481/9 од 17.03.2016 година |
| Васко Манев | „Сузбивање на *Botrytis cinera* и *Uncinula necator* кај виновата лоза во тиквешкиот и скопскиот регион" | Control of *Botrytis cinerea* and *Uncinula necator* in grapevine in tikvesh and skopje region | Проф. д-р Раде Русевски | Бр. 02-481/10 од 17.03.2016 година |
| Даниела Дамјаноска | „Производно-економски ефекти од финансиската поддршка на градинарството во општина Валандово" | Production and economic effects from the financial support of the vegetable production in the Valandovo municipality | Проф. д-р. Јован Аждерски | Бр. 02-481/11 од 17.03.2016 година |
| Даниела Богојевска | „Споредба на технологиите на одгледување домат во заштитени простори" | Comparison of tomato cultivation technologies in greenhouses | Проф. д-р. Гордана Попсимонова | Бр. 02-481/12 од 17.03.2016 година |

# РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „ЏУДО МЕТОДИКА“ ОД АВТОРИТЕ ЖАРКО КОСТОВСКИ И ГОРАН МИЦКОСКИ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, бр. 0201-1706/7 од 3.12.2015, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „ЏУДО-МЕТОДИКА“ од авторите: проф. д-р Жарко Костовски и м-р Горан Мицкоски наменет за студентите на Факултетот за физичко образование спорт и здравје, за предметот Боречки спортови 2, за студиската група Физичко и здравствено образование и за студиската група Спортски тренери на предметите: еорија и методика на Џудо, ехника и тактика на џудо и педагошка практика со изработка на дипломска работа избрани се проф. д-р Илија Клинчаров и проф. д-р Бранислав Црногорац.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

## I. Општ дел

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | ЏУДО-МЕТОДИКА |
| **Назив на предметната програма:** | Боречки спортови 2, теорија и методика на џудо, техника и тактика на џудо и педагошка пракса со изработка на диплоска работа |
| **Назив на студиската програма:** | Физичко и здравствено образование и Спортски тренери |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:** | Ракописот е предвиден за ½ (45 часа) од програмата на предметот боречки спортови 2, ½ (15 часа) теорија и методика на џудо, ½ (30 часа) техника и тактика на џудо и 1/3 (20 часа) педагошка практика со изработка на диплоска работа |
| Предметот боречки спортови 2 на Факултетот за физичко образование спорт и здравје е задолжителен предмет на насоката Физичко и здравствено образование со фонд на часови 4+2, со број на ЕКТС-кредити 8 и се слуша во седми семестар. На насоката Спортски тренери предметите : “Теорија и методика на џудо“ е задолжителен предмет со фонд на часови 2+0, број на ЕКТС-кредити 6 и се слуша во прв семестар, Техника и тактика на џудо е задолжителен предмет со фонд на часови 2+2 број и ЕКТС-кредити | |

| | |
|---|---|
| 8 и се слуша во втор семестар, педагошка практика со изработка на диплоска работа е задолжителен предмет со фонд на часови 2+2 со број на ЕКТС-кредити 8 и се слуша во шести семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 168 страници (формат B5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12 pt. Текстот е поделен во 8 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 65 слики и 2 табели. |

РЕЦЕНЗЕНТИ

**1. Проф. д-р Илија Клинчаров, редовен професор на ФФОСЗ, во Скопје с.р.**

**2. Проф. д-р Бранислав Црногорац, вонреден професор на Едукацискиот факултет во Травник с.р.**

## II. **ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ:** ПРОФ. Д-Р ИЛИЈА КЛИНЧАРОВ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот ЏУДО-МЕТОДИКА, од авторите проф. д-р Жарко Костовски и м-р Горан Мицкоски, произлегува како потреба и фундаментален учебник за студентите од двете студиски програми на Факултетот за физичко образование спорт и здравје. Текстот на учебникот ЏУДО-МЕТОДИКА е напишан во согласност со наставниот план и програма за предметот Боречки спортови2 од студиската група физичко и здравствено образование и Теорија и методика на Џудо, Техника и тактика на избраниот спорт и Педагошка практика со изработка на дипломска работа за студиската група Спортски тренери. Ракописот се состои од 168 страници поделени во 7 глави, а има и литература со 57 наслови кои одговараат на темата а исто така содржи и содржина.<br>Првото поглавје со наслов „Вовед“ ги упатува студентите и останатите читатели во проблематиката на ракописот. Дефинираните поими во ова поглавје се усогласени со современите достигања во спортот џудо и кнезиолошката наука.<br>Второто поглавје носи наслов Историски преглед и во него се обработени три тематски подрачја: Смислата и намената на Џудото, Џигоро Кано и Кодокан институт. Авторите упатваат на местото, улогата, целта и обележјата на џудото во своите почетоци како вештина а потоа и на џудото како спорт.<br>Во третото поглавје Принципи на џудото авторите не упатуваат на пет тематски подрачја, не запознаваат со принципите според кои успешно и ефикасно би се практикувал џудо спортот. Во понатамошниот текст авторите ги набројуваат и детално ги објаснуваат петте принципи во џудото.<br><br>Четвртото поглавје е именувано „Методски основи на учење во џудото“. Составено е од пет потпоглавја. Авторите ги запознаваат студентите и другите читатели со основната форма на моторното учење и фазите на моторното учење. Во понатамошниот дел се осврнуваат на наставната работа – структурата на часот по џудо, како и со етапите на обуката во џудото. Не запознаваат со спецификите на часот и неговите составни делови, како и оптоварувањето на часовите по џудо. Претставени се дидактичките принципи во единство со методите, формите и средствата за |

| | |
|---|---|
| | работа кои претставуваат услов за успешна реализација на часот по џудо.<br><br>„Традиционален go kyo кодокан џудо“ е насловот на петтото поглавје, во кое авторите до детали ги претставуваат петте комплекси на техники наречени и “Gokyo no Waza“, настанати уште 1885 година во Токио. Авторите нагласуваат дека спортот џудо изобилува со безброј техники, поделени по групи, во зависност од начинот на нивната изведба. Малата школа Кодокан која ја основал Кано, прераснала во институт каде за прв пат во 1885 година е направена првата класификација на техники на фрлања (Gokyo no Waza), а класификацијата содржела 42 техники.<br><br>Во шестата глава која носи наслов „Џудо-техники“ која по обем е и најголема и содржи пет поглавја и триесет и осум потпоглавја, на јасен и сликовит начин ги опишува применетите техники. Од големиот дел на џудо-техники издвоени се техники кои се сопфаќаат со наставнаата програма на предметот. Тие се сликовито прикажани, опишани како финална изведба и прикажана е методската постапка за обучување на секоја од нив.<br><br>Авторите на јасен прецизен и стручен начин, разбирлив за студентите и останатите читатели, ја опишуваат финалната изведба на секоја од прикажаните техники поддржани со слика. Големиот придонес во оваа глава авторите го дале во методската обука на техниките. Тие преку слика и јасен читлив и разбирлив текст ја опишуваат методската постапка на обучување и предвежбите за нив. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот содржи делови кои се соодветни со предвидените предметните програми по предметите боречки спортови2 од студиската група физичко и здравствено образование и теорија и методика на џудо, “Техника и тактика на џудо“ и “Педагошка практика со изработка на диплоска работа за студиската група спортски тренери. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Забелешки за потребни корекции во ракописот нема. |
| **Оцена на ракописот:** | Материјалот е изложен систематски, со јасен и концизен стил на изразување. Големиот број на обработени групи на технички од делот на џудо-спортот го надополнуваат и го |

| | |
|---|---|
| | дообјаснуваат изложениот материјал. Со ова се овозможува лесно совладување на наставната материја. Ракописот е напишан на литературен македонски јазик со задржување на вообичаената терминологија од делот на џудо-спортот. |
| **Категоризација:** | Учебник за делови од предметите боречки спортови 2, студиската група физичко и здравствено образование и Теорија и методика на џудо, “Техника и тактика на џудо“ и “Педагошка пракса со изработка на диплоска работа за студиската група спортски тренери. |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 168 страници (формат B5 ), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12 pt. Текстот е поделен во 8 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 65 слики и 2 табели.<br>Врз основа на погоре изнесеното, ПРЕПОРАЧУВАМ овој ракопис да го користат студентите од прв циклус студии на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје како учебник по предметите: боречки спортови 2 од студиската група физичко и здравствено образование и теорија и методика на џудо, Техника и тактика на џудо и педагошка практика со изработка на диплоска работа за студиската група спортски тренери, кој содржи делови предвидени со соодветната предметна програма, но можат да го користат и студенти од факултети во чии наставни програми се опфатени содржините што се обработуваат во овој ракопис. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметите: боречки спортови 2 од студиската група физичко и здравствено образование и теорија и методика на џудо, техника и тактика на џудо и педагошка пракса со изработка на диплоска работа“ за студиската група спортски тренери, примарно наменет за студентите на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје.

РЕЦЕНЗЕНТ

**Проф. д-р Илија Клинчаров с.р.**

## III. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р БРАНИСЛАВ ЦРНОГОРАЦ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот ЏУДО-МЕТОДИКА од авторите: проф. д-р Жарко Костовски и м-р Горан Мицкоски, е работен според делови од предметната програма боречки спортови 2, теорија и методика на џудо, техника и тактика на џудо и педагошка практика со изработка на дипломска работа за студиските групи физичко и здравствено образование и спортски тренери на Факултетот за физичко образование спорт и здравје.<br><br>Ракописот се состои од 168 страници поделени во 7 глави, а има литература и содржина.<br><br>Учебникот е напишан во повеќе тематски целини. Секоја целина има свои потцелини кои логички се усогласени со основната тематика.<br><br>Првиот дел, ВОВЕД, авторите се осврнуваат на дефинициите на спортот. На јасен и разбирлив начин го доближуваат значењето на спортот и врвниот спорт до читателот. Преку значењето и дефинициите на спортот го објаснуваат значењето на врвниот спорт и тежнеењето на спортистите и тренерите кои пробуваат да досегнат до највисоките висини на Олимп, тренери – кои бараат пат кон тие висини, педагози и професори – кои настојуваат на учениците и студентите да им ги пренесат своите знаења и искуства.<br><br>Вториот дел, ИСТОРИСКИ ПРЕГЛЕД, со своите потпоглавја: Смислата и намената на џудото, Тајните техники на Jiu-jitsu, Џигоро Кано и Кодокан институтот, даваат основа и овозможуваат студентите и останатите корисници на учебникот успешно да ја следат содржината на книгата. Дефинирањето на поимите во ова поглавје е усогласено со теоретските пристапи во областа на кинезиолошката наука.<br><br>Главата ПРИНЦИПИ НА ЏУДОТО го објаснува процесот на создавањето на џудото. На џудото му претходело |

| | |
|---|---|
| | интензивно и систематско проучување на Jiu-jitsu техниката од страна на неговиот основач Џигоро Кано. Jiu-jitsu техниките се увежбувале и изведувале во практика на многу груб и опасен начин, така што учениците, во најдобар случај, било тешко да избегнат повреди. Покрај здравствениот ризик, Jiu-jitsu техниката имала толку многу формален конвенционализам што напредувањето до експертските вештини било можно единствено по долгогодишно напорно тренирање. Најмногу од се, Кано го критикувал начинот на тренинг во Jiu-jitsu поради тоа што ги игнорирале неговите принципи на џудото. Со таквите недостатоци, по проценка на Кано, Jiu-jitsuто не била во состојба да ги задоволи условите на физичкото образование. Од друга страна пак, Кановото џудо било замислено така да се работи по принципите на неговиот основач. Во понатамошниот текст авторите ги објаснуваат петте принципи во џудото.<br><br>Делот МЕТОДСКИ ОСНОВИ НА УЧЕЊЕ ВО ЏУДОТО е основен од стојалиште на презентирањето на знаењата кои ги обединуваат како теоретски неопходните основи и конкретната методика на џудото, така и сознанијата за реализација на тренингот со децата-ученици за кои е наменета.<br><br>Во главата ЕТАПИ НА ОБУКАТА НА ЏУДО- ТЕХНИКАТА, како поглавје, обработено е во духот на важечките дидактички поставки и потребите на наставникот во практиката. По спроведувањето на процесот учење на техниките на џудото, мора да се решаваат одредени педагошки задачи, што условува процесот на учење да биде на повеќе етапи. Секоја од овие етапи е доминантна во одредена фаза на обуката и авторите од тој аспект ги објаснуваат нивните карактеристики. |

| | |
|---|---|
| | Авторите во главата GO-KYO NO WAZA КОДОКАН ЏУДО, даваат краток осврт на техниките во џудото, и нивната поделеност по групи, во зависност од начинот на нивната изведба. Малата школа Кодокан кја ја основал Кано, прераснала во институт каде што за прв пат во 1885 година е направена првата класификација на техники на фрлања (Gokyo no Waza), а класификацијата содржела 42 техники. Во понатамошниот текст, авторите даваат табеларен приказ на техниките и нивната поделба.<br><br>Во главата ЏУДО-ТЕХНИКИ, авторите се осврнуваат на карактерот на техниките во џудото, разновидни и многу сложени моторички движења, а реализацијата на техничките активности при максимално спротивставување на противникот, како и дефицитот на време, ритмички услови, неповторливост на ситуацијата и слични специфичности побаруваат добро познавање на законитостите на биомеханиката. Во понатамошниот дел од главата даден е осврт на биомеханичките карактеристики на техниките, во која подглава се објаснети пет принципи за реализација на техниките. Во оваа глава, преку уште пет подглави, авторите ги објаснуваат изведбите и методските постапки при учењето на џудо-техниките. Техниките се обработени на пристапен начин за читателите.<br><br>Користената ЛИТЕРАТУРА, со 57 наслови, одговара на намената на учебникот. Литературата опфаќа како основа новонапишани теории и методики на спортот, а се среќаваат и автори со постари датуми што не ја намалува вредноста на учебникот, бидејќи библиографските единици се внимателно обработени. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Со учебникот се покриени во добар процент, студиските програми и кој во голема мера е соодветен со предвидените содржини од предметите: боречки спортови 2, теорија и методика на џудо, техника и тактика на џудо и педагошка практика со изработка на дипломска работа за студиските групи |

| | |
|---|---|
| | физичко и здравствено образование и спортски тренери на Факултетот за физичко образование спорт и здравје. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Нема |
| **Оцена на ракописот:** | Учебникот ЏУДО-МЕТОДИКА е напишан со високо стручен, едноставен и истовремено разбирлив начин. Стилот на пишување е прикладен како за студентите, така и за останатите читатели кои ќе го користат во својата професионална работа, впрочем стилот на пишување ги задоволува потребните услови за универзитетски учебник. |
| **Категоризација:** | Учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Авторите обработиле една интересна и несекојдневна проблематика, со што ќе им обезбедат на студентите полесно и поедноставно совладување на наставните содржини од предвидените програми. Учебникот го поделиле на 7 поглавја, јасно дефинирани секоја со својата проблематика. Сите поглавја се претставени на 168 страници во B5 , и со големина на буквите 12. Врз основа на изнесените аргументи, овој ракопис можат да го користат студентите од првиот циклус студии на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје како учебник. |

Како определен рецензент на овој учебник, и како наставник кој ја предава истата проблематика на Универзитетот во Травник , а врз основа на презентираните аргументи, чест ми е овој ракопис да го предложам да се отпечати како учебник за студентите по предметите: боречки спортови 2, теорија и методика на џудо, техника и тактика на џудо и педагошка практика со изработка на дипломска работа за студиските групи физичко и здравствено образование и спортски тренери на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје.

Рецензент

**Проф. д-р Бранислав Црногорац с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО АСИСТЕНТ-ДОКТОРАНД ОД ОБЛАСТА ИНФОРМАТИКА И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, на седницата на одржана на 18.2.2016 година, избрани сме за Рецензентска комисија по конкурсот објавен во весниците „Нова Македонија", „Коха" и „Вечер" од 27.1.2016 година, за избор на еден асистент-докторанд во сите наставно-научни области од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика.

На конкурсот се пријави кандидатот Бојан Илијоски, соработник на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, магистер на информатички науки. По разгледувањето на приложените документи, на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје му го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Биографски податоци

Кандидатот Бојан Илијоски е роден на 28 август 1987 година во Скопје. Основното образование го завршил во ОУ „Мирче Ацев" во Скопје. Средното образование го завршил во СУГС „Никола Карев" во Скопје. Во текот на школувањето учествувал и освојувал награди на државни првенства по математика и информатика.

На студиите по информатика се запишал во учебната 2006/2007 година на Природно-математичкиот факултет, Институт за информатика. Дипломирал во редовен рок со просечна оценка 9,38 во септември 2010. Во текот на студирањето добил признанија и пофалници за постигнатиот успех и учествувал и освојувал награди на домашни и меѓународни натпревари од различни области на информатиката. Постдипломски студии запишал во 2010 година на Природно-математичкиот факултет. Своите постдипломски студии ги продолжил на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ). Магистрирал во 2013, со просечна оценка 10 и одбранет магистерски труд со наслов „Групирање на коментари на македонски јазик" на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје со што се стекнал со звањето магистер по информатички науки – компјутерски науки. Во учебната 2014/2015 се запишува на докторски студии на ФИНКИ.

Од 2009 година е ангажиран како демонстратор на Институтот за информатика при Природно-математичкиот факултет, а почнувајќи од зимскиот семестар од учебната 2011/2012 работи како демонстратор на ФИНКИ. Одлично говори и пишува на англиски и српски јазик, а има познавања и од бугарскиот и шпанскиот јазик.

## Наставно-образовна дејност

Во изминатите години, кандидатот Бојан Илијоски како демонстратор со успех и ангажираност изведуваше (и изведува) часови вежби по следниве предмети: структури на податоци и алгоритми (2009 - 2012), објектно и визуелно програмирање (2009 – 2012), основи на програмирање (2010 – 2011), интернет технологии (2011 – 2012), концепти за развој на софтвер (2011 – 2012), интеракција човек – компјутер (2011 - 2012), архитектура и организација на компјутери (2011 – 2012), алгоритми (алгоритми и сложеност) (2011 – 2016), дискретна математика 1 (2012 – 2016), интелигентни системи (2012 – 2016), дискретна математика 2 (2012 – 2016), ит системи за учење (2013 – 2016), интернет програмирање (2014 – 2016), податочно рударење (2014 – 2016) до 2011 при Институтот за информатика, а од 2011 година на ФИНКИ. По семестри бил ангажиран со часови/предмети почнувајќи од 2010/2011 во редослед: 12/2, 8/1, 13/4, 14/3, 13/2, 12/2, 19/2, 17/3, 17/3, 20/4 или просечно по 14,5 часа и 2,6 предмети по семестар во изминатите 10 семестри.

Кандидатот Бојан Илијоски, како демонстратор постојано е ангажиран во изведувањето на вежби по повеќе различни предмети што подразбира учество во организација на парцијални испити и испити, надгледување на проекти, прегледување на домашни, одржување на консултации и сл. Самостојно или во соработка со колегите има подготвувано пакети материјали за вежби за повеќе предмети кои се држеле за прв пат како и менување и подобрување на вежби на предмети кои и претходно се држеле.

Член е на 5 комисии за оцена и одбрана на дипломска работа.

## Научноистражувачка дејност

Резултатите од својата научна работа кандидатот ги има објавено во следниве 9 научни трудови:

1. Jane Jovanovski, Maja Siljanoska, Vladimir Carevski, Dragan Sahpaski, Petar Gjorcevski, Metodi Micev, Bojan Ilijoski, Vlado Georgiev, “TMACS: A TOOL FOR MODELING, MANIPULATION, AND ANALYSIS OF CONCURRENT SYSTEMS”, ICT Innovations 2011 Advances in Intelligent and Soft Computing Volume 150, 2012, pp 335-345.

   Во овој труд е презентирана алатка за моделирање, манипулација и анализа на истовремени системи. Оваа алатка го имплементира CCS процесниот јазик и истата може да изгради означени транзициски системи во Алдебаран формат врз CCS изразите. Исто така, оваа алатка овозможува проверка за тоа дали два система имаат исто однесување преку одредување на силна и слаба бисимулација.

2. M. Mihova, B. Ilijoski, “THE OPTIMAL PROFIT REPAIRS POLICY OF ONE-COMPONENT MULTI - STATE SYSTEM WITH GRADUATE FAILURE”, in

Proceedings of the Ninth Conference on Informatics and Information Technology Web proceedings, 2012, ISBN 978-608-4699-01-9, pp.202-205.

Во овој труд е презентиран еднокомпонентен систем со повеќе состојби и е разгледувана оптималната цена на негова работа при сите состојби и можност за дефект. Транзициите за едно ниво претставуваат хомогени Маркови транзиции и се претпоставува дека системот во одредена состојба (ниво) заработува одреден профит. Системот работи одреден период и во целиот тек тој е надгледуван. Во зависност од моменталната состојба на системот, ние одлучување дали ќе правиме негова поправка или не. Проблемот се состои во тоа да се најде оптималната полиса за поправка на системот така што системот да има максимален профит.

3. Marija Mihova, Bojan Ilijoski, and Natasha Stojkovich, "THE OPTIMIZATION OF THE PROFIT OF A PARALLEL SYSTEM WITH INDEPENDENT COMPONENTS AND LINEAR REPAIRING COST", in Proceedings of ICT Innovations 2012, Web proceedings, ISSN 1857-7288, pp.507-516.

   Во овој труд е презентиран начинот на изнаоѓање на оптимално решение за паралелен систем кој може да се најде во повеќе состојби со можност за откажување. Кога системот не е во својата перфектна состојба, тој може да се поправи, односно да се донесе до некоја повисока состојба за одредена цена. Идејата е да се најде оптималниот начин на поправка на еден ваков систем со цел најголема можна добивка за одредени периоди со еднаква должина со помош на користење на динамичко програмирање како оптимизациска техника.

4. B.Ilioski, Z.Popeska, "APPLICATION OF STATISTICAL N-GRAM CLUSTERING ALGORITHM OF WORDS IN MACEDONIAN LANGUAGE", in Proceedings of the 10th International Conference on Informatics and Information Technology, 2013, ISBN 978-608-4699-01-9, pp.106-108.

   Во овој труд е презентирана примената на N-gram алгоритамот за статистичко групирање на зборови врз зборови од македонскиот јазик. Целта е да се покаже ефектот на овој алгоритам врз зборовите од македонскиот јазик и да се изведат заклучоци дали и зошто би била погодна примена на овој алгоритам.

5. B.Ilioski, "CLASSIFICATION OF IMAGES BY AVERAGE PIXEL COLOR", CiiT 2014, in Proceedings of the 11th International Conference on Informatics and Information Technology, 2014, ISBN 978-608-4699-04-0 pp.257-260.

   Во овој труд е презентиран алгоритам за наоѓање на доминантата боја од една слика во однос на претходно зададена палета од бои. Целта е изнаоѓање на брз и ефикасен алгоритам со цел негова примена во апликација за мобилни уреди. Алгоритамот предвид зема само одреден дел од сликата под претпоставка дека тоа е објектот од интерес со цел да се добие на брзина. Резултатот е боја од претходно зададена палета на бои која е најблиску до бојата на објектот од интерес.

6. Boro Jakimovski, Bojan Ilijoski, Goran Velinov, Dragan Sahpaski, "FRAMEWORK FOR GENETIC ALGORITHMS USING PILOT JOBS IN

ADAPTIVE GRID WORKFLOWS", in Proceedings of Large-Scale Scientific Computing, Lecture Notes in Computer Science 2014, pp 515-522.

Во овој труд се презентирани перформансите на грид мрежа преку употреба на пилот џобови. Грид апликациите знаат да бидат многу нестабилни поради начинот на распределба на џобовите и застојот кои одредени џобови можат да ги предизвикаат врз одредени работни станици. Се презентира начин со кој би се заобиколило чекањето на џобовите во редиците што би довело до зголемување на перформансите. Посебно кај оптимизациските проблеми кои користат генетски алгоритми времето на чекање знае да биде многу поголемо од времето на извршување на еден џоб. Со помош на овие пилот џобови се зафаќаат работни станици со што чекањето во редиците на работите станици се случува само еднаш, тоа го прави пилот џобот, а сите останати се џобови се извршуваат преку него со што значително се добива на време.

7. A. Madevska Bogdanova, N. Ackovska, B. Ilijoski, "INTELLIGENT SYSTEMS THROUGH ACTIVE AND COLLABORATIVE LEARNING", in Proceedings of INTED 2013, ISBN 978-84-616-2661-8, pp 2340-1079.

   Овој труд ја покрива методологијата развиена и користена за активно учење на предметот интелигентни системи, како и колаборативното учење од страна на студентите. Презентирани се и некои примери на студентска работа, како и начини каде ваквиот пристап може да најде примена.

8. Angela Arsova, Martin Stojanovski, Sara Miftar, Vladimir Jovanovski, Bojan Ilijoski, Metodija Jancheski, Mario Ampov and Mile Jovanov, "EDUCATIONAL GAME WITH QUESTION-ANSWER", in Proceedings of the 12th International Conference on Informatics and Information Technology, 2015, ISBN 978-608-4699-05-7 pp.330-333.

   Трудот зборува за развој на едукативна игра чија цел е преку игра, играчот да научи одредена материја.

9. Bojan Ilijoski and Zaneta Popeska, "FINDING SIMILAR ANSWERS USING SOME TEXT MINING TECHNIQUES", in Proceedings of the 12th International Conference of Informatics and Information Technology 2015, ISBN 978-608-4699-05-7 pp.119-122.

   Во овој труд е претставен начинот на кој можат различни техники од податочно рударење да се искористат за изнаоѓање на слични одговори на прашања.

## Учество во проекти

Во својата кариера, кандидатот Бојан Илијоски учествува во работата на 4 национални проекти:

1. „Анализа и моделирање на повеќе - состојбени и комплексни системи", раководител: М. Михова, 2011 – 2012;

2. „Напредни бази на податоци и информациски системи“, раководител: Г. Велинов, 2011 – 2012;
3. „Примена и развој на методи за стохастичко моделирање и статистичко учење“, раководител: Ж. Попеска, 2013 – 2014;
4. „Оценување и подобрување на перформансите на системи за управување со податоци“, раководител: Г. Велинов, 2013 – 2014.

## Стручно апликативна дејност

### Учество во подготовки за државни и меѓународни натпревари

Кандидатот Бојан Илијоски повеќе години работи на спроведување на државните натпревари по информатика и подготовка на учениците за успешно учество на интернационалните натпревари. Доказ за тоа е бројот на освоени медали во изминатите неколку години. Овие активности вклучуваат организација на регионалните и државните натпревари и олимпијадите по информатика од 2010 до 2014 година, подготовка на учениците за учество на балканските и светските првенства, тим-лидер на македонскиот тим на јуниорската балканска олимпијада во 2012 (освоени 1 сребрен и 4 бронзени медали) и заменик тим-лидер на македонскиот тим на јуниорската балканска олимпијада во 2015 година (освоен 1 бронзен медал).

### Учество во промотивни активности на Факултетот

Од ангажирањето на Институтот за информатика при ПМФ, па сѐ до денес, на ФИНКИ, Бојан Илијоски редовно учествува на промотивните активности на институцијата кои се одвиваат секоја година преку отворените денови на Факултетот и презентациите низ средните училишта во државата.

### Други дејности од поширок интерес

Член е на Здружението на информатичари на Република Македонија како и на IEEE.

### Учество на конференции, семинари и работилници

Кандидатот Бојан Илијоски континуирано учествува на конференции, курсеви, обуки, натпревари и работилници, како, на пример: интензивен курс “*Applied dynamic programming*”, Center of Excellence for Applications of Mathematics, август 2013, Охрид, Македонија; *11th International Conference on Informatics and Information Technology (CIIT2014)*, април 2014, Македонија; *10th International Conference on Informatics and Information Technology (CIIT2013)*, април 2013, Македонија; *9th International Conference on Informatics and Information Technology (CIIT2012)*, април 2012, Македонија; интензивен курс “*Graph Spectra and Applications*”, Center of Excellence for Applications of Mathematics, август 2013, Vrnjacka Banja, Serbia; *Java programming* by Oracle Acadamy, февруари 2013, Скопје.

## Оценка за само евалуација

Според Извештајот за самоевалуација објавен на веб-страницата на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, кандидатот Бојан

Илијоски има позитивен извештај од студентските анкети како составен дел од Извештајот за самоевалуација.

## Заклучок и предлог

Врз основа на доставената документација, познавањето и соработката со кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека м-р Бојан Илијоски успешно ги реализирал своите наставни, научни и стручни задолженија и се стреми кон проширување на своите знаења. Своите наставни задолженија секогаш ги изведува на највисоко педагошко и професионално ниво. Тој е навлезен во областа во која се неговите научни истражувања. Со својата дејност м-р Бојан Илијоски има голем придонес во областа на организирањето на националните натпревари по информатика за учениците од основните и средните училишта и подготовката за нивно успешно учество на интернационалните натпревари по информатика.

Според тоа, Рецензентската комисија заклучи дека м-р Бојан Илијоски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ги исполнува сите услови да биде избран во звањето асистент-докторанд во наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика.

Согласно со претходно изнесеното, ни претставува чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, да го избере м-р Бојан Илијоски во звањето асистент-докторанд во сите наставно-научни области од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика.

**Рецензентска комисија**

Д-р Жанета Попеска,
редовен професор на ФИНКИ, Скопје с.р.

Д-р Марија Михова,
вонреден професор на ФИНКИ, Скопје с.р.

Д-р Миле Јованов,
доцент на ФИНКИ, Скопје с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВРЕДНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ“, ОД М-Р БЕСА ДОГАНИ, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ПЕДАГОГИЈА ПРИ ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 21.12.2015 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Беса Догани - со наслов „Вреднување на постигањата на учениците во основното образование“, во состав: проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска (претседателка), проф. д-р Јасмина Делчева-Диздаревиќ (менторка), проф. д-р Вера Стојановска (членка), проф. д-р Лена Дамовска (членка) и проф. д-р Сузана Миовска Спасева.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Беса Догани, со наслов „Вреднување на постигањата на учениците во основното образование“, содржи 407 страници компјутерски обработен текст во Arial, со 1,5 проред и големина на букви - 12, голем број библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 3 тематски целини (теоретски дел, методолошка рамка на истражувањето и анализа и интерпретација на добиените резултати), со вовед, заклучни согледувања и препораки. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведниот** дел на трудот се искажани потребите и значењето на вреднувањето на постигањата на учениците, од причини што оценувањето претставува процес, но и составен дел од образовните активности кое е не помалку значајно како за наставниците, така и за самите ученици. Исто така, претставува и активност преку која се обезбедува коинтинуирано следење за тоа како се реализираат поставените цели, исходи и стандарди поврзани со постигањата на учениците во текот на совладувањето на училишната програма. Кандидатката м-р Беса Догани укажува и дека вреднувањето на постигањата на учениците во основното образование треба да биде интегрален дел од планот за целокупно ефикасно и ефективно функционирање на работењето на училиштето, односно дека вреднувањето на учениците неминовно треба да биде планирано во програмите кои ги изготвува училиштето (годишна и развојна програма). Вреднувањето на учениците како процес е и составен дел од планирањата за работа на училишните стручни служби и стручните активи на одделенските и предметните наставници од основните училишта. Следењето и вреднувањето како процес наставниците треба да го планираат на соодветен начин и тоа да биде интегративен дел на наставничките планирања: годишно, тематско и дневно.

За да се има успешно вреднување на постигањата на учениците, наставниците треба да бидат компетентни во повеќе области од воспитно-образовниот процес. Нивните компетенции ги отсликуваат можностите на поединецот (наставникот) во неговото извршување на секојдневните работни задачи поврзани со реализирањето на ефикасниот

воспитно-образовен процес. Наставничките компетенции се одредуваат според целите и исходите од учењето и треба да обезбедат професионални стандарди. Тие компетенции се однесуваат за: наставната област, наставните предмети и наставните методи на изведување на наставата; поучувањето и учењето; поддршката при развојот на ученикот како личност; меѓусебната комуникација и соработка, но и на следењето и вреднувањето на постигањата на учениците.

**1. Теоретскиот дел** на докторската дисертација е структуриран во **единаесет поглавја** и во него се елаборира вреднувањето на постигањата на учениците, каде што кандидатката м-р Беса Догани мошне експлицитни и опширно, консултирајќи обемна стучна литература, го елаборира проблемот од речиси сите сегменти, при што акцентот го става на оценувањето и неговите импликации во воспитно-образовниот процес.

**Првата глава** е посветена на вреднувањето на постигањата на учениците како составен дел од воспитно-образовниот процес и во неа дадени се целите, принципите, планирањето на наставата и учењето, поттикот и влијанието на мотивацијата при вреднувањето, емоционалноста на учениците и способноста кај учениците за самооценување.

Во **втората глава** се елаборирани искуствата поврзани со вреднувањето на постигањата на учениците во некои од земјите на поранешна Југославија, каде што со компаративна анализа се анализирани правилниците за начините, постапките и елементите на вреднувањето на учениците во основните и средните училишта.

Во **третата, четвртата, петтата и шестата глава,** вниманието е насочено кон видовите на оценувањето кои се елаборирани од различни аспекти и критериуми: според целта и времето на спроведување - дијагностичко, формативно и сумативно оценување; оценување согласно со начинот на кој се изведува - усно, писмено и практично оценување; оценување според тоа кој го изведува - интерно (внатрешно) и екстерно (надворешно) оценување; бројчано оценување и описно оценување, како и оценување на однесувањето на учениците.

**Седамата глава** е посветена на портфолиото и начините на негово водење, оспособеноста на наставниците за водење на портфолиото од кое зависи неговата успешност при оценувањето на постигањата на учениците.

**Осмата глава** се однесува на значењето при вклучување на учениците во процесот на оценувањето, односно самооценувањето.

**Во деветтата глава** е образложена Блумовата таксономија, која претставува основен темел на креирање на критериумите и стандардите за оценување на постигањата на учениците.

**Десеттата, пак, е** посветена за детално елаборирање за критериумите при оценувањето.

**Единаесеттата,** последна глава, е посветена на стандардите за оценување кои ги пропишуваат надлежните органи во една држава.

**Истражувачкиот дел** ја опфаќа методолошката рамка на истражувањето, каде што кандидатката м-р Беса Догани ни ги претставува предметот на истражувањето, целта, карактерот и задачите на истражувањето, хипотетската рамка и варијаблите на истражувањето, но и методите, техниките и инструментите кои се применети во ова истражување. Со ова истражување, преку анкетирањето, опфатени се 1800 наставници од 60 основни училишта, 600 ученици од истите училишта, но и исто толку родители на ученици. Анализата и интерпретацијата на добиените резултати од докторската дисертација се базираат на податоци добиени со помош на мерните инструменти кои се применети во ова истражување, и тоа: три анкетни прашалници, формулар за анализа на

содржината – евиденционен лист и протокол за партиципативно набљудување. Целта е да се добијат конкретни сознанија за состојбите во Република Македонија од аспект на вреднувањето на постигањата на учениците во основните училишта и тоа дали и колку доследно се применуваат пропишаните критериуми и стандарди од страна на нставниците. Во овој труд, исто така, се проблематизира  и оспособеноста на наставничкиот кадар кој е директен реализатор на овој процес. Во заклучните согледувања во синтетизирана форма, изнесени се резултатите од истражувањето, по што следат и дадените препораки, кои во суштина многу реално ги отсликуваат состојбите во нашата држава по однос на вреднувањето на постигањата на учениците во основното образование.

## Предмет на истражување

Предмет на истражувањето на оваа докторска дисертација е вреднување на постигањата на учениците во трите образовни циклуси во основното деветгодишно образование во Република Македонија.

## Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Темата на оваа докторска дисертација  начелно е доста малку обработувана на нашите простори. Станува збор за избор на една мошне актуелна тема, досега неистражувана од овој аспект,  каде што акцентот е ставен на потребите од подобрување на состојбите во однос на вреднувањето на постигањата на учениците во основното образование, како и корисни препораки кои откриваат низа аномалии  при процесот на оценувањето на учениците, но и оспособеноста на наставничкиот кадар за негово имплементирање во воспитно-образовниот процес.

## Краток опис на применетите методи

Во докторската дисертација се применети повеќе методи, и тоа: дескриптивниот метод низ моделите на аналитичко-дескриптивниот приод, компаративно-дескриптивниот и интерпретативно-дескриптивниот приод.

Квантитативната анализа се однесува на анкетните прашалници за наставници, ученици и родители. Одговорите се описно и графички претставени. За докажувањето на хипотезите е спроведена квалитативна анализа на добиените резултати и за таа цел одговорите се групирани според тоа дали  се однесуваат на докажување на секоја хипотеза поединечно, според варијаблите кои ги содржи. Тестирањето на хипотезите е направено преку Хи-квадрат тестот, а поврзаноста помеѓу варијаблите е пресметана со помош на коефициентот на контингенција (C).

Податоците добиени со техниката анализа на педагошка документација се подложени на квалитативна анализа исто како и податоците добиени од партиципативното набљудување, кое е составено од неколку фази: запознавање со податоците, определување на тематска рамка, индексирање, табелирање и категоризирање.

## Краток опис на резултатите од истражувањето

Резултатите од анализата и компарацијата на теоретските научни материјали и спроведеното истражување во целост ја оправдуваат потребата сериозно да се анализираат податоците кои се добиени од ова истражување, затоа што ни даваат една

реална слика за состојбите во основните училишта при вреднувањето на постигањата на учениците. Исто така, ни даваат и една добра основа за други слични истражувања кои ќе ни помогнат за надминување на многубројните слабости кои се детектирани, а потоа и добро анализирани во овој труд.

Од сето ова што е претходно елаборирано произлегува потребата од преземање на конкретни мерки, со кои ќе се влијае врз намалувањето на утврдените разлики како и на ефектите кои се јавуваат од нив, или поконкретно:

Во рамките на основните училишта да се формира стручен тим кој ќе има задача да ги детектира причините за разликите меѓу наставниците во однос на процесот на оценување на постигањата на учениците кои ќе развијат механизми за намалување на утврдените разлики, да ги примени нив, како и да ја следи нивната ефикасност, односно дали тие ги намалуваат разликите меѓу наставниците без оглед на образовниот период каде што се реализира наставата. Потребно е да се остваруваат чести средби со родителите на кои ќе им се помага и ќе ги насочува правилно да ги следат нивните деца во напредувањето во однос на учењето, да се изготви програма за континуирано следење на обуки и новини во процесот на оценување на постигањата на учениците. Тоа подразбира и користење на нова информатичко-комуникациска технологија (ИКТ) која ќе помага во иновативното реализирање на наставните цели и содржини и начинот на вренување на постигањата на учениците, да се развие партнерство помеѓу наставнците, учениците и родителите во процесот на примена на секој од предвидените модели на вреднување на постигањата на учениците. Истовремено, потребно е да се планираат и реализираат соодветни мерки за поддршка на учениците согласно со нивните остварувања, а посебно треба да се обрне поголемо внимание на оние учениците кои имаат тешкотии во учењето и посебни образовни потреби.
Да се изготват правилници за оценување на постигањата на учениците на ниво на училиште, да се иницира, да се координира и да се реализира стручно усовршување на кадарот во основните училишта за оценување на постигањата на учениците врз основа на интерната училишна самоевалуација и екстерното вреднување од други компетентни институции. На тој начин наставникот ќе биде оспособен да планира различни начини за следење на работењето и напредувањето на учениците користејќи сопствени објективни инструменти за следење и вреднување на учениците.
Потребно е исто така наставниците да ги вреднуваат учениците систематски по конкретениот наставен предмет кој го предава, а следењето и вреднувањето на учениците да го усогласат со спецификите на особеностите на предметот кој го реализираат. На тој начин се создава соодветна проценка за потребите на учениците за дополнителна, односно додатна настава во процесот на учење.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Беса Догани, со наслов „Вреднување на постигањата на учениците во основното образование“, претставува истражување од областа на воспитанието и образованието. Изработката на темата на оваа докторска дисертација има за цел да ги претстави состојбите во воспитно-образовните институции во Република Македонија, од аспект на процесот на оценувањето, со посебен акцент на промените кои се случуваат во овој домен во Република Македонија. Трудот се однесува на една мошне значајна и актуелна тема која бара сериозна анализа, која пак овозможува да се актуализира и проблематизира процесот на вреднувањето на постигањата на учениците во основното образование. Самиот факт дека оценувањето е сериозен сегмент во воспитно-образовниот процес ни укажува дека и покрај обидите на државата да воведе новини, тие сепак изобилуваат со сериозни аномалии кои најпрво треба да се детектираат, па дури потоа адекватно да се решаваат. Оттука произлегува и пионерскиот обид на кандидатката, во една систематизирана форма, да ги прикаже состојбите и потребите за осовременување на овој значаен сегмент во воспитанието и

образованието. Понудените сознанија, заедно со дадените препораки, се во функција на поуспешно и поефикасно извршување на професионалната дејност на наставниците во основното образоване.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Беса Догани, со наслов „Вреднување на постигањата на учениците во основното образование", според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главниот научен придонес на кандидатката м-р Беса Догани е во обидот да се интегрираат и теориски да се елаборираат промените кои се случуваат Република Македонија во доменот на вреднувањето на постигањата на учениците во основните училишта кои се стремат да одат во чекор со високоразвиените земји од Европа и пошироко. Исто така, придонесот на овој труд е и во потребата од детектирање на проблемите кои се јавуваат во текот на овој процес со цел да се надминат тешкотиите кои се случуваат секојдневно во воспитно-образовните институции, кои можат да имаат несогледливи последици, како за наставничкиот кадар, така и за самите ученици кои впрочем се најдиректно засегнати.

Подрачјето на примена и ограничувањата се: во доменот на основните училишта, воспитно-образовниот процес и процесот на вреднувањето на постигањата на учениците во основните училишта.

Можните понатамошни истражувања се: систематско проучување на нови стандарди и перспективи во доменот на оценувањето и вреднувањето на учениците во основното образование како начин за справување со предизвиците кои ги сретнуваме секојдневно во нашите училишта, но и проблемите и дилемите во секојдневната практична работа на наставниците.

Од сето ова што е наведено, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Беса Догани**, со наслов **Постигањата на учениците во основното образование.**

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска (претседател), с.р.**

**Проф. д-р Јасмина Делчева – Диздаревиќ (ментор), с.р.**

**Проф. д-р Вера Стојановска (член), с.р.**

**Проф. д-р Лена Дамовска (член), с.р.**

**Проф. д-р Сузана Миовска Спасева (член), с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА
# ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СЛОБОДНИТЕ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ“ ОД М-Р БЕСА ХАВЗИУ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на XXIII редовна седница одржана на 17.2.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Беса Хавзиу со наслов: **Слободните активности на учениците од средното образование,** во состав: проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска (претседател), проф. д-р Анета Баракоска (ментор), проф. д-р Сузана Миовска Спасева (член), проф. д-р Вера Стојановска (член), проф. д-р Соња Петровска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Беса Хавзиу, со наслов: „Слободното време на учениците од средното образование“, содржи 373 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, 178 референци, меѓу нив научни трудови, статии, книги, документи, програми и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 4 дела, и тоа: теоретски пристап кон проблемот на истражување, методолошки пристап кон проблемот на проучување, анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето, заклучни согледувања и препораки. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот се образложени значењето и актуелноста на темата, како и содржината на којашто ѝ е посветено истражувањето. Кандидатката поаѓа од фактот дека слободното време денес во услови на современи општествени промени станува сè позначајно подрачје на воспитно-образовната дејност, односно нова димензија на проучување во педагошката наука. На него повеќе не се гледа само како на универзална социјална појава, туку како на доминантна педагошка категорија која во себе содржи повеќестран и богат воспитно-образовен потенцијал**.** Оваа „нова реалност”, како што вели францускот социолог Ж. Димаздие е осветлена и реализирана „како една целина која е истовремено автономна и зависна”, како „социо-културен фактор кој вреди да се проучува исто толку колку и работата и политиката. Воспитанието во слободното време е од непроценливо значење за целокупниот воспитно-образовен процес, тоа е во функција на развивање на личноста на ученикот и реализација на воспитните задачи. Сепак, објективната состојба по однос на проучувањето на слободното време, посебно од аспект на организирање на слободните активности на учениците од средното образование се карактеризира со отсуство на релевантни сознанија, методолошки постапки и критериуми за вреднувањето на успешноста и ефикасноста во реализацијата на слободните активности.

Педагогијата на слободното време, како педагошка научна дисциплина, најдиректно е поврзана со поучувањето на воспитната работа во слободното време и таа треба да ги пронајде патиштата и начините, ослободеното време да го направи корисен (конструктивен) фактор за перманентно учење, дејствување, создавање и усовршување на човекот во согласност со стремежите на човековата заедница. Правилното организирање на слободното време придонесува за развој на голем број скриени потенцијали кои имаат

влијание на физичкиот и психичкиот развој на личноста. Докторскиот труд се фокусира кон расветлување на голем број прашања и дилеми во однос на влијанието на различните фактори, меѓу кои посебно значење има училиштето како воспитно-образовна институција која преку слободните училишни активности може да придонесе во формирање на културата за користење на слободното време од страна на младите. Токму во овие рамки е предметот на истражување во докторската дисертација, односно слободните активности на учениците од средното образование и нивното влијание врз формирањето на културата за користење на слободното време.

**Во првиот дел** од овој труд најнапред се нагласува големото значење на воспитанието во слободното време и широката теоретска основа на неговиот предмет на проучување. Во овој дел на трудот, кандидатката се осврнува на најважните прашања кои се опфатени со него. Опфатени се два важни аспекта, односно: најзначајните теоретски сознанија од областа на педагогијата на слободното време во функција на остварување на нејзините цели и задачи и факторите кои влијаат на организацијата и реализацијата на слободното време и слободните активности кај учениците. Изложени се клучните идеи и дефиниции на поимот слободно време, слободни активности, дефинирање на поимот култура и културните аспекти на поминување на слободното време кај младите. Преку теоретско-аналитички пристап согледано е влијанието на современите општествени фактори во организацијата и реализацијата на слободните активности. Според кандидатката педагошкото делување на активностите во слободното време треба да бидат мултидисциплинарно координирано. Како носители на организирани слободни активностите можат да се јават бројни фактори, и тоа: семејството, предучилишните установи, училиштето, вонучилишните установи и здруженија како што се разните спортски, научни, технички, културни и други здруженија. Постојат и други многубројни организации кои ги привлекуваат и обединуваат децата и младите во слободното време со своите содржини и активни програми. Меѓу факторите и носителите на воспитно дејствување во слободното време посебно се истакнуваат: средствата за јавно информирање, дневниот печат, киното, театарот, радиото и телевизијата, социјалните мрежи, домовите на култура, клубовите на информатичари, библиотеките, читалните, галериите, музеите, концертните сали итн. Последната тема од првиот дел се однесува на анализа на спроведени истражувања од областа на педагогијата на слободното време кај нас, во регионот, но и пошироко. Анализата покажува дека на нашите простори не е направено некое пошироко емпириско истражување кое ги вклучува педагошките аспекти на слободното време кои се предмет на истражување во овој докторски труд.

Во целокупната разработка на теоретскиот дел на докторската дисертација, кандидатката прави систематска анализа на релевантни прашања поврзани со целта на истражување во докторската дисертација. Структурата на овој дел има логичен след и кореспондира со методолошките компоненти на дисертацијата.

Во **вториот дел** е дадена методолошката рамка во која се содржани: проблем на истражувањето, цел и карактер на истражувањето, задачи на истражувањето, истражувачки хипотези, варијабли и индикатори, мерни инструменти, испитаници, тек на истражувањето и начин на обработка на податоците од теренското истражување. *Целта на истражувањето* е да се испита како слободните училишни активности влијаат врз формирањето на културата за користење на слободното време кај учениците од средното образование и колку програмската поставеност на слободните активности во средното образование е во нејзина функција. Општата цел на истражувањето е конкретизирана преку следниве *посебни цели*: Да се утврди програмската поставеност на слободните активности во наставниот план на гимназиското и средното стручното образование; Да се утврдат ставовите на учениците од средното образование за значењето на слободното време во воспитанието на личноста; Да се утврди степенот на учеството на учениците од средното образование во слободните активности кои се реализираат во рамките на училиштето; Да се утврдат ставовите на професорите за воспитните можности на слободното време во рамките на слободните училишни активности; Да се утврди до која мера (степен) учениците од средното образование го поминуваат слободното време на општествено организиран и корисен начин; Да се утврди кој има најголемо влијание во насочувањето на младите за правилно организрање на нивното слободно време и реализирање на одредени слободни активности; Да се утврди влијанието на материјалните и техничките услови на училиштето во организицијата и реализацијата на слободните ученички активности. Поставена е една општа хипотеза и дветнаесет

помошни хипотези. Во истражувањето се определени независни и зависни варијабли. *Независни варијабли* се: вид на образование на учениците (средното гимназиско образование и средно стручно образование), пол, квантитетот на слободното време со кое учениците од средното образование располагаат, начинот на кој учениците од средното образование го поминуваат нивното слободното време, видови слободни активности кои учениците ги избираат надвор од училиште во нивното слободно време, фактори (семејството, училиштето, друштвото и спротивниот пол) во изборот на слободните активности на учениците од средното образование, програмирањето на одделните слободни активности и степенот на учество на учениците од средното образование во слободните активности кои се реализираат во рамките на училиштето. *Зависна варијабла е*: формирањето на културата за користење на слободното време на учениците од средното образование.

Во **третиот дел** од трудот се дадени анализата и интерпретацијата на резултатите од истражувањето. Најнапред се презентирани резултатите од анализата на наставните планови и програми за гимназиско и средно стручно образование од аспект на застапеноста на слободните ученички активности. Во интерес на предметот на проучување во докторскиот труд, кандидатката аналитички ги проследува промените во структурата и содржината на наставните планови во средното образование. Направена е и анализа на годишните програми на училиштата каде што е спроведено истражувањето. Со спроведента анализа утврдена е програмската поставеност на слободните активости во гимназиското и средното стручно образование и сите недостатоци кои стојат на тој план. Врз основа на спроведеното истражување преку: анкетирање, скалирање, интервјуирање, анализа на содржина и статистичката обаработка на податоците во овој дел прикажана е и анализата и интерпретацијата на резултатите од спроведеното анкетирање на учениците и наставниците од средното образование; анализата и интерпретацијата на резултатите добиени од дневникот на активности во слободното време, наменет за учениците од средното образование и анализата и интерпретацијата на резултатите добиени од полуструктурираното интервју реализирано за стручните соработници (педагог и психолог) од средното образование.

**Четвртиот дел** од дисертацијата содржи сублимирани резултати од истражувањето, во кој се дадени заклучоци и препораки. Овие препораки и предлози се насочени кон преземање на натамошни чекори за збогатување и унапредување на квалитетот на организацијата на слободните активности во средното образование и градењето на културата за користење на слободното време. Тие се следниве: Училиштата од средното образование, покрај училишните обврски, треба да водат сметка и за вонучилишните активности, посебно за активностите кои се реализираат во слободното време на учениците; Без оглед на фактот дека постојат одредени разлики во степенот на влијание на различните фактори во изборот на содржините за исполнување на слободното време кај ученците од средното образование, сите фактори треба сериозно да пристапат кон проблемот на слободното време, обезбедување на материјални и просторни услови, правилно ориентирање и развивање на нивните внатрешни потенцијали-„Секое дете има одредена способност и талент“, но секој талент бара простор за развивање, и доколку тој простор не се обезбеди во нивното слободно време, тогаш се јавува ризик да се изгуби талентот, позитивиот развој и здравиот живот на младата личност; Наставниците повеќе да ги поттикнуваат учениците да учествуваат во културно-уметнички и други слободни училишни активности, преку информирање, нудење можности и содржини од овие активности**;** Подобрување на просторните и техничките услови на училиштата за организирање и реализирање на слободните училишни активности; Да се поддржуваат и реализираат проектите кои во суштина содржат креативни активности со кои се препознаваат, развиваат и промовираат талентитираните ученици. Поконкретно, да се создава систем преку кој ќе се реализираат различни слободни училишни активности за откривање на талентирани млади ученици и нивно насочување во определени професии; Стручните соработници да посветат поголемо внимание во афирмирање на учениците и на училштето преку реализирање на слободни училишни активности; На учениците да им се даде поголема можност и поддршка од страна на училиштето; Стручните соработници и наставниците да учествуваат во различни слободни училишни активности и да се трудат да постигнат повисоки резултати и успеси во различни области вклучувајќи ги и

натпреварите од различни области што се организираат на локално или национално ниво; Да се формира училишно катче каде што ќе се користат разновидни средствата за афирмирање на слободните активности; Во училиштата задолжително да се издава училиштен весник, во кој ќе може покрај останатото да се објават и постигнувањата на учениците и придобивките од различни воннаставни активности; Да се органзираат младински културно-забавни лета од страна на училиштето во соработка со семејството и пошироката општествена заедница, кое ќе опфати повеќе аспекти на дејствување во формирање на културата за користење на слободното време (изложби, семинари, тркалезни маси, организирање на работилници од различни области и сл).

Поаѓајќи од тоа дека слободното време е време кое е на располагање на самата личност на младиот човек, време лишено од обврски (училишни, семејни и општествени), кандидатката смета дека овој дел од нивниот секојдневен живот треба да се исполни со организирани активности, активности кои нудат можност за надминување на пасивноста на младиот човек, активности кои ќе влијаат на формирањето на културата за користење на слободното време. Крајниот заклучок е дека со голема одговорност треба сите воспитно-образовни и општествени институции да пристапат кон оргаизирање на разновидни слободни активности, кои ќе нудат можности за правилно развивање на вредностите, чувствата, ставовите, знаењата, вештините и однесувањата на младите.

**<u>Предмет на истражување</u>**

Предмет на ова истражување се слободните активности на учениците од средното образование и нивното влијание врз формирањето на културата за користење на слободното време. Предметот на истражување се проучува од аспект на тоа како слободните училишни активности влијаат врз формирањето на културата за користење на слободното време кај учениците од средното образование, потоа, колку програмската поставеност на слободните активности во средното образование е во функција на нејзино формирање и со кои содржини учениците од средното образование го исполнуваат слободното време.

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

Во педагошката наука, подрачјето на воспитанието во слободното време спаѓа во оние посложени и малку истражувани проблеми кои во основа бараат интердисциплинарен пристап во нивното проучување. Интересот за проучување на слободното време има големо теориско и практично значење, така што овој феномен претставува неисцрпна инспирација за голем број истражувачи. Слободното време претставува она време кое поединецот го поминува надвор од професионалните, семејните и општествените обврски. Слободното време е сфера на слобода во која луѓето можат слободно да располагаат по своја желба и волја. Од сето тоа произлегува и фундаменталната важност на слободното време не само како социолошка категорија туку и како педагошка, со функциите и можностите кои ги создава за развиток на личноста. Меѓутоа, и покрај фундаменаталната важност која ја има слободното време во животот на човекот не се посветува доволно внимание во педагошките истражувања. Оскудно внимание е посветено на проучувањето на односот на средношколската популација кон слободното време и градењето на културата за негово користење. Исто така, од страна на педагогијата на слободното време како педагошка дисциплина недостасува подлабоко проучување на законитостите на процесот на воспитание во слободно време. Нејзината цел е да открива нови сознанија, да развива нови теории и да ги унапредува воспитните влијанија на подрачјето на слободното време. Оттука, овој труд одговара на потребата да се развие еден сеопфатен концепт за проучување на спецификите за користење на

слободното време кај средношколската популација за да се даде одговор на сите прашања од педагошки, социолошки, етички, психолошки и антрополошки карактер.

## Краток опис на применетите методи

При изнесувањето на теоретските сознанија, кандидатката користи посебни научни методи на сознанието, пред сè методот анализа-синтеза. Врз основа на компаративна анализа и синтеза, со примена на дескриптивниот метод, кандидатката успешно го образложува проблемот на слободните активности кај учениците од средното образование.

За обработка на податоците од теренското истражување, беа применети соодветни методи кои одговараат на спецификата на добиените податоци. Добиените резултати се собрани, средени и прикажани бројчано и графички. Во однос на статистичката обработка на податоците, користен е широк спектар на тестови кои спаѓаат во непараметариска статистика како: непараметрискиот Крускал-Волис тест (Kruskal-Wallis test) на разлики меѓу рангови; Мен-Витни тест (Man-Whitney U test), наменет за разлики меѓу независни примероци; Фридмановиот тест (Friedman test), своевиден непараметриски пандан на еднонасочната АНОВА за повторени мерки, а претставува најпогодна постапка за статистичко тестирање на разлика помеѓу рангови, како и стандарден хи-квадрат тест. Податоците од истражувањето се обработени со статистичките пакети: SPSS for Windows Version 17.0 и STATISTICA for Windows Version 7.0.

## Краток опис на резултатите од истражувањето

Добиените наоди од ова истражување и изнесените теоретски сознанија ја потврдуваат генералната хипотеза на истражувањето, или поконкретно дека: *Содржината и изборот на слободните активности на учениците од средното образование се во функција на формирање на културата за користење на слободното време*. По однос на сфаќањето на поимот и значењето на слободното време се констатира дека постои релативно замаглување по однос на сфаќањето на овој поим од страна на учениците од средното образование. Од спроведеното истражување се заклучува дека кај испитаните учениците највисок степен на сложување има во тврдењата дека слободното време е „време за дружење” и дека „тоа е време кое е на нивно располагање и го трошат според нивниот сопствен избор”. Од друга страна, пак, најнизок степен на сложување се јавува во тврдењата дека, „слободното време е време одвоено за цртање и музика” и дека „тоа е време без семејни обврски”. Сепак кај учениците постои конфузија во одвојувањето на поимот слободно време од семејните обврски, творештвото и уметноста.

Од аспект на ставовите и мислењата на испитаните ученици по однос на количината и начинот на користење на слободното време се констатира дека учениците од средното образование генерално располагаат со слободно време. Речиси сите ученици се изјасниле дека во текот на денот имаат доволно слободно време. Ретки се оние ученици кои сметаат дека во текот на денот немаат воопшто слободно време. Во поглед на начинот на користење на нивното слободно време, односно со кого тие го поминуваат поголемиот дел од нивното слободно време, се дознава дека поголем дел од младите (ученици од средното образование) нивното слободно време го поминуваат со нивните врсници како и со членовите на нивното семејство. Кога е во прашање местоположбата (каде), односно во кои простории тие го поминуваат поголемиот дел од нивното слободно време, се заклучува дека учениците од средното образование повеќе се наклонети нивното слободно време да го поминуваат во затворени простории како кафиќи, обложувалници, дома, кај нивните пријатели и сл. Поретка е посетата на културно-уметнички простории,

како на пример: театар, концерт на класична музика, посета на галерии, изложби, музеи и сл.

Во поглед на задоволството од начинот на поминување на слободното време од страна на учениците од средното образование, општо гледано највисок степен на задоволство испитаниците покажуваат од минувањето на слободното време преку пасивно консумирачки активности (електронски медиуми, пасивен одмор) и спортско рекреативни активности, а најнизок степен на задоволство покажуваат од практикување на слободни необврзувачки социјални активности. Во однос на факторите кои влијаат при изборот на активностите во слободното време од страна на учениците од средното образование се констатира дека кај учениците од средното образование се почитува принципот на слободен избор при изборот на активностите во слободното време, принцип кој единствено ја гарантира суштината на слободното време и вршењето на неговите активности. Податоците од истражувањето покажуваат дека учениците од средното образование имаат позитивни ставови за можностите кои ги даваат слободните училишни активности за развојот и формирањето на нивната личност. Според добиените резултати, преку испитување на мислења и ставови на учениците и наставниците се констатира дека во училиштата од средното образование не постојат доволно услови за организирање и реализирање на слободните училишни активности. Истражувањето покажа дека наставниците не прават разлика во степенот на влијание на различните општествени фактори врз младите при изборот на слободните активности. Но, сепак, масовната култура според нив отскокнува во мала мера за разлика од семејството и училиштето како фактори на влијание.

Кандидатката во докторската дисертација ја презентира и дискусијата по однос на помошните хипотези, резултатите ги анализира, ги компарира и врз основа на тоа извлекува заклучоци, ги потврдува или ги отфрла помошните хипотези на истражувањето. Анализата на целокупната содржина на докторската дсертација покажува дека кандидатката вложила голем труд проблемот на истражувањето да го истражува од различни аспекти и да даде јасни и издржани препораки во трудот. Заклучоците и препраките од ова истражување треба да се уважат во насока на понатамошното подобрување и збогатување на слободното време на учениците со организирани и структурирани активности кои ќе бидат во функција на градење на културата за користење на слободното време.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Беса Хавзиу, со наслов: „Слободните активности на учениците од средното образование", претставува истражување во општествените науки од обласа на педагогијата. Вреднувајќи ја докторската дисертација, Комисијата за оцена смета дека трудот целосно ги задоволува научните стандарди во однос на методолошки пристап, студиозност и аналитичност на добиените резултати, како и нивна систематичност. Нивото на информираност, употребата на стручната терминологија, содржината на критичките коментари, релевантноста на теориската и емпириската елаборација успешно се направени и достигнати се научните цели.

Во трудот се презентирани научно вредни информации за слободните активности на учениците од средното образование кои треба да бидат во функција на градење на културата за користење на слободното време. Докторскиот труд има свој значаен придонес во збогатување на сознанијата за развој на педагогијата на слободното време како научна дисциплина, но исто така, тој има и значајна апликативна вредност, бидејки нуди одредени предлози и препораки кои се во функција на поуспешна организација на слободните активности и подобрување на воспитните резултати со овој вид на вонанаставна работа.

Комисијата смета дека добиените резултати и сознанија од истражувањето претставуваат научна основа на која можат да се надоградуваат нови концепти значајни за слободното време на учениците од средното образование.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Беса Хавзиу, со наслов: „Слободните активности на учениците од средното образование", според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

## Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, го објавила во меѓународно научно списание со импакт-фактор следниот рецензиран истражувачки труд:

1. Прв автор: Hvaziu, B. (2015). ***Leisure time for secondary school students***. Internacional journal of cognitive research in sience, engineering and education, IJCR SEE. Volume 3, Issue 1, ISSN 2334-847X(Printed)&ISSN 2334-8496(Online). **Global Impact Faktor for 2013=0.514, 2014=0,678, IC Journals Master List 2012:5,31,-ICV 2013-6.76.** Serbia: The Association for the development of science, engineering and education, p.51.

## Заклучок и предлог

Главниот научен придонес на кандидатката се согледува преку научно-теориските и практичните импликации по однос на темата која претставува предмет на истражување во докторската дисертација. Научно-теориските импликации се однесуваат во обидот да се презентираат најзначајнте научно-теориски основи во проучувањето на слободното време и слободните активности од аспект на педагошката наука. Кандидатката во докторската дисертација прави систематска анализа на клучните идеи и теории за слободното време применувајќи интердисциплинарен пристап.

Практичните импликации на трудот се лоцираат во основните процеси за подобрување на организацијата на слободните активности во училиштата од средно образование со вредни содржини, кои играат значајна улога во воспитанието, развојот и градењето на културата за користење на слободното време на учениците.

Добиените податоци од ова истражување, како и сознанијата стекнати од него, нудат вредни научни сознанија за нашата педагошка теорија и практика. Станува збор за прецизно опредлена и исцрпно замислена тема, која презентира автентични научни резултати и осветлува еден значаен сегмент поврзан со воспитанието на личноста во слободното време

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Беса Хавзиу со наслов: **Слободните активности на учениците од средното образование.**

**КОМИСИЈА**

1. **Проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска, претседател**
2. **Проф. д-р Анета Баракоска, ментор**
3. **Проф. д-р Сузана Миовска Спасева, член**
4. **Проф. д-р Вера Стојановска, член**
5. **Проф. д-р Соња Петровска, член**

# РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КОМПАРАТИВНА ПОЕТИКА НА МОДЕРНИТЕ ТАНЦОВИ СТИЛОВИ НА 20 ВЕК ВО ЕВРОПА“ ОД М-Р РИСИМА РИСИМКИН, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на својата 62. редовна седница одржана на 17 февруари 2016 година, избра Рецензентска комисија за оцена на докторската дисертација под наслов *Компаративна поетика на модерните танцови стилови на 20 век во Европа* на кандидатката м-р Рисима Рисимкин, во состав: академик Катица ЌУЛАВКОВА, редовен професор, ментор, Татјана ПЕТКОВСКА, редовен професор на ФДУ во Скопје, сценско движење (во пензија), д-р Владимир МАРТИНОВСКИ, вонреден професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, д-р Ивана ВУЈИЌ, редовен професор на Катедрата за театарска режија и шеф на Лабораторијата за изведувачки уметности при Факултетот за драмски уметности во Белград (Србија) и д-р Милена БОЖИКОВА, редовен професор, музиколог при Институтот за истражување на уметностите при БАН, Софија (Бугарија).

По разгледувањето на поднесената докторска дисертација *Компаративна поетика на модерните танцови стилови на 20 век во Европа* на м-р Рисима Рисимкин, Рецензентската комисија му го поднесува на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Извештај од системот за проверка на плагијати

Во согласност со член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за научно-истражувачка дејност (Службен весник бр. 80/2012), менторот на овој докторски труд, на 23.2.2016, го внесе текстот на овој труд во базата на докторски трудови на системот за плагијати на Министерството за образование и наука Р. Македонија и на 7 март 2016 доби *Извештај* според којшто докторската дисертација не покажува елементи на плагијат, односно во неа се среќаваат одделни зборови кои се совпаѓаат со термини од неколку други текстови, како и неколку цитати на цитирани автори. Според тоа, Рецензентската комисија ја подготви легитимно својата рецензија и го препрати добиениот извештај до Деканатот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“.

### Опис на докторската дисертација

Докторската дисертација „Компаративна поетика на модерните танцови стилови на 20 век во Европа“ е напишана на 233 страници компјутерски обработен текст. Дисертацијата е компонирана од следниве поглавја: Вовед, Предвесници на современиот танц: европскиот изразен танц – претставници, Нови почетоци – Руските сезони во Париз, Видови поетики на танцот на 20 век,

Компаративна анализа на поетиките на Бауш, Бежар и Килијан, Поетиките и нивното влијание врз танцот на европската сцена, Паралелен развој, Заклучни согледби, Резиме на англиски и Прилози.

Во воведот се разгледани стручните аспекти на терминолошката парадигма на танцологијата (кореологијата), ако така ја наречеме науката за танцот, која е составена од историја, теорија и критика на танцовата уметност. Овде се направени неколку појаснувања околу термините: балет, традиционален класичен балет, неокласичен балет, модерен и постмодерен балет, танц, модерен танц, современ танц, танцови изрази, танцова техника, танцови дискурси, танцови модалитети или стилови, танцов театар (танц-театарот).

Во првиот дел, „Предвесници на современиот танц: европскиот изразен танц – претставници" прикажани се најзначајните претставници на европскиот танц од втората половина на 19 век (Франсоа Делсарт, Емил Жак-Делкроз, Рудолф фон Лабан, потоа Мери Вигман и Курт Јос). Со тоа, направена е пролегомена во појавата и историскиот развој на современиот танц во Европа, односно направен е осврт кон општествените и културните околности кои доведуваат до радикалното скршнување од традиционалниот балет (кој доминира на европската театарска сцена) кон современиот танц. Овде е застапена тезата дека појавата и развојот на современиот танц се одвиваат не само како реакција на класичниот балет (негација, реплика, синкреза), туку и во постојан дијалог со општеството, науката и културата.

На почетокот на 20 век, танцот се развива низ два стилско-поетички модуса: прво, оној на 'слободната пластика' и на 'слободниот танц' врз којшто се темели танцовиот експресионизам (тука се има предвид т.н. 'изразен танц' во Германија) и второ, стилскиот модус кој ги ревидира академските конвенции на класичната балетска техника по пат на „надградба и негација" (како главни начела на европската авангарда, особено на руските танцови практики).

Во поглавјето „Нови почетоци – 'Руските сезони' во Париз" се укажува на историската улога што рускиот танц, на самиот почеток на 20 век, ја прави преку танчерските проекти на Сергеј Дјагилев, кореографите Михаил Фокин, Вацлав Нижински и Леонид Масин, танчерката Ана Павлова, композиторот Игор Стравински и други значајни авангардни творечки фигури. Современиот танц во империјална Русија е навестен иницијално на сцената на Империјалниот театар во Санкт Петерсбург, за потем да се промовира на голема врата во Париз, на водечките театарски сцени. Руските сезони во Париз го претставуваат современиот (танц) балет како составен дел на системот на новата руска уметност, а не изолирано. Имено, руските танцови перформанси се изведени во Париз во рамки на серија концерти, ликовни изложби, опери и театарски претстави. Поетиката на новиот руски танц вклучува стремеж кон популаризација на танцот (наспроти елитизмот на класичниот империјален „бел" балет), негово обнародување и поврзување со поп-културата, со шоу бизнисот и со мултимедијалните перформанси (за што е основана и специјализираната балетска компанија „Руски балети"). Но, во самата изведба на руските танцови претстави вклучени се врвни париски и европски сликари (Пикасо), модни дизајнери (Коко Шанел), композитори, сценографи и др.

Во средишното поглавје на оваа докторска дисертација, кој носи наслов „Видови поетики на танцот во 20 век“, танцот е дефиниран како „изведувачки сценски израз на западната култура и цивилизација“ (Рисимкин 2015: 104). Од почетокот до крајот на оваа дисертација, истражувањето настојува да покаже и да докаже, низ богата аргументација и графичка илустрација, дека современиот танц има комплексен естетски код, дека не е напросто негација на постојната балетска традиција и затоа не треба да се посматра само како ревизија на поетиката и конвенциите на класичниот балет. Нема сомнение дека современиот танц се поставува, во самиот почеток, како опозиција на естетиката на класичниот балет. Но, како што се стабилизираат и се етаблираат стилско-естетските конвенции и идентитетот на современиот танц, така тој се отвора спрема севкупното танцово наследство, спрема референтните искуства, норми и вредности на класичниот балет, па и на етничките, т.е. народните танцови практики и фолклорните перформанси. Современиот танц е конципиран, значи, не само како опозиција, туку и како синтеза на танцовите искуства на човештвото и како интермедијална синкреза на разнородни уметнички знаковни системи. Како што се развива и го потврдува својот жанровски идентитет, така современиот танц се отвора за дијалог со различните облици на танцово и уметничко наследство, под услов ако тие се вклопуваат во концепцијата на новата танцова кинестетика и семиотика, втемелена врз начелото на изразните контрасти (јукстапозиции) и слободата на инвентивното комбинирање и хибридизирање. Тоа води до констатацијата дека современиот танц се реализира како „интермедијален сценски израз и танцов перформанс“ (2015: 12). Оваа интермедијална и хибридна тенденција се засилува во втората половина на 20 век, кога доаѓа до целосна, продуктивна интерференција на танцовиот театар и модерниот балет, односно кога се случува креативното доближување на танцовата семиотика со семиотиката на балетот, народните танци и новите улични танци.

Во средишното поглавје се обработени посеопфатно, компаративно, па и од историска дистанца, опусите на тројцата највлијателни кореографи на современиот танц и балет: германската кореографка Пина Бауш (1940 – 2009), францускиот кореограф Морис Бежар (1927- 2007) и чешкиот кореограф Јиржи Килијан (1947-). Пина Бауш е кореограф кој од темел го менува развојот на современиот танц и на институцијата *танцов театар* (која ја редефинира и промовира), конципирајќи ја поетиката на германскиот нео-експресионистички танц. Морис Бежар, кој формира свои балетски компании (“Балет на 20 век“ и “Бежар балет од Лозана“), наметнува нови стандарди во интерпретацијата и во продукцијата на модерните балетски претстави и влијае врз општествените институции и нивниот однос спрема балетската уметност. Јиржи Килијан го одредува развојот на современиот танц/балет во втората половина на 20 век, промовирајќи балансиран соодност меѓу традиционалната балетска подлошка и современата танцова методологија. Подоцна, под влијание на постмодернизмот во танцот, кој се развива во САД, тој го афирмира прочуениот *апстрактен танцов израз*/стил, со што дополнително го ревидира општоприфатеното поимање на современиот балет.

По средишниот истражувачки дел следи поглавјето со наслов „Фактографска поткрепа на искажаните ставови за танцовото уметничко дело“ (с.

159). Тука се дадени, како илустративна поддршка на стручните анализи на одделните танцови претстави/перформанси, фактографски податоци и табели, фотографски илустрации, наведен е комплетниот кастинг и термин на праизведбата на анализираното танцово дело, направен е приказ на сценографските обележја на танцовата претстава која е предмет на интерпретација. Интерпретацијата на одделните кореографски танцови дела е изработена, во овој докторски труд, со највисок степен на креативност. Интерпретацијата опфаќа издвоена и споредбена опсервација на повеќе елементи на танцовото дело: 'танцовиот текст' на претставата, статусот и улогата на телото (танчарот) како централен/стожерен дел на танцовиот текст, односите меѓу кореографскиот текст, сценскиот израз, музиката и основниот концепт/намера на танцовиот перформанс, емотивната семантика на танцовата кинестетика, раслојувањето или плурализацијата на танцовиот простор/сцена, улогата на фрагментот, улогата на експресивните контрасти, естетската улога на светлоста и темнината на танцовата сцена, користењето на постапката на алиенација (онеобичнување, очудување или систематска иновација на танцовиот израз) како поетичка техника на современиот танц.

Во поглавјето „Поетиките и нивното влијание врз развојот на танцот на европската сцена", докторантката прави компаративна анализа на поетиките на тројцата кореографи. Танцолошките анализи направени во оваа докторска дисертација се однесуваат на неколку важни сегменти на современиот танц: - сцената, мизансценот или сценските поставки; - танцовиот текст т.е. кореографијата; - танчарот или телото; - соодносот меѓу музиката и кореографскиот текст; - улогата на идејата и на интенцијата на танцовото дело. При тоа, наведени се сличностите и разликите меѓу кореографските опуси и танцовите поетики на Пина Бауш, Морис Бежар и Јиржи Килијан. Сосема накусо ќе ги резимираме индивидуалните поетики на тројцата кореографи обработени преку конкретно избраните дела/претстави:

- Пина Бауш го организира сценскиот танцов простор варијабилно, во постојана корелација со самото дејство, поместувајќи ги при тоа сите сценски елементи (столици, масички и др.), така што просторот добива постојано нов облик и нови опции за танцување. Со таквиот пристап, сцената станува етерична, недофатна, што пак генерира интензивна просторна тензија, односно просторот станува клучен елемент на очудување на танцовиот израз. Натаму, Пина Бауш го развива кореографскиот текст како структура помеѓу повеќе тела, со што создава макродинамична експресија. Таа ги поставува телата во емотивен и високо семантизиран допир едно со друго. Поетиката на Бауш ја нагласува улогата на човечките чувства, на љубопитноста на човечкиот дух и на неговиот порив за слобода и за индивидуалност, премиса врз којашто е поставен нејзиниот отпор против општествените табуа и забрани. Авангардноста на поетиката на Пина Бауш се рефлектира во надреалистичноста, екстравагантноста и провокативноста на нејзините кореографски и танцови перформанси.
- Кај Морис Бежар на преден план е поставен танчарот, односно кореографијата на неговото тело. Танчарите се целосно персонализирани иако се дел од еден ист перформанс. Костимографијата е во служба на

нагласување на телото на танчарите, без посебно да го оцртува женскиот, односно машкиот идентитет на телото. Поетиката на Бежар ја доведува телесноста на рамниште на кореографски идентитет, посебно истакнувајќи ја сексуалноста на телото и еротизмот на танцовата сцена. Бежар е креатор на т.н. танцов текст, кој освен форма, има и свое значење, своја семантика. Кај него кореографскиот текст е заснован врз класичниот балетски вокабулар, но тој е дополнет со пластиката на модерниот танц. Поетиката на танцот на Бежар е естетски двослојна и синкретична. Тој манипулира со експресијата на сценскиот простор, градирајќи го на повеќе семантички рамништа и сценски платформи. Неговата кореографија ги нагласува разликите во кинестетиката на машкото и на женското тело, преку различна поставеност/искористеност на сценскиот простор за секој пол, така што танцовиот перформанс се одвива како драмска и драматична тензија на релација маж – жена. Кинестетиката на телото на танчарите е динамична, енергична, репетитивна. Во дадената, обработената претстава, телата не се поставени во близок допир, па може да се каже дека танцот е инкантација на телото како такво. Поетиката на Морис Бежар е поетика на пресврти, драматична поетика, авангардна поетика, бидејќи преку креација на мегаломански слики настојува да ја долови суштината на малите нешта. Кај него љубовта е движечката сила на кореографскиот текст. Неговиот театар се одликува со интеркултуралност и на стилска хибридност. Бежар ја популаризира балетската и танцовата уметност доближувајќи ја до масовната публика.

- Јиржи Килијан, во обработеното дело/претстава, го втемелува кореографскиот текст врз сценското светло, така што го операционализира светлото на празна сцена, градејќи ја така, речиси метафизички, семантиката на танцовото дело. Тој промовира една поетика на рестриктивна кореографија. Тој ја афирмира поетиката на сепаратни, отсечни, ренски танцови движења. Во неговите танцови дела, вокабуларот (речникот) на брзите ритмични телесни движења ја генерира семантиката на сценскиот простор. Килијан ги смета телата за дел од една интегрална сценска семиотика и за фактор кој ја гради приказната на танцовата претстава. Кореографскиот текст што го промовира Килијан се базира врз оптимализација на улогата на телото, музиката и светлото, а ја занемарува сценографијата, особено во неговата последна фаза на апстрактна кореографија.

Од изложеното може да се заклучи дека Морис Бежар ги усовршува веќе поставените норми, додека Пина Бауш и Јиржи Килијан ги редефинираат востановените балетски конвенции и ја ослободуваат оптимално поетиката на современата танцова сцена.

Во поглавјето „Паралелен развој на неколку стилски модалитети (поетики) во рамки на современиот европски танц“ е направен осврт кон развојот на современиот танц во некогашниот Советски Сојуз и Руската Федерација во текот на 20 век. Во продолжение е направен и кус осврт на современиот танц на подрачјето на северна и јужна Америка, неговото влијание врз европскиот танц, неговите поетички специфики, неговиот однос спрема танцовите традиции на

матичната американска почва, најновите неакадемски тенденции на стрит и етнотанцот.

Во поглавјето „Македонската современа танцова сцена од 1990 година наваму“, истражувачкото внимание е свртено кон развојот на современата македонска танцова сцена и затоа е земен периодот на деведесеттите години или крајот на 20 век, па и почетокот на 21 век. Балетската сцена во Р. Македонија се институционализира јануари 1949 година, а современиот танц е најавен со претставата „Ценис“, 1990 година, изведена во склоп на фестивалот „Млад отворен театар“, во авторство на докторантката Р. Рисимкин. Главни претставници на современиот македонски танц се, покрај Р. Рисимкин, Искра Шукарова, Гордана Деан поп Христова, Саша Ефтимова и Олга Панго. Од Скопската танцова академија (и театар) произлегуваат и младите кореографи: Матеа Киселичка, Валентино Апостоловски и Адријана Данчевска. Младите кадри се создаваат во соработка со Ротердамската академија за танц и други еминентни академии, кореографи и театри.

Во заклучните согледби се извлечени неколку битни карактеристики на современиот танц: развојот се одвива од нагласување на разликите по однос на класичниот и модерниот балет, па до хибридизација на стилско-поетичките методи на овие танцови жанрови и практики; на современата сцена е присутен еден вид „интегрален“ танц, кој не исклучува, туку вклучува (инклузивен, кумулативен модус) елементи од различни танцови поетики и стилови. По ревизијата на наследените танцови конвенции, се создадени нови конвенции. Култот на уникатноста и оригиналноста е доминантен во современиот танц, па сепак доаѓа до мешање на различни стилски техники и до поместување на танцовата поетичка доминанта (телото, движењето, фрагментарноста, минимализмот, улогата на светлото, востановувањето на просторот и на сцената, манипулацијата со емотивната семиотика на танцовата сцена, и др. Во Европа е видливо влијанието на балетот и на експресионизмот врз современиот танц (Мери Вигман, Курт Јос) врз современиот танц, додека во Америка, каде што балетот не одигрува толку значајна институционална културна улога, танцот корелира со популарните, етнотанцови практики (како наследените, така и најновите) и е ориентиран кон постмодерниот израз, вклучително и кон бројните неакадемски танцови облици/перформанси, кон стрит танцот (уличниот танц), хип-хопот и други популарни практики.

Во заклучокот се истакнува дека современиот свет е свидетел на една плурална танцова сцена во светот. Крајностите се помирени, отворен е просторот за соработка, интерференција, дијалог и интертекстуалност, за танцов еклектицизам, за ослободеност на танцовата сцена од мегаломанија, за извесна сценска непретенциозност. Современиот танц и модерниот балет заемно се цитираат, се дополнуваат и се редефинираат. Доминантна е поетиката на танцовиот кореограф, етно танцографски еклектицизам како облик на танцова постмодернистичка практика и поетика. Балетот и танцот се две културни матрици и два комплементарни погледа на свет кои коегзистираат и се надополнуваат. Затоа, денес се зборува за „слободни стилови“ на современиот танц, односно за „слободен современ танц“.

На крај, во прилозите е направен индекс на поими, резиме на англиски јазик и белешка за авторот, докторантката Рисима Рисимкин.

**Оцена на докторската дисертација**

Предмет на научно проучување се водечките, авангардни и влијателни танцови стилови во 20 век, во рамките на европскиот танцов, мултимедијален и мултикултурен контекст. Историскиот и хронолошки развој на современиот танц е направен во комбинација со аспектите на синхронискиот, системски статус (стилови и стилистички модуси) на современиот танц по однос на модерниот и на современиот балет.

Проучувањето на поетиката на европскиот танц и на танцовите стилови во 20 век е изведено селективно, низ примерот на неколку парадигматични примери (Морис Бежар, Пина Бауш, Јиржи Килијан, Лабан) и во компаративен контекст, така што се опфатени танцови практики во неколку европски култури и држави. Освен тоа, направен е неопходниот осврт во поширокатa европска танцова сцена, експлицитно и имплицитно, со оглед на фактот дека танцовата уметност е мобилна и наднационална, па се остварува на повеќе театарски и танцови сцени, а не само на матичната сцена на одреден кореограф, танцов театар или танчер. Текстуалните согледувања се дополнети со богат илустративен (ликовен, графички и табеларен) материјал од европската танцова сцена, маркирана од неколку кореографски и танчерски опуси, така што се добива интегрална претстава за модалитетите на индивидуалните танцови стилови во Европа во 20 век.

Рецензентската комисија смета дека ова докторско истражување: (1) претставува валиден прилог во теоријата и историјата на европскиот танц на 20 век; (2) е референтно за науката на танцот (танцологијата) во Република Македонија, па и пошироко во регионални рамки, и (3) ќе има соодветна културна и образовно-едукативна функција.

Врз основа на изнесените оцени, Рецензентската комисија во состав: Катица ЌУЛАВКОВА, редовен професор, Татјана ПЕТКОВСКА, редовен професор, д-р Владимир МАРТИНОВСКИ, вонреден професор, д-р Ивана ВУЈИЌ, редовен професор и д-р Милена БОЖИКОВА, редовен професор, му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ да и’ одобри на докторантката Рисима РИСИМКИН одбрана на докторската дисертација под наслов *Компаративна поетика на модерните танцови стилови на 20 век во Европа*.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Академик Катица ЌУЛАВКОВА, редовен професор, с.р.

Д-р Татјана ПЕТКОВСКА, редовен професор, с.р.

Д-р Владимир МАРТИНОВСКИ, вонреден професор, с.р.

Д-р Ивана ВУЈИЌ, редовен професор, с.р.

Д-р Милена БОЖИКОВА, редовен професор, с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ОПТАТИВОТ И АДМИРАТИВОТ ВО АЛБАНСКИОТ ЈАЗИК И НИВНИТЕ ПРЕВОДНИ ЕКВИВАЛЕНТИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК" ОД М-Р ИСМАИЛ ХАМИТИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на 62. редовна седница одржана на 17.2.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Исмаил Хамити со наслов „Оптативот и адмиративот во албанскиот јазик и нивните преводни еквиваленти во македонскиот јазик", во состав: д-р Агим Пољоска, редовен професор, д-р Мируше Хоџа, редовен професор, д-р Димитар Пандев, редовен професор, д-р Ваљбона Тоска, вонреден професор и д-р Ајтен Ќамили, доцент.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Исмаил Хамити, со наслов *Оптативот и адмиративот во албанскиот јазик и нивните преводни еквиваленти во македонскиот јазик*, содржи 282 страници компјутерски обработен текст во фонт Georgia (со македонска поддршка), со 1,5 проред и големина на букви 12, со 15 наслови од извори на преведените литературни дела на македонски и албански јазик, 98 библиографски единици, меѓу кои има научни трудови, статии, граматики, дисертации и интернет-ресурси на албански, македонски и странски јазици.

Трудот е структуриран во четири глави, вовед, заклучни согледувања и анекс на преводен материјал од извршената анкета. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, м-р И. Хамити ги изложува предметот, целите и методологијата на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања и теоретската рамка. Исто така, кандидатот дава еден преглед за важноста на преведувањето како творечки чин кој претставува една од најинтересните појави на човечката кореспонденција и комуникација, за посеопфатно изучување на јазиците, културите и различните традиции на разни народи и цивилизации во целиот свет. Во продолжение се изнесуваат основни информации поврзани со албанско-македонската двојазична лексикографија, како и за почетокот на практикувањето на преведувањето од македонски на албански и обратно. Во продолжение се дава еден хронолошки развој на процесот на преведувањето, наведувајќи ги законските прописи со кои се уредува употребата на јазиците во јавната администрација и на другите органи во Република Македонија од 2002 год., па се до денес.

Во ова истражување, кандидатот м-р Исмаил Хамити постави неколку хипотези со цел да им одговори на прашањата кои ги третира во трудот, како што се на пример:

1. Кои се глаголските форми со кои се преведуваат албанскиот оптатив и адмиратив во македонскиот јазик?

2. Кои од тие форми се користат најчесто при преведувањето и дали ако се преведат тие од македонски на албански јазик, секогаш ќе бидат во оптативен, односно адмиративен начин?

3. Која е поврзаноста на албанскиот оптатив со конјунктивот (субјунктивот) во другите јазици, односно со *да*-констрикцијата во македонскиот јазик при изнаоѓање на преводни еквиваленти?

4. Кои се особеностите и сличностите на албанскиот адмиратив споредуван со начинот на прекажаноста во македонскиот јазик?

5. Каде најчесто се забележуваат грешките при преведување на оптативните и адмиративните значења од албански на македонски јазик и обратно?

Причините и потребата за изборот на оваа тема кандидатот ги поврзува со следниве аргументи:

- областа на преведувањето од македонски на албански јазик и обратно е многу значајна, бидејќи секој ден се среќаваме со процесот на комуникација на двата јазика;

- од 2002 година, албанскиот јазик е втор службен јазик во локалната самоуправа, а преведувањето во писмена или усна форма во одредени општини е задолжително;

- компаративните прилози, стручните трудови и дела објавени од областа на преведувањето претставуваат голема помош за професионалните преведувачи, студентите кои студираат при катедрите за преведување, професорите и наставниците кои предаваат албански и македонски јазик во основните, средните училишта и курсевите;

- овој тип истражувања се од интерес и за секојдневната комуникација на секој човек кој сака да комуницира во двата јазика, особено за правилно користење на оптативот и адмиративот во албанскиот јазик и нивните преводни еквиваленти во македонскиот јазик.

Причините за изборот на оваа тема кандидатот м-р И. Хамити ги поврзува, меѓу другото, и со посебниот интерес за балканската компаративна лингвистика, за лингвистичката наука воопшто, особено во областа на традуктологијата и когнитивната лингвистика.

**Првата глава** од докторската дисертација е со наслов **Општ преглед на глаголскиот систем во индоевропските и балканските јазици**. Во неа се дава општ преглед на глаголските системи на индоевропскиот јазик и на балканските јазици. Исто така, се дава и краток преглед на поделбата на овие јазици според генеалошки и типолошки критериуми. Тука се споменува огромниот придонес на германскиот лингвист Франц Боп, како и на други лингвисти, на пример: Шлајхер, Миклошич, Куртиус, Шмит и др. Посебно вминание кандидатот посветува на развојот на балканскиот јазичен сојуз кадешто се набројуваат заедничките лингвистички елементи меѓу балканските јазици, како процес од нивното заемно влијание кое се случило во текот на заедничкиот историски развој. Посебно место им се дава на глаголските системи во дијахрониски и синхрониски план на балканските јазици, каде поединечно се набројуваат и се опишуваат сите глаголски системи во албанскиот, грчкиот, романскиот, ароманскиот, македонскиот, бугарскиот, српскиот и хрватскиот јазик. Вниманието во продолжение на оваа глава кандидатот го насочува кон глаголските системи во македонскиот и во албанскиот јазик, подвлекувајќи една компаративна паралела, при што се дава еден исцрпен преглед на глаголските системи на двата јазика. На крајот на првата глава се дава една компаративна анализа на споменатите глаголски системи, каде што се наведени сите сличности, разлики и особености меѓу нив.

Во **втората глава** под наслов: **Модалноста и глаголскиот начин**, кандидатот ја обработува модалноста, односно предикативноста на реченицата главно искажана преку глаголскиот начин, којашто може да се изрази и со други лексички средства. Според најновите лингвистички истражувања се тврди дека предикативност се

состои од категоријата на синтаксичка модалност, синтаксичко време и синтаксичко лице. И покрај тоа што кај лингвистите постојат различни мислења во поглед на сфаќањата за обемот на модалноста и на нејзините изразни средства, може да се каже дека најголемиот број автори се согласуваат во тоа дека во карактеризирањето на модалноста треба да биде вклучен ставот на зборувачот. Како што спомнува кандидатот, иако постојат различни јазичните средства за изразување на модалноста, сепак основно средство за нејзино изразување кај глаголите е граматичката категорија начин. Оваа граматичка категорија ја поседуваат само менливите форми на глаголот, односно само оние глаголски форми кои се менуваат по лице и број. Неменливите форми (инфинитив, партиципи и герундив) ја немаат оваа граматичка категорија. За да се изрази овој однос, во глаголскиот систем на различни јазици се изградени разни начински спротивставувања, изградени преку синтетички или аналитички средства. Од аспект на модалитетот кој го изразуваат, според кандидатот, глаголските начини може да се поделат во групи, при што треба да се нагласи фактот дека не сите јазици разликуваат исти глаголски начини, односно кај секој јазик постои разлика во однос на бројот на глаголските начини, од кои најчесто се споменуваат: индикатив, императив, потенцијал, кондиционал, коњунктив (субјунктив), оптатив, адмиратив и др. Исто така, во ова поглавје се објаснува и тесната поврзаност на глаголскиот начин со глаголското време. Во продолжение се дава развојот на глаголскиот начин почнувајќи од праиндоевропскиот јазик, потоа кај изумрените јазици, па сè до балканските живи јазици. На крајот на ова поглавје се изнесува еден компаративен преглед на глаголските начини меѓу македонскиот и албанскиот јазик, при што се наведуваат поединечно на описен начин сите сличности и специфичности меѓу овие два јазика.

**Третата глава** целосно се посветува на **оптативот**, при што кандидатот м-р И. Хамити ја обработува детално на теоретски и практичен аспект. Тој поаѓа од компаративните истражувања анализи со оглед на фактот дека албанскиот оптатив, како специфичен глаголскиот начин, има свои посебни морфолошки маркери, односно наставки со кои тој се изразува. На самиот почеток, кандидатот дава еден историски преглед на развојот на овој глаголски начин од праиндоевропскиот јазик, присуството на оптативот кај другите јазици во светот, па сè до неговите форми за изразување кај јазиците кои го сочинуваат балканскиот јазичен сојуз. И не само тоа. Заради добивање на целосна слика на овој глаголски начин во балкански контекст, кандидатот, со право, посебно внимание му придава на турскиот јазик поради неговото влијание врз овие јазици кадешто детално го опишува начинот на образување и употребата на оптативот во турскиот јазик. Во продолжение тој дава еден историски осврт на развојот на оптативот во албанскиот јазик, потоа начинот на неговото образување и синтаксичка употреба. Во овој дел се дадени голем број примери, сите преведени и поделени според нивната морфолошка форма, синтаксичка употреба и семантичко значење, како што се клетви, благослови, изрази за честитки, пцости, фразеолошки изрази и др.

Во продолжение на оваа глава се проучуваат формите и начинот на изразување на оптативно значење во македонскиот јазик, како од дијахрониска, така и од синхрониски гледна точка. Поединечно се анализираат и обработуваат сите посебни глаголски форми за изразување на овие семантички значења во македонскиот јазик, при што кандидатот ги наведува следните форми: граматички независните реченици со ***да*-конструкција**, од типот: *Голем да пораснеш - U rritsh i madh!;* **минато неопределено време** образувано со свршени глаголи (**со глаголска *л*-форма**), од типот: *Дал ти Бог добро! - Zoti t'i dhëntë të gjitha të mirat!;* алтернативно изразување на оптативно значење во македонскиот јазик со ***нека*-конструкција**, од типот: *Нека е на помош света Богородица!- Na ndihmoftë Shën Mëria!* и конструкцијата ***да* + потенцијал** од типот: *Да би волци те јале! - Ujqit të ngrënshin!*, која според граматиките на македонскиот јазик се смета како нестандардна форма. Од друга страна, според преводните еквиваленти добиени преку компаративните анализи на преведените литературни дела од албански на македонски јазик, кандидатот ги наведува следниве форми кои се забележани во преведените дела, и тоа: албански оптатив преведен со ***нека*-конструкција** во македонскиот јазик; албански оптатив преведен со македонската ***да*-конструкција**;

оптатив преведен со **поздравни фрази** во македонскиот јазик и албанскиот оптатив преведен со глаголска ***л*-форма** во македонскиот јазик. Сите наброени форми се поткрепени со голем број примери преведени и систематизирани според емпириските критериуми.

Посебен дел во ова поглавје кандидатот издвоил за контрастивно проучување на албанските оптативни форми со соодветните форми во македонскиот јазик гледано од морфосинтаксички и лексички аспект, кадешто се дадени 12 точки со многу примери за сличностите и посебностите меѓу албанскиот и македонскиот оптатив. Освен тоа, во продолжение, кандидатот м-р Исмаил Хамити изнесува голем број примери и преводни паралели меѓу албанскиот и македонскиот јазик преку компаративно согледување на преводот на книжевните дела, весници, веб - портали и други извори во табеларна форма, подредени според начинот на преведување и нивното значење. Исто така, тука ги изнесува и добиените резултати од извршеното испитување на преведувачите во врска со преводот на најкарактеристичните оптативни форми во двата јазика.

Оваа глава кандидатот ја завршува со давање на свој поглед за тешкотиите и дилемите кои најчесто се јавуваат при преведување на албанскиот оптатив во македонскиот јазик и дава алтернативи за изнаоѓање на еквивалентните преводни форми од албански на македонски јазик и обратно.

Во последната **четврта глава** кандидатот се задржува на адмиративот во албанскиот јазик и формите со кои се изразува адмиративноста и адмиративното значење во другите јазици, со посебен акцент врз албанскиот и македонскиот јазик. Ова поглавје започнува со разгледување на адмиративот како балкански семантички модел, како и терминолошки пристап во пошироката лингвистичка литература, кадешто се даваат погледите и мислењата на бројни лингвисти и балканолози за адмиративноста и адмиративното значење како на теоретски план, така и во поглед на неговата употреба кај балканските јазици. Исто така, кандидатот ја посочува и терминолошката разноликост која се користи во пошироката лингвистичка литература, а која е поврзана со степенот на волјата на говорителот да гарантира за вистинитоста на искажаното, т.е. на тоа што го соопштува, при што најчесто се среќаваат термините: ***адмиратив, начин на прекажување, евиденцијалност, дубитатив, инференцијал, пресумптив, конфирматив, неконфирматив*** и др., како и степенот на нивната граматикализација кај балканските јазици. Поглавјето се заокружува со компаративно согледување на адмиративните значења кај балканските јазици, вклучувајќи го и турскиот јазик кадешто преку компаративна метода се опишани главните одлики на овој модус во сите балкански јазици. Во посебен дел од оваа глава се дадени случаи на адмиративна употреба кај сите јазици од балканскиот сојуз, со конкретни примери и преводни еквиваленти.

Историското потекло и начинот на образување на албанските адмиративни форми кандидатот ги изложува во посебни делови кадешто детално се опишуваат и се даваат парадигми на сите четири темпорални адмиративни форми во потврдна, одречна и повратна форма прикажани табеларно, како и синтаксичкото значење на адмиративниот начин во албанскиот јазик, систематизирани и групирани според нивната функција и значење со голем број на примери преведени во македонскиот јазик.

Несомнено, голем дел од ова поглавје м-р Исмаил Хамити посветува во изразувањето на адмиративност во македонскиот јазик. На дијахрониски план се даваат сите податоци кои се поврзани со начинот на прекажување, додека пак на синхрониско рамниште се опишуваат сите можни форми со кои се изразува адмиративното значење во македонскиот јазик со табели и конкретни преведени примери во албанскиот јазик. Според досегашните истражувања, кандидатот наведува четири главни и најчести форми со кои македонскиот говорител може да изрази ваков тип реченици, и тоа: **сум + *л*-форма**, ***да*-конструкција**, **идно време** и **плусквамперфект**. Сите овие форми поединечно се обработуваат од страна на кандидатот и се опишуваат начините на нивно образување, како и нивната синтаксичка функција со бројни примери, сите преведени на албански јазик. За секоја форма се дава компаративна анализа со албанските преводни еквиваленти за сличностите и разликите со албанските адмиративни значења и форми.

На крајот на ова поглавје, во посебен дел кандидатот ги дава табеларно преводните еквиваленти извлечени од бројни литературни дела преведени од албански на македонски јазик и обратно, како и на книжевните дела од други јазици, а кои се преведени самостојно во едниот или другиот јазик со цел да се види од поширок план поврзаноста на тие реченици со овој глаголски модус. И тука внимателно е извршена селекција и категоризација на глаголските форми според нивното образување и функција. Во продолжение од ова поглавје, во посебен дел се приложуваат анализите, односно добиените резултати од извршеното испитување на преведувачите, а кои се однесуваат за преведувањето на адмиративните форми од албански на македонски јазик и обратно. Поглавјето завршува со делот каде што се опишуваат тешкотиите во преведување на албанскиот адмиратив во македонскиот јазик и изнаоѓање на еквивалентните преводни форми од албански на македонски и обратно.

Сосема на крајот од секој труд се дава список на анкетираните преведувачи од македонски на албански јазик и обратно, изворите на преведени литературни дела, како и преглед на користената литература подредена по азбучен редослед според латинското и кирилското писмо.

**ПРЕДЛОГ И ЗАКЛУЧОК**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Исмаил Хамити, со наслов „Оптативот и адмиративот во албанскиот јазик и нивните преводни еквиваленти во македонскиот јазик", претставува истражување во областа на јазикот и преведувањето, односно традуктологијата од албански на македонски јазик и обратно. Изработката на темата на оваа докторска дисертација дава посебен и сериозен осврт на оваа проблематика, која за прв пат се проучува темелно и исцрпно, а преведувањето од албански на македонски јазик се збогатува со една нова сериозно гледиште. Ова истражување е од интерес и за секојдневната комуникација на секој човек кој сака да комуницира на овие два јазика, особено за правилно користење на оптативот и адмиративот во албанскиот јазик и нивните преводни еквиваленти во македонскиот јазик. Освен тоа, ова претставува голема помош за професионалните преведувачи, за студентите кои студираат при катедрите за преведување, професорите и наставниците кои предаваат албански и македонски јазик во основните училишта, средните училишта и курсевите.

Главни научни придонеси на кандидатот се: сеопфатна анализа во изнаоѓање на глаголските форми со кои се преведуваат албанскиот оптатив и адмиратив во македонскиот јазик, фреквентноста на тие форми, поврзаноста на албанскиот оптатив со конјунктивот (субјунктивот) во другите јазици, односно со *да*-констрикцијата во македонскиот јазик при изнаоѓање на преводни еквиваленти, поврзаноста, односно особеностите и сличностите на албанскиот адмиратив спореден со начинот на прекажување во македонскиот јазик, грешките кои најчесто се забележуваат при преведување на оптативните и адмиративните значења од албански на македонски јазик и обратно од страна на преведувачите.

Подрачје на примена и ограничувања се: дисертацијата е особено важна за преведувањето на овие глаголски начини од албански на македонски јазик, за нивната правилна употреба при комуникација и во процесот на изучување на двата јазика. Исто така, овие знаења се од големо значење за компаративното проучување на балканските јазици од аспект на нивните заеднички лингвистички особини и унапредување на балканската лингвистиката воопшто.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Исмаил Хамити со наслов „Оптативот и адмиративот во албанскиот јазик и нивните преводни еквиваленти во македонскиот јазик".

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Агим Пољоска, редовен професор, с.р.

Д-р メ Мируше Хоџа, редовен професор, с.р.

Д-р Димитар Пандев, редовен професор, с.р.

Д-р Валбона Тоска, вонреден професор, с.р.

Д-р Ајтен Ќамили, доцент, с.р.

# ПРЕГЛЕД
# НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

## 3. Магистерски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Ана Азеска | „Анализа на еквивалентите на македонскиот удвоен индиректен и директен предмет кај изучувачите со хрватски како прв јазик“ | „Adoption and translation of the Macedonian reduplicated indirect and direct object by the students with croatian as a mother language“ | Проф. д-р Људмил Спасов | 10-3-2016 10-439/3 |
| 2. | Наташа Максимовска | „Семантичка анализа на глаголите за визуелна перцепција во англискиот и во македонскиот јазик“ | „Semantic Analysis of the Verbs of Visual Perception in English and Macedonian“ | Проф. д-р Наташа Стојановска-Илиевска | 10-3-2016 10-459-3 |
| 3. | Ѓорѓи Ристески | „Еквивалентите на англиските условни реченици во македонскиот јазик“ | „The Equivalents of the English Conditional Sentences in the Macedonian Language“ | Проф. д-р Елени Бужаровска | 10-3-2016 10-458/3 |
| 4. | Павлина Коталеска | „Корпусно истражување на усвојувањето на колокации од страна на македонските изучувачи на англискиот јазик“ | „Corpus Based Research on the Acquisition of Collocations among Macedonian Learners of English“ | Проф. д-р Наташа Стојановска-Илиевска | 10-3-2016 10-441/3 |
| 5. | Анастасија Апостоловска | „Преводните еквиваленти на македонскиот можен начин во англискиот јазик“ | „Translational equivalents of the Macedonian potential mood in the English language“ | Проф. д-р Елени Бужаровска | 10-3-2016 10-451/3 |
| 6. | Надица Метулева | „Автономијата на ученикот во процесот на изучување на англискиот јазик како странски во средното образование“ | „Learner Autonomy in English as a Foreign Language learning in secondary education“ | Проф. д-р Анжела Николовска | 10-3-2016 10-450/3 |
| 7. | Давор Јанкулоски | „Конструкциите на *има+н/т* партицип во западните македонски говори“ | „Constructions with imam+n/t participle in the Western Macedonian dialects“ | Проф. д-р Марјан Марковиќ | 10-3-2016 10-449/3 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8. | Фуркан Садики | „Поими и зборови од турскиот јазик поврзани со традиционалните обичаи до 20-тиот век одразени во делата на Марко Цепенков“ | „Words and terminology from the Turkish language in the Works on 20th centry custons by Marko Cepenkov“ | Проф. д-р Људмил Спасов | 10-3-2016<br>10-400/3 |
| 9. | Сабит Ибрахим | „Фонетски карактеристики на турскиот говор во Тетовско“ | „Phonetic features of Turkish speech in Tetovo“ | Проф. д-р Октај Ахмед | 10-3-2016<br>10-317/3 |
| 10. | Сумејје Ајдин | „Гиресунскиот турски говор“ | „The Turkish Dialect of Giresun“ | Проф. д-р Октај Ахмед | 10-3-2016<br>10-476/3 |

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ – ИСТРАЖУВАЧ ВО ИНСТИТУТОТ ЗА ДУХОВНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО НА АЛБАНЦИТЕ ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за духовно културно наследство на Албанците во Скопје, со Одлука бр. 0201-37/2 од 15.2.2016 год., нè избра за членови на Рецензентската комисија во состав: д-р Наим Алими – виш научен соработник (Институт за духовно културно наследство на Албанците – Скопје), д-р Скендер Асани – научен соработник (Институт за духовно културно наследство на Албанците – Скопје) и д-р Севдаил Демири – научен соработник (Институт за духовно културно наследство на Албанците – Скопје). Во конкурсот објавен во дневните весници „ЛАЈМ“ и „УТРИНСКИ ВЕСНИК“ од 6.2.2016 год., за избор на асистент – истражувач во Одделот за историја на Албанците во Македонија и за демографските движења се пријави само кандидатот м-р Муртезан Идризи, помлад асистент – истражувач во ЈНУ Институт за духовно културно наследство на Албанците во Скопје. По разгледувањето на доставените материјали кон пријавата, имаме чест до Советот на Институтот за духовно културно наследство на Албанците да го доставиме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I

М-р Муртезан Идризи е роден на 12.5.1980 во с. Никиштани, Скопје. Основно образование завршил во родното место, додека медресата „Иса Бег“ во Скопје ја завршил во учебната 1997/1998. По завршувањето на медресата се запишал на Факултетот за исламски науки во Скопје, каде што и дипломирал во 2003 година. По дипломирањето во 2004 година заминал во Истанбул, Република Турција, при центарот за странски јазици „ТОМЕР“ за да го научи турскиот јазик. Во 2006 година се запишал на постдипломски студии на Универзитетот „Сакарија“ во Турција, при Катедрата за исламска историја и уметност – Отсек за исламска историја. На 3.7.2008 ја одбранил магистерската теза со наслов: „Битола во XVI и XV век“. По завршувањето на магистерските студии се запишал на докторски студии на истиот универзитет каде што и магистрирал, при Институтот за општествени науки – Отсек за историја. Наскоро треба да ја одбрани докторската дисертација со наслов „Идентитетот на Албанците во Македонија“. Од 2013 година е ангажиран како помлад асистент – истражувач при Институтот за духовно културно наследство на Албанците во Скопје.

II

Кандидатот м-р Муртезан Идризи, покрај своето научно и стручно усовршување, својата научна преокупација ја насочува кон проучување на историјата на Албанците во Македонија во османлискиот период. Своите согледувања и ставови ги има презентирано во неколку објавени материјали и има учествувано на неколку научни конференции. Кандидатот м-р Муртезан Идризи ги има објавено следниве трудови:

- "*Nga principata në Perandori, nga Anadolli në Rumeli zgjerim Otoman*", Kongresi i II -të Ballkanik, vështrim Shek. XXI Nga Gadishulli Ballkanik, tema: "Nëpër gjurmët e së kaluarës drejt të ardhmes" (organizator Universiteti i Sakarjës, Universiteti i Prishtinës, Universiteti Bozok, Vakëfi Hulumtues Shkencor Turk), 2010, Prizren. Vëllimi I, fq. 85 – 94;

- "*Gjendja Sociale dhe Politike në Periudhën e Pavarësisë së Shqiptarisë në Dritën e Memorandumeve (Osmane) 1860 – 1908*", Recension veprës së Kemalettin KUZUCU, „Studime Albanologjike", Nr: 10, ITSHKSH, Shkup 2014, 325 – 332;

- "*Roli Edukativo – Arsimor dhe Kulturor i Medreseve Në Shkup*", Konferenca me temë: Jeta Shoqërore e Shqiptarëve Në Shkup dhe Rrethinë Ndërmjet dy Luftërave Botërore, " SCUPI", Nr: 12, ITSHKSH, Shkup 2015, 425 – 434;

- "*Kronologjia dhe Shkaqet e Depërtimit të Islamit në Trojet Shqiptare*", "Studime Albanologjike", Nr: 12, ITSHKSH, Shkup 2015, 219 – 227.

Исто така, м-р Муртезан Идризи учествувал и во повеќе научни сесии, конференции, семинари и трибини кои се организирале во земјата и надвор од неа, на кои ги презентирал своите ставови и сознанија, со што го дал својот придонес во современите текови на историската наука. Во проширувањето на своите научни сознанија, покрај албанскиот јазик кој му е мајчин јазик, има солидни познавања на македонскиот и турскиот јазик. Активно ја користи компјутерската технологија во својата работа и има познавања од програмите: Windows, Word, Power Point, Excel, Internet Explorer итн.

III

Како членови на Рецензентската комисија, кои непосредно ја следат работата и активноста на м-р Муртезан Идризи, врз основа на погоре изнесениот извештај, можеме да констатираме дека тој ни се претставува како сериозен, одговорен и перспективен научен работник кој може да придонесе во развојот на историската наука и да се справува со предизвиците што ги бара научноистражувачката работа, истовремено задоволувајќи ги барањата и критериумите за избор во соработничкото звање асистент – истражувач.

Имаме чест на Советот на Институтот за духовно културно наследство на Албанците во Скопје да му предложиме да го избере кандидатот м-р Муртезан Идризи во соработничко звање – АСИСТЕНТ – ИСТРАЖУВАЧ во Одделот за историја на Албанците во Македонија и за демографските движења.

Рецензентска комисија

1. Д-р Наим Алими, претседател, с.р.

2. Д-р Скендер Асани, член, с.р.

3. Д-р Севдаил Демири, член, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МАКЕДОНСКИ ВИЗУЕЛЕН ИДЕНТИТЕТ: ДИЗАЈНОТ КАКО МОЖНОСТ ЗА ЕВОЛУЦИЈА НА ТРАДИЦИИТЕ ОД ВИЗУЕЛНОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО“ ОД М-Р ГОРДАНА ВРЕНЦОСКА, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“ ВО СКОПЈЕ, УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ

Научниот совет на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 17.12.2015 година, со Одлука бр. 02-604 формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Гордана Вренцоска со наслов: „Македонски визуелен идентитет: дизајнот како можност за еволуција на традициите од визуелното културно наследство“, во состав: проф. д-р Ермис Лафазановски (претседател), проф. д-р Антоанела Петковска (ментор), проф. д-р Катерина Петровска-Кузманова (член), доц. д-р Јасминка Ристовска-Пиличкова (член) и доц. д-р Иванка Апостолова (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Научниот совет на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација на кандидатката м-р Гордана Вренцоска, со наслов: „Македонски визуелен идентитет: дизајнот како можност за еволуција на традициите од визуелното културно наследство“, содржи 522 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 798 фусноти, 349 бибилиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални и меѓународни прописи, закони и акти, интернет-ресурси и каталози од културни настани и изложби. Во трудот има 8 табели, а заради визуелниот карактер на темата, во основниот текст на трудот се презентирани голем број на илустрации, вкупно 436, како и 10 табли со слики. Трудот е структуриран во вовед, осум глави, заклучни согледувања и библиографија. Поглавјата се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови.

**Воведот** на трудот претставува презентација и елаборација на клучните и темелните аспекти неопходни за натамошните научни анализи на кои е посветен трудот: формулацијата на проблемот, предметот на истражувањето, целта на истражувањето и хипотезите, очекуваните резултати од истражувањето и методологијата на истражувањето. Согледана е потребата за определувањето на феноменот на реалното постоење на културните различности и идентитети во рамките на современото македонско општество (независна Република

Македонија) и неговото место во светски рамки (во постмодерната ера во 21 век, во која доминираат глобализацијата, интернетот, социјалните медиуми и визуелните комуникации). ***Предметот*** на истражувањето е фокусиран на согледувањето и определувањето на културниот и националниот „код“ на визуелната култура на територијата на Македонија, преку визурата на народната култура и фолклорот од една страна и високата култура и уметност од друга страна. Значаен аспект на полето на истражувањето, од ракурсот на конкретниот предмет се поткултурите инхерентни за популарната култура и медиумите, како и нивното меѓусебно испреплетување низ сите форми на современите визуелни комуникации. Оттука, главната ***цел*** на спроведеното истражување се состоеше во тоа да се *утврдат* можностите на дизајнот во процесот на подобрување, развој и напредок на традициите од визуелното културно наследство. Овие карактеристики го насочуваат научниот интерес кон прашањето на примената на системите на визуелните комуникации во процесот на оформување на современиот визуелен и воопшто културен идентитет на македонската нација. Согласно со предметот и целта на истражувањето, постулирана е соодветна хипотетска рамка, која ги содржи следниве согледби:

Хипотеза 1: Ако постои македонски идентитет (културен, национален) кој има свој историски континуитет и традиции, тогаш тој мора да има и свој специфичен визуелен идентитет.

Хипотеза 2: Ако постои македонски визуелен идентитет, тогаш тој има свои визуелни специфики и визуелни кодови карактеристични за културата на поднебјето – визуелно културно наследство.

Хипотеза 3: За да се одржи историскиот континуитет на македонскиот визуелен идентитет од традициите до современоста, мора да постои одреден процес на еволуција.

Хипотеза 4: Ако дизајнот има способност да интервенира, да ги движи нештата од една состојба во друга, посакувана состојба, и е алатка за стилизација, трансформација, хибридизација и интеграција, тогаш тој може да биде средство за еволуција на традициската култура во современоста.

Хипотеза 5: Дизајнот, со методологијата за истражување, концинирање (осмислување), развој (оформување) и комуницирање (пренесување), може да биде средство за осовременување на македонскиот визуелен идентитет, преку примена на неговите визуелни специфики и визуелни кодови во современите визуелни комуникации.

***Методологијата на истражувањата*** се темели на историскиот, дескриптивниот, методот на визуелната анализа, методот на семиотска анализа, методот на компаративна анализа и методот на студија на случај. Во него се користени секундарни и примарни извори на истражувања. Секундарните извори се однесуваат на постојни податоци и сознанија од областа на истражувањето (теориски и емпириски), објавени во енциклопедии, книги, збирки на научни трудови, самостојни научни трудови, каталози, статистички анализи, официјални документи, печатени медиуми, електронски извори и слично. Фокусот на емпирискиот дел на трудот произлегува од примарно реализирани теренски

истражувања и експериментални студии спроведени преку развојни проекти и работилници.

**Првата глава** на трудот, насловена *Култура и културно наследство* се состои во приказот на повеќе теориски согледувања за културата и културното наследство. Авторката на трудот заклучува дека културата е производ на свесната природа на човекот и на неговата потреба и способност за „изразување, комуникација, учење, самопотврдување, себеиздигнување и докажување и е кодификациски систем што има важна улога во општествениот живот на човекот". Укажано е дека постојат голем број видови и категории на културата. Трудот се однесува и на високата култура и уметност, како и на народната култура, фолклорот и фолклорните традиции, разновидните подкултури, особени оние што произлегуваат од популарната култура. Аспектот на традицијата е согледан како клучен, бидејќи нејзината смисла се состои од споделување на културните вредности помеѓу генерациите и културно ги премостува просторот и времето.

Историчарот Ерик Хобсбаум тврди дека традицијата може да биде и измислена и дека тоа е неретка практика од 19 век наваму, на што се темели дел од анализата на авторот на трудот. За разликата од обичаите кои се најчесто флексибилни по својата природа, логиката на парадигмата на Хобсбаум е разбрана како модус за можноста за измислување традиции, кои преку механизмот на константното повторување, го постигнуваат ефектот на нова колективна меморија што се поврзува со минатото и се лоцира во иднината. Односот кон културното творештво и кон артефактите на културата е определен од начинот на заедничко живеење и пренесувањето на сеќавањата и навиките од генерација на генерација и од една на друга општествена група.

Прашањето за заштитата на културното наследство особено се интензивира како последица од зголемената мобилност, отвореност на границите и трансферот на стоки, во принцип, а особено во рецентниот момент на општествената стварност. Како последица од ваквите состојби, под покровителство на УНЕСКО во 1970 година е усвоена *Конвенција за механизмите на забрана и спречување на недозволениот увоз, извоз и трансфер на сопственост на културните добра*, а во 1972 година е увоена и *Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство*, за да се поттикне идентификацијата, заштитата и зачувувањето на наследството што е од особена важност за човештвото. Наведено е дека и Р. Македонија е потписник на оваа Конвенција, почнувајќи од 1997 година. УНЕСКО ја води и листата на локалитети на светското наследство, во која се впишани Охридскиот регион (1979) и градот Охрид (1980). Процесите на културната глобализација, исто така, го актуализираат проблемот со стандардизацијата и унификацијата на културните елементи, како и хомогенизацијатата на човековите искуства во глобални рамки. „Културниот империјализам и потрошувачката култура наметнуваат животни стилови со кои се поттикнува материјалното живеење и борбата за социјален статус, а сето ова резултира со згаснувањето на одредени локални културни традиции, вклучително и на тлото на Р. Македонија" – смета

авторката на трудот. Таа ги издвојува некои од уметниците и дизајнерите познати во светски рамки, како Хусеин Чалајан, Мона Хатум и Фаиг Ахмет, кои преку своите дела укажуваат на губењето на локалните творечки традиции во глобалната информатичко-технолошка цивилизација. Така, потребата за заштита на локалните традиции, односно своевидните идентитетски одредници, станува еден од најакутните проблеми на денешнината.

**Втората глава**, со наслов *Културни и национални идентитети*, е посветена на концептуалната операционализација на носечките структурни аспекти непосредно врзани за општиот систем во кој е поставен феноменот што се истражува. Тука се првично определени идеите за индивидуалниот и колективниот идентитет, како и типовите и степените на лојалност кон овие идентитети неопходни од гледна точка на општествената интеграција и кохезија. Како еден од најбитните видови колективни идентитети поврзани со предметот на истражувањето, посочен е националниот идентитет и во тој контекст улогата на културните обележја што се врзани за него, периодот во кој што тој се создава, односно периодот на модерната. Се разбира, не треба да се заборави дека е тоа периодот на создавање на нации - држави, што во принцип претпоставува споделени општествено-политички вредности преку кои се препознаваат припадниците на нацијата. Тука е издвоено мислењето на Давид Милер, кој идентификува пет основни карактеристики на националниот идентитет: „верување, историски континуитет, активен идентитет, определено географско подрачје и заедничка јавна култура“. Неговиот цврст став е дека само преку културните артефакти можат да се пренесат нациналните определби. Традиционалната, народна култура, со своите симболизми ја овозможува „чистотата на идентитетот“ кој е императив за појавата на национализмот, инаку контроверзен феномен, кој освен патриотизам и суштински однос кон своите етнички корени, може да изроди крајно шовинистички и асимилационистички продукти. За решавање на овој проблем, реалната општествена стварност нуди материјал за идејни и правно-политички конструкти како што се мултикултурализмот (почитување на правата на сите култури во една политичка заедница) и космополитизмот од друга страна, чие основно исходиште е дека нема граници во светот во кој живееме. Како што наведува кандидатката, Милер ја посочува потребата од културните политики како институт преку кој се уредуваат односите меѓу културите на национално и меѓународно рамниште. Повикувајќи се на становиштата на Антоанела Петковска која се обидува да го интерпретира учењето на Рејмонд Вилијамс за културата, кандидатката укажува дека постои разлика помеѓу „вистинска“ и „парадна“ културна политика, согласно со степенот на демократија употребен во идентификацијата на главните вредности на една култура. Брендирањето на нацијата, како еден од механизмите на културната политика, се наведува во докторскиот труд, според Воли Олинс, е поврзано со странските инвестиции, извозот и туризмот, а според Сомоѓи Варга, е внатрешно-ориентирана културно-политичка мерка. Нагласено е дека постојат културни политики согласно потребите на обичниот човек, фолклорот е битен идентитетски фокус, за изразување на сопствената културна и национална

припадност. Во овој дел од трудот авторката соодветно одбрала преку творештвото на неколку странски автори (Фрида Кало, Јинка Шонибар и Хусеин Чалајан), како и домашни автори (Димитар Кондовски и Решат Ахмети) да ја демонстрира важноста на присутноста на културните и националните идентитети како движечка сила во современите визуелни уметности и дизајн.

*Македонскиот културен и национален идентитет: социокултурни рамки*е насловот на **третата глава** на трудот. Во неа се прикажани главните карактеристики на социокултурниот контекст на историскиот и современиот конгломерат на македонскиот културен и национален идентитет. Географската местоположба на Македонија на Балканот ја означува нејзината „судбина“ на испреплетени истории и култури, како и на етничките особености на населението, што е основниот лајтмотив за да се направи прегледот на периодите во кои се формирале нејзиниот културен и национален идентитет. Во тој контекст, во трудот се опфатени периодите на предисторијата, антиката, средновековието и Византија, периодот на Отоманската Империја, 19 и прва половина на 20 век – периодот на преродбата, народните востанија и војните (балканските и светските војни), АСНОМ со основите на државноста и повоените години, како и периодот на сувереност и независност на Република Македонија – од 1991 година. Заради аспектот на визуелното со кој е определено ова истражување, акцентирани се достигнувања кои се дел од македонското визуелно културно наследство, како и конкретни артефакти и локалитети каде што тие можат да се препознаат: култните керамички скулптури од неолитот „жена-божица“ од периодот на предисторијата, неолитот како питома и витална култура; епохата на металите со доминантноста на машкиот принцип со македонската бронза, накитот и оружјето кои укажуваат на општествената стратификација; периодизација на антиката особено македонската античка култура, грчката и римската; ранохристијански градови, храмови и други градби со богати мозаици, теракотни икони и други обележја; словенската култура со „паганско православие“ и митологија; појавата на првото словенско писмо – глаголицата, а потоа и кирилицата и дисеминацијата на писменоста преку Охридската книжевна школа и во другите словенски земји; доминацијата на христијанските сакрални градби, византиското фреско сликарство и иконопис, црковните богослужбени ракописи, копаничарството; нагласените промени настанати под влијание на отоманската цивилизација и нејзините верски – исламски корени, во доменот на сакралните објекти и предмети за секојдневна употреба, со посебни укажувања на урбани целини како чаршиите, каде се среќавале македонската, турската и еврејската култура. 19 век во Македонија сродно со тенденциите во Отоманската Империја и на територијата на цела Европа ќе иницира процеси на таканаречната преродба, овозможени со општествените промени, особено со стекната законска рамноправност на населението по етничка и религиска основа, како и на планот на економијата и политиката. Овој период изобилува со културно и уметничко творештво: цркви, мајсторски тајфи на зографи, иконописци и копаничари, селски куќи и покуќнина со етнички симболи карактеризирани со оригиналност, народните носии со

изразената геометриска везбена орнаментика. Посебно значење авторката му дава на феноменот на инфилтрирањето на европскиот начин на живот и облекување (ала-франга), наспроти османлиското наследство во овие сегменти (ала-турка). Навлегувањето на европскиот дух во градската архитектура го предизвикува и го обликува феноменот на дополнителна мултикултурност на градските центри. Будењето на нациите во Европа ја иницира и тенденцијата на постулирањето на македонскиот национален идентитет, без оглед на етногеографските целини што влегуваат во нејзин состав. Етнологијата на културите на тлото на Македонија нагласено станува предмет на истражување, не само на странските, туку и на домашните проучувачи, од кои најпознати се браќата Миладиновци, Марко Цепенков, Ѓорѓи Пулевски. Се јавуваат мислители што истражуваат култури и го дефинираат јазикот како основна одредница на националниот идентитет. Крајот на 19-иот и почетокот на 20-иот век се обележени со прилично брутална асимилација на македонскиот народ и неговата култура, како и со неговата борбата за културна и политичка еманципација. Дел од визуелната култура и дизајнот, кои се предмет на интерес на авторката, произлегуваат од овој период и се поврзани со: револуционерните знамиња, печати, фотографии, облеката на револуционерите и слично.

Еден од најзначајните од периоди од поновата историја на Македонија е периодот по втората светска војна и народноослободителната борба, кога во рамките на пошироката заедница на Југословенските народи се создаваат услови за постулирањето на државноста на Македонија, официјализирањето на македонскиот јазик и формирањето на првите инстуции на власта и оние од областа на културата. Во еден период од пет до десет години, под влијание на социјалистичката култура и колективната свест, новото читање на традицијата и историјата и динамизирањето на процесите за соработка со светот, на полето на уметноста, вклучувајќи ги и визуелните уметности, се одвиваат и се катализираат процеси на влијание на уметнички стилови, како од соц-реалистичка, така и од модернистичка провиниенција. Во тој период, како и во подоцнежните години се забележува силната тенденција за поврзување на современата уметност со националниот фолклор. Во македонската култура од социјалистичкиот период, исто како и во другите југословенски републики, се одвиваат нагласени процеси на индустријализација, урбанизација и миграција село-град, од регион во регион и од земјата во странство. Во еден долг период (со низа контроверзни настани и идејно-политички флуктуирања) културата на поранешна социјалистичка Југославија, значи и на Македонија, речиси потполно се отвара кон прозападни и меѓународни влијанија и современи процеси. Сите овие елементи влијаат не само на високата култура, туку и на постулирањето на темелите на масовната култура од социјалистичка провиниенција. Меѓутоа, во трудот се особено нагласени процесите на девастацијата на руралните области, а со тоа и на руралните традиции и фолклорот, кој понатаму добива стилизиран и комерцијален вид.

Во 1991 година Република Македонија го етаблира својот статус на суверена и независна држава. Тоа значеше промена на општествениот систем, на политичкиот систем од еднопартиски во повеќепартиски, економски промени и

промена на културните парадигми. Во трудот се наведени сите последици на баквите општествени и културни трауматични процеси, со директни реперкусии на процесот на редизајнирањето на националниот и културниот идентитет, чие крајно експлицитно исходиште е проектот „Скопје 2014".

**Четвртата глава,** која претставува една заокружена целина на теориски најрелевантните парадигми за предметот на трудот е насловена *„Визуелна кул̄ура, визуелни комуникации"*. Во овој дел од текстот се поместени клучни содржини кои на минуциозен, интелектуално креативен и мериторен начин, ги елаборираат темелните аспекти на разбирањето и манифестирањето на визуелната култура преку која се остваруваат многу битни процеси на визуелната и интеркултурната комуникација. Вренцоска јукстапозиционира едно прегнантно гледиште во кое стои дека „визуелната култура е еден од суштинските начини на човековото поврзување со светот околу себе преку сетилото за вид, но и преку способноста да ги визуелизира и материјализира, сопствените искуства, пораки и емоции". Посочено е дека историјата на културата сведочи за низа процеси и феномени во кои човекот преку користење на формите, бојата и текстурите, создава покомплексни продукти преточени во знаци, симболи и визуелни идентитети. Ова овозможува уште од предисторијата да се развиваат соодветни, помалку или повеќе сложени системи на комуникација преку кои се препознаваат идентитетите и дивергентните форми на живот и активности на човекот, проследени низ просторот и времето. Проблематиката се однесува на сите сегменти на антрополошкиот хабитус, почнувајќи од сетилноста, свесноста, па се до комуникацијата/општествената интеракција како нотoрен аспект на човекувањето и на можноста да се развие феноменот на општеството и културата. Детално се објаснети сите карактеристики на визуелната комуникација како интеркултурна комуникација: изразните средства, формите и медиумите, структурите и системите. Така, концизно и консеквентно се објаснети елементите на цртежот, сликата, илустрацијата, пиктограмот, типографијата, фотографијата, филмот, видеото, компјутерската графика. Понатаму следуваат анализите на системските и конвенционални/етаблирани форми на комуникација како облеката и украсувањето, хералдиката и инсигниите како и знаковните системи.

Конечно, авторката се задржува на анализите на системските форми во контекст на 21 век, како ера на визуелната комуникација (лого и логотип, визуелен идентитет на производ, корпоративен визуелен идентитет, бренд идентитет и комуникации) посредувана од информатичките технологии, новите дигитални средства во кои се дизајнираат виртуелните простори за комуникација и виртуелна култура, како и нови методи на интеркултурна размена на индивидуално и колективно рамниште (како применета визуелна, материјална, но и виртуализирана комуникација посочен е примерот на норвешкиот грб, во смисла на поедноставено и адаптирано чувство за брендирањето на националниот идентитет, кое е на линијата меѓу современоста и традицијата). Се разбира, во текстот се посочени и атрибуирани значајните општествени процеси на современата цивилизација што влијаат на промените во сферата на визуелната

комуникација и имаат директни импликации врз формирањето на сите видови визуелни идентитети (глобално и локално).

Примарното емпириско истражување, централно за потребите и предметот на трудот, е содржано во **петтото поглавје** во трудот. Насловот на ова поглавје, *Македонски визуелен идентитет: од традиции до современи системи на визуелна комуникација*, е крајно асоцијативно со оглед на фактот дека ја илустрира реализираната анализа на системите на визуелната комуникација кои го определуваат македонскиот визуелен идентитет, и тоа во следниве подрачја: облека и украсување, хералдика и инсигнии, знаковен систем, лого и логотипови, визуелен идентитет на производ, бренд и национално брендирање и корпоративен идентитет. Станува збор за единици на анализа произлезени од споменатите системи, што неоспорно учествуваат во дизајнирањето на културниот и национален идентитет на независна и суверена Република Македонија. Нагласено е дека може да се идентификуваат три периоди кои се клучни за генезата на современиот македонски визуелен идентитет: крајот на 19 и почетокот на 20 век (времето на преродбата и народните востанија, односно времето на националното будење во самракот на Отоманската Империја); АСНОМ и првите години по Втората светска војна (дефинирањето на државноста и равојот на првите институции од културата и уметноста); и периот по распаѓањето на СФРЈ и етабирањето и на новиот национален и државен културен идентитет.

Најзначајниот аспект на традициите во доменот на облекувањето и украсувањето на кои постојано се навраќа визуелната култура на тлото на Македонија произлегува од разновидноста, богатството и посебноста на македонската народна носија. Носијата е особено важна поради својата внатрешна структуираност, како носител на знаковни обележја на локални, регионални, социјални и културни статуси (колективни идентитети). Во доменот на градската облека, во 19-иот век се елаборирани главните две тенденции: едната која е реминисценција на отоманското минато и повеќе карактеристична за патријархални општествени групи (ала-турка), и втората под влијание на европскиот стил на живот и мода (ала-франга) која од друга страна произлегува од потребата за афирмација на општествените групи со повисок општествен статус (новонастаната буржоазија). Промените на визуелниот идентитет во начинот на дизајнирањето на облеката и украсувањето е прикажан во контекст на трите периоди претходно спомнати кај кои најмногу се чувствува промена на визуелните парадигми. Со таа цел, тргнувајќи од некои макроопштествени процеси, како што се прекројувањето на границите, егзодусите и миграциите село-град, елаборирани се главните тенденции во креирањето на надворешниот изглед на граѓаните на Македонија (како во градските, така и во селските средини). Кога индустриското конфекциско производство и феноменот на модата ја преземаат улогата на сигнификатори на статусот, според авторката, се губи значењето на колективниот визуелен идентитет а се нагласува индивидуалниот визуелен идентитет и фаворизирањето на глобалните еклектички модни брендови. Со едуцираните модни креатори во времето на СФРЈ и новиот бран на

модни дизајнери во независна Република Македонија се прави интерпретација на одредени традиции од минатото, преку стилизација и хибридизација.

Хералдичките форми и инсигнииите (печати, грбови, знамиња и пари) се консенквентно анализирани како визуелна симболика која има свој континуитет од појавувањето на цивилизациите, во случајот оние кои што во еден временски континуитет го обележиле тлото на Македонија. Со оглед на специфичноста на историјата на балканските земји вклучително и Македонија, во однос на историјата на некои западноевропски земји, во случајот на Македонија освен традициите произлезени од високата култура, овие форми се подлабоко врзани за визуелниот јазик на народната култура. Цитирањето на историјата е повеќе врзано за севкупното културно наследство пронајдено на тлото на Македонија од праисторијата до денес. Битно е да се нагласи дека во изборот на артефактите што се користени во инсигнииите е секогаш нагласен идејно-политичкиот аспект, како особена карактеристика на хералдиката и инсигнииите воопшто. Критичките согледувања за конципирањето на современиот дизајн на сите овие симболи во современата македонска држава укажува на некои пречки и недоследности во развивањето на денешната визуелна идентитетска логика.

Кај анализата на знаковните системи кои се во примена во Р. Македонија, авторката се фокусирала на доменот на уличните ознаки кои се важни како визуелни идентитети бидејќи се во најширока примена на јавните простои низ целата земја. Уличните ознаки имаат пред сé информативен карактер, но истовремено тие треба да го носат и духот на времето и поднебјето во кое егизистираат. Денешните улични ознаки влечат корени од периодот на СФРЈ, па во таа смисла, укажано е дека постои простор за еволуција на нивниот дизајн во Република  Македонија, во насока на подобро изразување на локалните културни специфики.

Логоата и логотиповите се разгледани низ примерите од времето на СФРЈ и низ спорадичните обиди за еволуирање на нивните форми со елементи од традицијата. Назначено е дека во овој контекст се забележува една ревитализирачка тенденција поврзана со одделни традиции од одредени историски стилови – антика, среден век и слично. Ова не го оспорува фактот на интенцијата за употребата на современи форми и технологии во процесот на визуелните комуникации.

Карактеристиките на визуелните идентитети на производите од областа на стопанството, особено оние од прехранбената индустрија, според Вренцоска, „можат да придонесат кон формирањето на културниот идентитет на една нација и на автентичен национален бренд“. Констатирано е дека бенефитите од ваквиот дизајнерски третман на производите е двонасочен, бидејќи производителот ги инкорпорира потврдените вредности на културното наследство низ препознатлива симболика, а државата од друга страна добива промоција на инхерентните културни вредности со кои што добива конкурентни предности на меѓународниот пазар.

Особено е деликатна проблематиката на корпоративните визуелни идентитети што се однесуваат на државните институции. Анализата на овие

концепти и објекти покажала разноликост во дизајнерско визуелниот пристап, а и некохерентност во самиот дизајнерски концепт, што се разликува од корпоративните визуелни идентитети на некои од западноевропските земји.

Како единици за анализа на феноменост на националното брендирање, во овој докторски труд се разгледани неколку кампањи спроведени во периодот на осамостојувањето на Р. Македонија, како: „Направено во Македонија", „Инвестирајте во Македонија" и „Македонија вечна".

Конечните согледувања покажуваат дека општо земено, културното наследство завзема важно и централно место во современите визуелни идентитети на Р. Македонија. Традицијата пренесена преку визуелните специфики и визуелните кодови е клучна за прикажувањето на визуелната култура на поднебјето во сите нејзини манифестации на културниот плурализам. Според авторката на трудот, тука недостасуваат содржини чија цел би била промовирање на рецентните аспекти на развојот на науката, технологијата, иновациите, индустријата во Република Македонија. Фокусирањето кон антиката и археологијата се идентификувани како доминантни карактеристики во градењето на визуелниот идентитет преку културната политика во Република Македонија, што не влијае секогаш позитивно во градење на нови особени визуелни идентитети кај сите нации.

**Шестото поглавје** претставува структуриран и детален пресек на историскиот развој на современиот дизајн и неговите теоретски аспекти. Посебно место е посветено на спецификите на развојот на феноменот на дизајнот на Балканот и неговото место во Република Македонија. Всушност, овој дел кој е насловен „Дизајн: од занаети преку применети уметности до креативни индустрии" го илустрира времето во кое што се конципира значењето на современиот дизајн во контекстот на индустриската револуција на 19 век. Под силното влијание на технологијата, уметноста, науките и медиумите, дизајнот еволуира од рачните занаети кои што се одликуваат со естетизантност насочена кон разубавување на светот, кон беспоштедното машинско производство, кое сакало или не ги следи „грдите" форми на модерното општество. Укажано е на улогата на образованието, фокусирано на сите аспекти на знаењето, методологијата и вештините потребни за дизајнирање на концепти и содржини. Се разбира, процесите на општествената динамика, освен што почнуваат со формирање на традиционалните видови дизајн (индустриски дизајн, моден дизајн, графички дизајн) иницираат и нови хибридни фоми на дизајн (дизајн на производ, дизајн на ентериери, информациски дизајн, дизајн на визуелни комуникации, итн.) Авторката укажува дека дизајнот е производ на таканареченото дизајнерско мислење и дизајнерскиот процес. Од друга страна, дизајнот на 21 век преку своите структури и манифестации овозможи интеграција на различни креативни и теориски дисциплини, што ја нагласува неговата интердисциплинарност.

Во случајот на Република Македонија, според резултатите на анализите на авторката, постојат низа недоследности во креирањето на кадрите од областа на дизајнот, почнувајќи од непостоењето на државно високо образование од областа

на применетите уметности уште од времето на СФРЈ. Тоа остави простор на приватните високообразовни институции, кои формираа студиски програми за дизајн и ги продуцираа најголемиот број на кадри во државата. Со оваа група на образовани кадри се создава критична маса која придонесува во етаблирањето на креативните индустрии, кои се веќе препознаени од државните институции како област со економски и културен потенцијал, и кои се равиваат и со помош на странските организации како Британскиот совет.

Особено интересен и илустративен дел од емириската анализа на трудот е оној што ја сочинува седмата глава насловена „Студии на случај: еволуцијата на традициите во современ дизајн". Студиите на случај се реализирани на примери од Шкотска, Норвешка и Русија. Авторката нагласува дека богатото културно наследство на Република  Македонија, која има краток период на независност како држава, наложува во анализите да се примени и компаративниот пристап. Во првиот пример е прикажана еволуцијата на шкотскиот тартан, кој како дел од традиционалната машка облека – килт - претставува клановски и национален идентитет, па сè до неговата интернационализација и претворање во глобален моден и маркетиншки симбол. Еволуцијата на руралните народни носии од Норвешка е предмет на проучување на втората студија на случај. Во овој пример се следи развојот на бунадот како типична фолклорна облека до статусот на симбол на националниот идентитет и современа модна облека. И во едниот и во другиот случај, битно е да се спомене дека овие специфични форми на облека се популарни како кај граѓаните, така и кај припадниците на општествените елити. За третата студија на случај, авторката ќе рече дека „визуелниот идентитет на Олимписките игри во Сочи 2014 е пример за национално брендирање на Руската Федерација преку визуелните традиции од руската народна култура и од високата уметност. 27 орнаменти од фолклорните традиции од сите краишта на Русија, како и авангардната уметност на сликарот Казимир Маљевич биле употребени како платформа за создавањето на овој визуелен идентитет, кој се здоби со глобална видливост преку масовноста на настанот и со свое место во историјата на Игрите. Ова брендирање ги вградува визуелните традиции во дизајнот на олимпискиот идентитет со иновативен и конструктивистички пристап, целосно приспособен на дигиталната ера во кое живееме. Со оваа стратегија на национално брендирање се актуализираат фолклорните традиции и авангардната уметност, кои заради политичките услови беа оттргнати од својот природен хабитус и од траекторијата на развој за време на Советската ера".

Во делот наречен „Практични искуства и екпериментални студии", во **осмата глава** Гордана Вренцоска ни ги презентира своите искуства стекнати од посматрање со учество во четири македонски проекти, кои го тестираат системскиот пристап во поврзувањето на дизајнот и визуелното културното наследство: уметничко-истражувачкиот проект „Македонски фолклор"; работилницата за развој на нови производи од областа на уметничкото занаетчиство од програмата за дизајн менторство на МАТА/УСАИД; работилницата за редизајн на производи од здрава и органска храна – редизајн на визуелни идентитети и дизајн на амбалажа; и научно-истражувачкиот проект

„Модата и културното наследство". Сумарниот заклучок од осмото поглавје е дека македонските дизајнери во последната деценија пројавуваат зголемен интерес за народното творештво и македонскиот фолклор. Преку дизајнот, така, му се дава нов облик на културното наследство, и на тој начин тој станува средство за обединување на занаетите, уметноста, новите медиуми и новите технологии.

**Заклучните согледувања** претставуваат концизен и консеквентен преглед на сознанијата до кои е дојдено по пат на теориска и емпириска анализа, што ја дообјаснува аргументацијата неопходна за докажување на основната хипотеза која во основа се состои во фактот дека дизајнот ги има сите предуслови да биде средство за еволуција на традициите од визуелното културно наследство, а во таа насока и за создавање на современ македонски визуелен идентитет. Наведени се причините за остварување на оваа цел: интердисциплинарниот карактер на дизајнот, системски пристап кон дизајнот, методологијата на дизајнирање, способноста на дизајнот на интегрирање и хибридизација на повеќе различни елементи, способноста за редукција и отфрлање на „вишокот", а на крај и заради постоење на формално и неформално образование во дизајнот, како и владините и невладините иницијативи за поддршка и развој.

Заклучните согледувања ја упатуваат и инспирираат авторката на трудот да образложи сугестии и **препораки** за натамошниот развој и етаблирањето на дизајнот и неговата улога во процесите на еволуцијата на традициите од визуелното културно наследство. Тука се наведени различните форми на конципирање на образовните политики, потоа аспекти на културните политики кои се однесуваат за формирањето на нови музеи и оддели за применети уметности и дизајн при постојните национални и локални музеи во Р. Македонија (ова ја подразбира и едукацијата на кустоси за дадената проблематика). Не се од помала важност и изложбите и презентациите на дизајнот во национални и меѓународни рами. Укажано е на потребата да се овозможи трансфер на знаење, заштита и достапност на народното творештво и другите области на визуелното културно наследство преку принципот на дигитализацијата, дигиталната шематизација и етаблирањето на соодветни национални регистри. Со ова би се зголемила изложеноста и нивната примена, а следствено на тоа и нивната еволуција во современи дизајнерски рамки и во пошироката област на креативните индустрии.

Импозантниот број на професионално избрани релевантни библиографски единици, како и стручно конципираниот речник на поими, методолошки го заокружуваат сложеното ткиво на предметот на истражување на докторскиот труд.

Изучувањето на оваа тема во рамките на ***визуелнаūа кулūура***, која е ***инūердисциūлинарна*** област, налагаше истражувања во повеќе научни области и комбинирање на различни методи во тие истражувања.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Гордана Вренцоска, со наслов: „Македонски визуелен идентитет: дизајнот како можност за еволуција на традициите од визуелното културно наследство“, претставува истражување кое главно припаѓа на областа на дизајнот и визуелните комуникации. Теориските и емпириските анализи (хевристичкиот и епистемолошкиот хабитус) во трудот покажуваат една широка лепеза на интердисциплинарни знаења и вештини на истражување и од областа на етнологијата, фолклористиката, социологијата на културата и уметноста, како и историјата на уметноста.

Слободно може да се заклучи дека предложената докторска дисертација претставува обемна и досега единствена од ваков тип студија, која не само што ги обработува сите аспекти на дизајнот, туку го втемелува патот за препознавање на основните компоненти кои го дефинираат македонскиот визуелен идентитет во еден истриски, хронолошки контекст.

Сознанијата од истражувањето, кои аргументирано ги потврдуваат сите хипотези, се драгоцен компендиум на знаење за понатамошна примена во практиката на дизајнерите, уметниците, занаетчиите, но и натамошното конципирање на теоријата и историјата на дизајнот и визуелните комуникации во Р. Македонија, за потребите на педагошките и научните работници, студентите, истражувачите, владините и невладините институции.

Деталната структурираност на одделните делови во трудот, деликатно избраните визуелни илустрации, како и литературата што опфаќа широк спектар на сознанија од различни научни области дополнително ја зголемуваат вредноста на трудот.

Јазичната и стилската дефинираност на текстот говорат за потентноста на интелектуалниот хабитус на авторката и овозможуваат прецизна идентификација на добиените сознанија.

Со оглед на наведените доблести на трудот „Македонски визуелен идентитет: дизајнот како можност за еволуција на традициите од визуелното културно наследство“, поднесен од кандидатката м-р Гордана Вренцоска, Комисијата има чест на Научниот совет на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје да му предложи да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација.

КОМИСИЈА:

1. **Проф. д-р Ермис Лафазановски, претседател с.р.**
2. **Проф. д-р Антоанела Петковска, ментор с.р.**
3. **Проф. д-р Катерина Петровска-Кузманова, член с.р.**
4. **Доц. д-р Јасминка Ристовска-Пиличкова, член с.р.**
5. **Доц. д-р Иванка Апостолова, член с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА – СКОПЈЕ

### Магистерски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Нада Андоновска | Нематеријалното културно наследство и неговиот третман во меѓународни рамки и во Република Македонија | Intangible Cultural Heritage and its Treatment in the International Field and in the Republic of Macedonia | проф. д-р Маја Јакимовска-Тошиќ | 12 – 55/17 од 22.2.2016 |
| 2. | Антонио Геговски | Фрескосликарската традиција како инспирација во македонското современо сликарство | Fresco Painting Tradition Inspired the Macedonian Contemporary Painting | проф. д-р Александар Прокопиев | 12 – 55/18 од 22.2.2016 |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ВО ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за национална историја во Скопје, на седницата одржана на 22.2.2016 година (со Одлука бр.02-80/2 од 2.3.2016 година), нè именува за членови на Рецензентската комисија по пријавата на д-р Лидија Ѓурковска, доцент-истражувач во ИНИ, по објавениот конкурс во весникот „Утрински весник” од 4.2.2015 година за предвремен избор во научно звање. Комисијата во состав: проф. д-р Вера Гошева, проф. д-р Надежда Цветковска и проф. д-р Македонка Митрова, по разгледувањето на доставените материјали кон пријавата, има чест до Советот на Институтот за национална историја да го достави следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Д-р Лидија Ѓурковска е родена на 12.9.1980 година во Скопје, каде што го завршила основното и средното образование (гимназија). Во 2004 година дипломирала на на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј” во Скопје Филозофски факултет-Институт за историја. Деканатот ја наградил со диплома за одличен успех која се доделувала за првите 10 најдобри студенти во генерацијата. Во текот на студиите партиципирала во повеќе програмски и вонпрограмски студиски и други проекти. Во 2009 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”- Институт за национална историја во Скопје, магистрирала на темата со наслов “Социјалната структура на населението во Скопскиот округ (според пописот на населението од 31 март 1931 година)”. Во 2012 година на Универзитетот „Св Кирил и Методиј”- Институт за национална историја во Скопје, докторирала на темата со наслов: „Стопанските прилики во Скопје меѓу двете светски војни”.

Д-р Лидија Ѓурковска во 2001 година, во рамките на Пактот за стабилност за Југоисточна Европа, била на студиски престој во СР Германија –Брауншвајг, а во текот на 2002 година, по покана на Музејот на жива историја и Универзитетот во Вирџинија-Вилиамсбург, САД, била на четirimесечен престој. Овие престои ѝ овозможиле не само научно и стручно доизградување, туку и изучување и усовршување на германскиот и англискиот јазик, кои активно ги владее.

Таа има работено на одредено време во Државниот архив на Р. Македонија, централен дел и Подрачна единица – Скопје, како асистент на стручната екипа за изработка на Водичи во фондовите на ДАРМ (крај на 2005 и почеток на 2006 година) и во ОУ “Мирче Ацев” во општина Ѓорче Петров, како наставник по историја и граѓанско образование (2007-2010 година). Од јануари 2010 година е вработена како асистент – истражувач во Одделението за Историја на македонскиот народ 1913-1941 година.

На 1.7.2013,со одлука на советот на ИНИ избрана е во научното звање доцент.

Во периодот од последниот избор до денес, д-р Лидија Ѓурковска, во рамките на програмските активности на Институтот за национална историја, како и во нејзината основна научна преокупација, продолжила активно да ги истражува и научно да ги проучува настаните и процесите поврзани со историјата на Македонија во периодот меѓу двете светски војни, со посебен акцент на градот Скопје.

Д-р Лидија Ѓурковска, за потребите на својата работа, извршила значајни истражувања во Архивот на Југославија, Белград, во Архивот на Македонија - Скопје, како и во повеќето библиотеки во земјата.

Од тоа што е објавено може да се констатира дека во научната преокупација на д-р Лидија Ѓурковска е присутно проучувањето и расветлувањето на прашања и проблеми, пред сè од историјата на македонскиот народ во периодот меѓу двете светски војни.

Д-р Лидија Ѓурковска со своите реферати има настапено на: IV македонски конгрес на историја на медицина со меѓународно учество, 18-19 април 2013, Македонска асоцијација за историја на медицина - Штип и Музеј на македонската борба за државност и самостојност - Скопје, со наслов „Проф. д-р Бранислав Никодијевиќ,Фармаколог и хроничар на Историја на медицината" на научниот собир: „Неуспехот на галиполско-дарданелскиот успех на Македонскиот фронт", МАНУ, 11.12.2014; научната конфренција: "The social life of the Albanians in Skopje and surrounding area between two World Wars", со реферат: "Морбилитетот и морталитетот во Скопје и неговата околина меѓу двете светски војни", 14-15.10.2015; На меѓународениот научен собир на тема: „Конзулска Битола и историските, современите и идните културни и уметнички врски меѓу Р. Македонија и Р. Србија", со реферат: „Улогата на работничко-уметничкото друштво "Абрашевиќ" во Битола, во периодот меѓу двете светски војни" и реферат "Битола низ страниците на Општинске новине-службен весник на општина Битола од 1913 година", 31.05 и 1.6.2013, Битола на меѓународен симпозиум „100 години од Балканските војни", 4-5 ноември 2013, ИНИ, "Економските последици од Балканските и Првата светска војна во вардарскиот дел на Македонија" на меѓународната научна конфренција:"Евреите во Македонија: историја, традиција, култура, јазик и религија", со реферат: "Д-р Елена Каваева Етингер",18-19.12.2014; На меѓународна конференција: „Македонија и Полска во модернизациските процеси во XIX и XXI век: историја-политика-јазик-култура-литература", со реферат: Дејноста на Хигиенскиот завод-Скопје во Кралството СХС/Југославија, 26-27.5.2015; На меѓународниот научен собир на тема: Афирмација, продлабочување и проширување на

вековните културни врски меѓу Р. Македонија и Р. Србија, со реферат: ”Театарот во Битола меѓу двете светски војни”, 22-23.5.2015.

Значајната истражувачка активност на д-р Лидија Ѓурковска, проследена со комплексна научна анализа на бројните историски податоци содржани во истражената архивска документација и во консултираната литература, резултирала со објавување на повеќе научни трудови ,како во научни списанија, така и во зборници од научни симпозиуми и конференции, меѓу кои се следниве: Фактори за развој на стопанството во Скопје меѓу двете светски војни, ГИНИ, год.56, бр.1-2, Скопје 2012, 107-123; Администативно-територијалната поделба во вардарскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни (1919-1941), Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Битола, “Зборник на трудови “Битола 2013, 53-67; Прехранбената индустрија во Скопје меѓу двете светски војни, Географски разгледи, бр.47/2013, Скопје, 2013,59-870; Улогата на работничкото друштво „Абрашевиќ" во Битола во периодот меѓу двете светски војни, Зборник на трудови од меѓународен научен собир: Конзулска Битола и историските, современите и идните културни и уметнички врски меѓу Р.Македонија и Р.Србија, Битола, 2014, 261-265; Битола низ страниците на оптштинске новиен, Службен весник на општина Битола од 1913, Зборник на трудови од меѓународен научен собир: Конзулска Битола и историските, современите и идните културни и уметнички врски меѓу Р.Македонија и Р.Србија,Битола, 2014, 2477-483; Економските последици од балканските и првата светска војна во индустријата во вардарскиот дел на Македонија, Зборник на ИНИ, Балканот: Луѓе, војни и мир, по повод 65 години од ИНИ, Скопје, 2015, 221-228; Аграрната структура на тетовскиот округ (според пописот на населението од 31 март 1931 година), Историја, год. XLIX, бр.1, ЗИРМ; Скопје 2014, 249-255; Состојбите во занаетчиството во Скопје меѓу двете светски војни, ГИНИ, год.57 бр.1-2, Скопје 2013, 109-121; Бошњаците во Македонија во текот на XX век со посебен акцент на културата и просветата,Скопје, Гласник на ИНИ, год.58, бр.1-2, 173-175,Приказ; Состојбите во образованието во вардарскиот дел на Македонија 1918-1941, Philological studies,2014. 71-81; The parliamentary elections in Vardar Macedonia within the Kingdom of Yugoslavia (1919-1939),, Македонски Политиколошки Форум, е-Зборник на трудови, год, II, бр.3, јануари 2015,36-54; Дискусијата на Павел Шатев на седницата на Второто редовно заседание на Уставотворното собрание на НРМ од 25.12.1946 година, Зборник на трудови, Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Битола, Битола, 2015, 61-69; Аграната структура на Тиквешкиот округ (според пописот на населението од 31 март 1931), Гласник на ИНИ, год.59, бр.1-2, ИНИ, Скопје, 2015, 171-177; Д-р Елена Каваева, Зборник на трудови „Евреите во Македонија: Историја, традиција, култура, јазик и религија”.ЕЗРМ, Скопје, 2015, 201-211; д-р.Елена Каваева Еттингер, Зборник на трудови „Jews in Macedonia:History, tradicion,culture,language and religion,”.ЕЗРМ, Скопје, 2015,197-207; Апстракт објавен од конференцијата

„Jews in Macedonia:History, tradicion,culture,language and religion”.ЕЗРМ, Скопје, 2015.

Исто така, кандидатката учествувала и во реализација на следниве проекти: како учесник во проектот „Евидентирање, фотографирање, снимање, организирање на видео материјали и разговори со Македонците протерани од Егејска Македонија, Министерство за култура на РМ (тековно);” како соработник во проектот „Праведни меѓу народите од Македонија “.

Покрај научноистражувачка дејност, д-р Лидија Ѓурковска, учествува во реализација на постдипломските студии при ИНИ на студиска група социјално-економска историја на Македонија. Таа е ментор на магистерскиот труд: „Стопанските прилики во Куманово меѓу двете светски војни" од кандидатката Маргита Жиројевиќ, со Одлука на научниот совет од 3.4.2014. Д-р Лидија Ѓурковска активно е вклучена со учество во комисии за оцена и подобност како и во комисии за одбрани на магистерски и докторски дисертации, и тоа: член на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација „Активностите на политичката организација Џемиет” од кандидатот Скендер Асани, со одлука на советот на ИНИ од 11.9.2013; член на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација „Верските заедници во вардарскиот дел на Македонија” од кандидатот м-р Рејхан Мандак, со одлука на Советот на ИНИ од 2.7.2015. Во рамките на наставната дејност, таа на 6.4.2015 одржала предавање во Институтот за духовно и културно наследство на Албанците, во рамките на предметот методологија, на студиската група: „Историја и меѓународни односи" на тема: „Изработка на магистерски труд и начин на цитирање".

Наставно-научната дејност на д-р Лидија Ѓуркосвка се надополнува и преку нејзиното учество во организациони, редакциски и уредувачки одбори на меѓународни конференции, како и нивен секретар: секретар на интернационалната научна конференција The Balkans: People, Wars and Peace, 3-4 ноември 2013, ИНИ, Скопје; член на уредувачкиот одбор на книгата „Историја на институтот за национална историја (65 години ИНИ)", Скопје, 2013; секретар на меѓународната научна конференција: Евреите во Македонија: историја, традиција, култура, јазик и религија, МАНУ 18-19 декември 2014; член на организациониот одбор на меѓународната научна конференција: Евреите во Македонија - историја, традиција, култура, јазик и религија, МАНУ 18-19 декември 2014; Уредник на Зборникот на трудови „Евреите во Македонија: историја, традиција, култура, јазик и религија”.ЕЗРМ, Скопје, 2015; Рецензент на Зборникот на трудови „Евреите во Македонија:Историја, традиција, култура, јазик и религија”.ЕЗРМ, Скопје; уредник на Зборникот на ИНИ, Балканот: Луѓе, војни и мир, по повод 65 години од ИНИ, Скопје, 2015; рецензент на Зборникот „Балканот:Луѓе, војни и мир" ИНИ, 2015, Скопје.

Исто така, д-р Лидија Ѓурковска учествува во изработка на изложбата на документи и фотографии: „Граѓанската храброст во тешки времиња”.

Земјаќи го  предвид наведеното, како и податоците дадени во прилогот на овој извештај, Рецензентската комисија констатира дека д-р Лидија Ѓурковска во целост ги исполнува условите за предвремен избор во научното звање виш научен соработник-вонреден професор, пропишани со Правилникот за начинот и постапката за избор во повисоко научно звање, Правилникот за постапката и поблиските критериуми за предвремен избор во научни звања (Сл.весник на РМ бр.82/09) и Правилниот за утврдување на дополнителни критериуми за избор во повисоко научно звање и за предвремен избор во научно звање на ЈНУ Институт за национална историја.Преку споредба на доставените документации меѓу двата избора, како Комисија утврдивме дека не постои преклопување на приложените референци.

Затоа, имаме задоволство и чест на Советот на Институтот за национална историја да му предложиме кандидатката д-р Лидија Ѓурковска предвремено да биде избрана во научното звање виш научен соработник-вонреден професор.

Рецензентска комисија

1. Проф.д-р Вера Гошева с.р.

2.Проф.д-р Надежда Цветковска с.р.

3.Проф.д-р Македонка Митрова с.р.

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Лидија Ѓурковска**

**Институција: Институт за национална историја**

**Научна област: Историја**

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА (НИ)**

**НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ (НН)**

**СТРУЧНО АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ (СА)**

| **Реден број** | **Назив на активноста** | **поени** |
|---|---|---|
| 1. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание | 18 |
| 2. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор | 36 |
| 3. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови со меѓународен научен/стручен собир | 10 |
| 4. | Апстракт објавен во зборник од меѓународна конференција | 1 |
| 5. | Учество на национален научен собир | 2 |
| 6. | Учество на меѓународен научен /стручен собир | 10,5 |
| 7. | Учесник во научен проект | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | Предавање одржано на официјална покана на научна и образовна институција | 2 |
| 9. | Член на организационен одбор на меѓународен научен собир | 1 |
| 10. | Прегледен натпис во научно списание | 1 |
| 11. | Ментор на магистерска работа | 3 |
| 12. | Член на комисија за подобност на тема и кандидат за магистерска работа | 0,5 |
| 13. | Член на редакциски одбор во зборник | 1 |
| | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат | 2 |
| | Рецензент на научна монографија | 4 |
| 14. | Уредник на зборник на трудови од меѓународен научен собир | 4 |
| | Секретар на научна конференција | 2 |
| | Член на уредувачки одбор на монографија | 1 |
| | Учество во подготовка на музејска поставка | 1 |
| Вкупно: | | 102 |

Рецензентска комисија

1. Проф.д-р Вера Гошева с.р.

2. Проф.д-р Надежда Цветковска с.р.

3. Проф.д-р Македонка Митрова с.р.

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) БОЛЕСТИ НА РИБИ, ПЧЕЛИ И ДИВЕЧ НА ИНСТИТУТОТ ЗА СТОЧАРСТВО ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје/Институт за сточарство - Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија" и „Лајм" од 7.11.2015 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) болести на риби, пчели и дивеч, и врз основа на Одлуката на Научниот совет, бр. 0201-828, донесена на 18.12.2015 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Нада Плавша, вонреден професор на Земјоделскиот факултет (Департман за ветеринарна медицина) при Универзитетот во Нови Сад, Република Србија, д-р Николина Новаков, доцент на Земјоделскиот факултет (Департман за ветеринарна медицина) при Универзитетот во Нови Сад, Република Србија и д-р Васил Костов, редовен професор на УКИМ, Институт за сточарство - Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) болести на риби, пчели и дивеч, во предвидениот рок се пријави само д-р Александар Цветковиќ.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Александар Цветковиќ е роден на 31.3.1977 година во Делчево, Република Македонија. Средно образование завршил во СОУ „Јане Сандански" во Струмица, во 1995 година. Со високо образование се стекнал на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Дипломирал во 2002 година, со просечен успех 8,83.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2005/2006 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Студиите ги завршил во 2009 година, со просечен успех 10,00. На 11.2.2009 година го одбранил магистерскиот труд на тема: „Примена на автогена вакцинација за контрола на јерсиниозата (*Yersiniosis salmonis*) во салмонидната аквакултура во Република Македонија" и се стекнал со звањето магистер на ветеринарни науки од областа биологија и патологија на риби.

Докторска дисертација пријавил на 31.10.2011 година на Факултетот за биотехнички науки при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола. Дисертацијата на тема: „Преваленца на оштетувањата на перките како индикатор за благосостојбата на фармски одгледуваната виножитна пастрмка во Република Македонија" ја одбранил на 11.4.2013 година, пред Комисија во состав: д-р Ванѓел Стевановски, редовен професор на Факултетот за биотехнички науки во Битола, д-р Васил Костов, вонреден професор на УКИМ, Институт за сточарство - Скопје, д-р Љупче Кочоски, редовен професор на Факултетот за биотехнички науки во Битола, д-р Драги Петковски, редовен професор на Факултетот за биотехнички науки во Битола и д-р Митре Стојановски, редовен професор

на Факултетот за биотехнички науки во Битола. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на биотехнички науки од научната област болести на риби, пчели и дивеч.

На 18.5.2009 година е избран во звањето асистент по предметот биологија и патологија на рибите и на пчелите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Во моментот е соработник во Ветеринарниот институт при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 962 од 2009 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 891 од 15.2.2006 година и Билтен бр. 962 од 15.4.2009 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за ветеринарна медицина, кандидатот д-р Александар Цветковиќ изведувал вежби и теренска настава на интегрираниот прв и втор циклус студии по предметите: биологија и патологија на риби и пчели, биологија и патологија на риби и биологија и патологија на пчели на студиската програма ветеринарна медицина. Кандидатот д-р Александар Цветковиќ е автор на наставната програма за 15 предмети на Факултетот за ветеринарна медицина (Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје бр. 0201-2782/16-1 од 13.9.2010 година).

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот нема оценка од самоевалуација од студентите, бидејќи во периодот кога ги држел вежбите самоевалуацијата не била воведена.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Александар Цветковиќ има објавено вкупно 41 научен труд, од кои 3 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 8 труда во меѓународни научни списанија, 2 труда во научно/стручно списание, 1 труд во научно - популарно списание, 15 труда во меѓународни научни публикации и 12 труда во зборници од научни собири.

За овој избор кандидатот ги пријавува следниве 28 трудови за рецензија:

1. Stojanovski S., Hristovski N., Cakic P., Cvetkovic A., Atanassov G. and Smiljkov S. (2008) Fauna of monogenean trematodes - parasites of cyprinid fish from Lake Dojran (Macedonia). Natura Montenegrina 7 (3), 389-398.

Во трудот е опишана фауната на моногените трематоди кај краповидните риби во Дојранското Езеро. Вкупно се испитани 7 видови на риби и кај сите е утврдено присуство на 8 видови трематоди. Најчесто застапени биле *D. suecicus* и *D. similis*. Сите утврдени паразити се први наоди на овие трематоди во ихтиопаразитофауната на Дојранското Езеро и Република Македонија.

2. Stojanovski S., Hristovski N., Cakic P., Atanasov J. and Cvetkovic A. (2009) Daktylogyrid monogenea in tne fishes from the Lake Dojran, Macedonia. 1st Conference on

Conservation and Management of Balkan Freshwater Fishes, Book of Abstracts, Ohrid, R. Macedonia.

Во трудот се опишани моногенеите од родот *Dactylogyrus* кај рибите во Дојранското Езеро. Од вкупно испитаните примероци, кај 86 риби било утврдено присуство на овие паразити. Најголем интензитет на инфестација имало со *D. difformis* и *D. suecicus*. Овие трематоди се нови наоди во ихтиопаразитофауната на Дојранското Езеро и Република Македонија.

3. Hristovski M. and Cvetkovik A. (2009) Brucellosis in wildlife. MetaNET Project Thematic Scientific Conference BRUCELLOSIS IN SEE AND MEDITERRANEAN REGION, Book of Abstracts, Struga, R. Macedonia.

Во трудот е опишано значењето на бруцелозата кај дивите животни и е даден посебен акцент на зоонотскиот потенцијал на различните нејзини причинители. Опишано е и значењето на вакцинацијата како превентивна мерка против бруцелозата кај дивечот и дадени се насоки за правилно справување со оваа посебно опасна зооноза.

4. Hristovski M., Cvetkovik A. and Radeski M. (2009) Implementation of biosecurity as prime preventive measures in farming animals. International Scientific Conference “Knowledge - Capital of the Future”, Annual Proceedings, Ohrid, R. Macedonia.

Во трудот е опишано значењето на биосигурносните мерки при фармското одгледување на животни. Авторите даваат посебен акцент на мерките кои вклучуваат изолирање на болните животни, карантин за нововнесените животни во фармата, ограничено и регулирано движење на посетителите и вработените лица во фармата, контрола на движењето на животните, соодветна примена на опремата, здрава и квалитетна исхрана, како и процедури за санитација и дезинфекција.

5. Hristovski M., Cvetkovik A. and Radeski M. (2009) One Health - Health For All. International Scientific Conference “Knowledge - Capital of the Future”, Annual Proceedings, Ohrid, R. Macedonia.

Во трудот детално е опишан концептот на „едно здравје” и значењето на соработката помеѓу хуманата и ветеринарната медицина. Постигнатиот синергизам би ја унапредил грижата за здравјето во 21 век преку забрзување на откритијата во биомедицинските истражувања, зајакнување на ефикасноста на јавното здравство, проширување на основата за научното знаење и подобрување на медицинското знаење и клиничката нега.

6. Cvetkovik A., Hristovski M., Stojanovski S., Mrenoski S. and Cvetkovik I. (2009) Autogenous vaccination for control of yersiniosis (yersiniosis salmonis) in the salmonid aquaculture in Republic of Macedonia. Macedonian Veterinary Review 32 (1), 29-35.

Во трудот е опишано производството на автогена вакцина од изолат на *Yersinia ruckeri* и нејзиното тестирање во теренски услови. Со утврдената исклучително ниска смртност кај вакцинираните единки, авторите заклучуваат дека имунизираните единки се стекнале со висок степен на специфична отпорност и го потврдуваат значењето на автогената вакцинација во комерцијалното салмонидно производство.

